Република Северна Македонија

Министерство за локална самоуправа

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН 2024 - 2026 НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА 2021 – 2026, ЗА 2024 ГОДИНА

Скопје,
декември, 2025 година


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3931
www.dils.gov.mk

Министерството за локална самоуправа ја поднесува оваа информација до Владата на Република Северна Македонија, имајќи ја предвид Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година, усвоена од страна на Владата на Република Северна Македонија на Шеесет и шестата, одржана на 20 април 2021 година, а со цел да се информира Владата за досегашните преземени активности за имплементација на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година и на Акцискиот план за спроведување на Програмата, за периодот 2024-2026 година.

Извештајот е подготвен со техничка и експертска поддршка од УНДП, во рамките на Проектот „Зајакнување на општинските совети“ Втора фаза, кофинансиран од Владата на Република Северна Македонија – Министерство за локална самоуправа и Швајцарската Влада.

Цел на подготовката на Извештајот за спроведувањето на Акцискиот План 2024 - 2026 на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 за периодот октомври 2024 - август 2025 година е низ партиципативен процес да се оцени степенот на остварување на очекуваните резултати односно да се оцени спроведувањето на генералната и специфичните цели на Програмата преку сеопфатен увид во степенот на спроведување на предвидените активности.

Извештајот е подготвен од страна на Министерството за локална самоуправа со учество на владиното Координативното тело за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година и на акциските планови, кое даде придонес во обезбедувањето на потребните податоци и информации за реализација на предвидените активности, и техничка помош и експертска помош на УНДП низ проектот „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“ финансиран од страна на швајцарската Влада и Министерството за локална самоуправа.

За подготовка на Извештајот беа спроведени следниве методолошки чекори:

- Активирање на електронска алатка за известување за реализација на активности од Акцискиот план 2024-2026 година;
- Анкетно истражување на носителите на спроведувањето на активности од Акцискиот План 2021 - 2023 спроведено во 2024 година (со учество на 57 општини);
- Годишно истражување на задоволството на граѓаните од локалните услуги 2024;
- Три одржани седници на Координативното тело за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 со акциски планови;
- Одржана посебна седница на Координативното тело за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 со акциски планови, на 26.09.2025 година на која беше разгледан текстот на Извештајот;
- Спроведен е процес на координација и соработка со сите носители на активности со цел барање и прибирање на податоци за лица кои беа номинирани од носителите на активности за одговорни за внесување на податоци во електронската платформа за известување.

Извештајот содржи податоци кои беа внесени во електронската платформа за известување од страна на номинираните лица за внесување на податоци во платформата, секој во рамките на активностите за чие спроведување е назначена како одговорна институцијата од каде тоа лице е номинирано. Истотака, Извештајот содржи податоци добиени преку обезбедени одговори од страна општините за активности за чијашто


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3931
www.dils.gov.mk

реализација се надлежни единиците на локалната самоуправа. Вкупно 65 општини внесоа податоци за реализирани активности.

Во Извештајот се резимирани најсуштинските информации и клучните наоди поврзани со спроведувањето на предвидените активности со Акцискиот план 2024 - 2026, за секој од приоритетите и поврзаните мерки од ПОЛРД 2021 – 2026. Во него е содржан краток наративен и статистички преглед на добиените одговори за периодично известување за напредокот на Акцискиот план за спроверување на Програмата за одржлив развој и децентрализација 2021-2026, за период 2024-2026, како и содржи и листа на институции кои се носители на активности во Акцискиот план, но немаат доставено известување за статусот со реализацијата на планираните активности.

Составен дел на оваа Информација е табеларен преглед изведен од електронската платформа за известување, којшто ја прати структурата на самиот Акциски план, поделен по активности, за секоја од предвидените мерки и приоритети од Програмата за одржлив локален развој и децентрализација, 2021-2026 година.

## Краток наративен и статистички преглед на добиените одговори за периодично известување за напредокот на Акцискиот план за спроверување на Програмата за одржлив развој и децентрализација 2021-2026, за период 2024-2026

Акцискиот план 2024-2026 за спроведување на Програмата за одржлив развој и децентрализација се состои од 209 специфични активности, распределени во 4 специфични компоненти. За вкупно 152 активности од акцискиот план надлежните институции доставиле информации (72.7%) од активностите, односно за 57 активности нема известување од надлежните институции (27.3% од активностите). 107 од активностите се во тек (51.2% од вкупниот број на активности), 23 активности не се започнати (11% од вкупниот број на активности) согласно известувањата од надлежните институции и 22 активности од акцискиот план се веќе реализирани и завршени (10.5% од вкупниот број на активности).





Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3931
www.dils.gov.mk




## Податоци по компоненти

1. Компонентата еден, „Нормативна рамка и финанирање на локалната самоуправа“ има 50 активности, од кои за 4 (8% од активностите во компонентата) нема информации. 34 активности од оваа компонента се реализираат во моментов и се во тек (68%), 8 активности не се започнати од оваа компонента (16%), додека пак 4 активности се завршени (8%) од оваа компонента.

2. Компонентата два „Иновативен и инклузивен локален економски развој“ се состои од 20 активности, при што во досегашниот известувачки период институциите не известиле за 4 активности (20%), една релизирана активност (5%), 3 активности не се започнати (15%), и 12 активности се реализираат во моментот на известување (60%).

3. Компонентата три „Квалитетни локални услуги со целосен опфат на населението“ има вкупно 55 активности, од кои за 11 (30.9%) нема доставени информации за статус на имплементација. 26 (45.5%) од активностите на оваа компонента се во тек, 12 се реализирани и финализирани (18.1%), 6 не се започнати во известувачкиот период (5.5%).

4. Компонентата четири, „Зголемена отпорност и одржлив развој на локалната самоуправа“ има вкупно 84 активности. Од вкупниот број на активности во оваа компонента, за 38 активности нема известување од страна на надлежните институции (45.2%), 6 активности во рамки на оваа компонента е известено дека не се започнати (7.3%), 35 активности се известени дека се во тек (41.6%), додека пак 5 активности се известени како завршени (5.9%).


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3931
www.dils.gov.mk




## Институции кои не доставиле информации за одредени активности на АП 2024-2026 по изминување на роковите утврдени во Заклучокот на Владата на Република Северна Македонија, од Сто дваесет и четвртата седница, одржана на 4 ноември 2025 година.

**Број на активности за кои не известиле институции[1]**

| Институција | Број на споменувања |
|---|---|
| МЖСПП | 22 |
| МСПДМ | 5 |
| МТ | 5 |
| МКТ | 5 |
| ЦУК | 3 |
| МЗ | 3 |
| ЦСР | 2 |
| МС | 3 |
| МОН | 3 |
| ЗЕЛС | 1 |
| ДЗС | 3 |
| МЗШВ | 2 |
| ЈКП | 2 |
| МОУО | 2 |
| Здруженија основани од физички лица | 2 |
| МЈА | 1 |

[1] За една активност постои можност повеќе институции за бидат надлежни.


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3931
www.dils.gov.mk

| | |
|---|---|
| МЕРМС | 1 |
| АВРСМ | 1 |
| ЦОВ | 1 |
| ТППЕ | 1 |
| Национален совет за одржлив развој | 1 |
| Институции од каде се трансферираат дотации, надлежни министерства | 1 |

| **Општини кои не доставиле информации преку електронски прашалник:** |
|---|
| Општина Арачиново |
| Општина Бутел |
| Општина Чаир |
| Општина Сарај |
| Општина Валандово |
| Општина Врапчиште |
| Општина Желино |
| Општина Кочани |
| Општина Македонска Каменица |
| Општина Пласница |
| Општина Петровец |
| Општина Струга |
| Општина Студеничани |
| Општина Теарце |
| Општина Штип |
| Општина Чашка |

## Анализа за временоста на активностите, до крајот на 2024

Од вкупниот број на активностите (209), 11 се со временска рамка до крајот на 2024 година. Од 11-те активности кои биле предвидени да завршат со крајот на 2024 година, за 6 нема доставени информации од страна на надлежните институции, 2 не се започнати со реализација, додека пак 2 се навремено реализирани со завршетокот на 2024 година. 1 активност се уште се во фаза на реализација, до затварањето на известувачкиот период (август 2025).

Активности кои до крајот на 2025 година треба да бидат завршени, согласно временските рокови во АП 2024-2026, се вкупно 19 активности. Од тие 19 активности, нема активности кои завршиле пред предвидениот рок, 8 активности се во тек согласно известувањето на институциите, додека пак 3 не се започнати. За 8 од активностите нема известување од надлежните институции за активностите предвидени во АП 2024-2026.

## Целосен преглед на извештај изведен од платформата за известување

| Компонента 1: НОРМАТИВНА РАМКА И ФИНАНСИРАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Приоритет 1.1: Подобрување на нормативната рамка и други функционални аспекти на системот на локална самоуправа | | | | | | |
| Бр. | Активност | Период | Очекуван резултат | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни институции | Статус |
| 1.1.1.1. | Партиципативна подготовка на предлог Закон за изменување и дополнување на Закон за локалната самоуправа . | 2024-2025 | Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за локална самоуправа. | Министерството за локална самоуправа подготви методологија и оперативен план за водење на сеопфатен партиципативен процес за формулирање на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа. Процесот на изменување и дополнување на Законот беше спроведен од страна на работна група формирана во Министерството за локална самоуправа, со поддршка на експертски тим (4 национални експерти, како и 1 меѓународен експерт) ангажиран во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети - Фаза 2“ имплементиран од страна на УНДП. Методолошкиот пристап применет за овој процес беше структуриран, инклузивен и усогласен и со националните институционални барања и со меѓународните стандарди развој на политики и законски реформи. Согласно утврдената методологија беа спроведени следниве чекори: - Канцелариско истражување и анализа на податоци и информации поврзани со состојбите во системот на локалната самоуправа и предлозите за негово подобрување. Појдовен документ за канцелариското истражување беше Извештајот за оценка на спроведувањето на Законот за локалната самоуправа, подготвен од Министерството за локална самоуправа во 2020 година низ сеопфатен процес на консултации со засегнатите страни. Покрај овој извештај во предвид за анализа беа земени други извештаи вклучувајќи и анкетни извештаи, подготвени изминативе неколку години, а кои се однесуваат на општи и специфични аспекти поврзани со функционирањето на локалната самоуправа како и јавно достапни иницијативи, предлози и мислења на засегнатите страни.  - Организација на консултативни настани со засегнатите страни и подготовка на Извештај од консултациите. Во периодот декември 2024 – февруари 2025 година, беа организирани и спроведени 4 регионални настани (Битола, Штип, Тетово и Скопје) за време на кои беа мапирани предлози, коментари и мислења од засегнатите страни. Вклучени засегнати страни на овие консултативни настани беа претставници од општини, невладин сектор и бизнис заедницата. Паралелно, беа спроведени редовни консултации со широк спектар на засегнати страни, вклучувајќи претставници на централната и локалната самоуправа, правни професионалци, организации на граѓанското општество и академската заедница. - Министерството за локална самоуправа на 21.10.2024 година објави Известување за почеток на процес на подготвка на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа, со што од тој ден на сите заинтересирани страни и на пошироката јавност им беше овозможено да дадат предлози и свои мислења и согледување на состојбите, а со цел подготовка на добро осмислени, аргументирани и целисходни нормативни интервенции. Подготовката на текстот на Предлог на законот беше спроведена согласно Методологијата за проценка на влијанието на регулативата.<br>- Разгледување на измените и дополнувањета на Законот за локалната самоуправа од страна на Координативното тело за следење на спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и дцентрализација 2021-2026 и на акциските планови на Програмата. Текстот на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа, Владата на Република Северна Македонија го утврди на седница одржана на 6 мај 2025 година и го поднесе до Собранието на Република Северна Македонија, врз основа на член 91 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.<br>Текстот на Предлог на законот во редовна постапка е разгледан на седница на Комисијата за локална самоуправа и на седница на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија. | ЗЕЛС и Здруженија основани од физички лица, ЗЕЛС - Комитет на советите, МЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.1.2. | Партиципатив на подготовка на предлог Закон за изменување и дополнување на Закон за градот Скопје. | 2024-2025 | Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за градот Скопје. | Подготовката на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за градот Скопје е предвидено во Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, за месец декември.<br>Процесот на подготовка на текстот на Предлог на законот ќе започне по донесувањето на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа, од страна на Собранието на Република Северна Македонија. | МЛС | Активноста е во тек |
| 1.1.1.3. | Партиципатив на подготовка на предлог Закон изменување и дополнување на Државниот инспекторат за локална самоуправа. | 2024-2025 | Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа. | Подготовката на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за Джавниот инспекторат за локална самоуправа е предвидено во Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, за месец декември.<br>Процесот на подготовка на текстот на Предлог на законот ќе започне по донесувањето на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа, од страна на Собранието на Република Северна Македонија. | МЛС | Активноста е во тек |
| 1.1.1.4. | Партиципатив на подготовка на предлог Закон за изменување и дополнување на Закон за меѓуопштинската соработка. | 2024-2025 | Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за меѓуопштинска соработка. | Подготовката на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за меѓуопштинска соработка е предвидено во Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, за месец декември.<br>Процесот на подготовка на текстот на Предлог на законот ќе започне по донесувањето на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа, од страна на Собранието на Република Северна Македонија. | МЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.1.5. | Партиципативна подготовка на предлог Закон за финансирање на ЕЛС и подзаконски акти кои произлегуваат од законот. | 2025-2026 | Донесен е Закон за финансирање на ЕЛС и подзаконските акти кои произлегуваат од законот | мф: Направена е проценка на системот на финансирање на општините и на постојниот Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа со техничка помош на УНДП во 2022 година и добиените заклучоци и препораки ќе бидат основа за подготовка за донесување на нов Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Имајќи предвид дека се одложи примената на поголем дел од одредбите од новиот Закон за буџети, активностите за донесување на новиот Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа се поместени за период од втор квартал 2025 година до крајот на 2026 година, додека подзаконските акти кои ќе произлезат ќе се реализираат во 2026 година. | МФ | Активноста не е започната |
| 1.1.1.6. | Анализа на способноста на општините да ги реализираат законски утврдените надлежности и врз основа на истата да се преиспита моделот на децентрализација во функција на прилагодување на надлежностите согласно потенцијалите/ресурсите на општините. | 2024-2025 | Изработена е анализа и преиспитан е моделот на децентрализација, со конкретни препораки во функција на надминување на утврдените слабости. | Владата на Република Северна Македонија на Сто и првата седница, одржана на 19 август 2025 година прифати склучување на Анекс 4 кон Договорот бр. 81071192 склучен на 30.09.2021 година помеѓу Владата на Швајцарската Конфедерација, претставувана од федералниот департман за надворешни работи, преку Амбасадата на Швајцарија во Република Македонија/Швајцарската агенција за развој и соработка (Швајцарска амбасада) и Владата на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за локална самоуправа (МЛС) – за спроведување на Проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2“, се однесува на продолжување на рокот на Проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – 2 фаза“ до април 2026 година односно јули 2026, со цел да се спроведат конкретни активности коишто имаат за цел да го поддржат воспоставувањето и функционирањето на Ресурсниот центар за подршка на развојот на општините во неговата иницијалната фаза.<br>Ресурсниот центар за поддршка на општините ќе биде конципиран како институционален механизам кој ќе овозможи долгорочна, одржлива и стручна поддршка за општините во Македонија, преку обезбедување на специјализирани услуги во областа на административниот менаџмент, планирањето на локалниот/регионалниот стратешки развој, подготовка на техничка документација и капитално планирање, финансиското планирање и управување, техничка експертиза, јакнење на меѓуопштинската соработка, подготовка на проектни апликации и искористување на средства од меѓународни фондови. Ресурсниот центар директно ќе ги таргетира идентификуваните слабости, како што се ниското ниво на административни капацитети и експертиза на локалните администрации, недостаток на координирана регионална соработка и недоволно ефикасна искористеност на сите ресурси кои им стојат на располагање на општините. Врз основа на потребите на општините во Северна Македонија и најдобрите регионални практики, утврден е општ список на услуги, кои ќе бидат избрани, пилотирани и имплементирани во рамките на Ресурсниот центар. Меѓудругите услуги предвидено е да се врши мониторинг и анализа, во чиишто рамки ќе се врши развој на методологии и индикатори за континуирана проценка на општинските капацитети, потреби и предизвици, како и ќе се воспостават онлајн платформи за следење на индикаторите за развој по општини и региони, поддржувајќи подобро насочување на политиките и распределба на ресурсите за рамномерен развој. Преку воспоставување на интегрирана дигитална платформа ќе се врши следење и поттикнување на развојот на единиците на локалната самоуправа, ќе се остварува комуникација, обука, ресурси, мониторинг на извршување на надлежностите на ЕЛС. Воедно, во рамките на Ресурсниот центар планирано е да се спроведе и процес на проценка и класификација на потребите на општините – прва систематска проценка на потребите на сите 80+ општини (анкети, интервјуа, анализа). | МЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.1.7. | Преиспитување на нормативната рамка за ефикасно извршување на надлежностите во областа на социјалната заштита и образованието. | 2024 | изработена е анализа на правните недостатоци и неусогласености кои постојат во избраните област/и на општинските надлежности кои ќе бидат предмет на правната анализа, заедно со нацрт препораки за унапредување на законските решенија во избраните области и и конкретни предлози за можен трансфер на нови функции во областите, како и конкретни | Во Извештајот за спроведувањето на Европската Повелба за локална самоуправа во Република Северна Македонија (Recommendation 466(2021) Monitoring of the European Charter of Local Self-Government in North Macedonia;), rapporteurs: Harald BERGMANN, Netherland (L, ILDG) and Zdenek BROZ, Czech Republic (L, ILDG)), за одредени области е нотирано постоење на нејаснотии во законот и во практиката во однос на надлежностите на локалната самоуправа, што доведува до преклопување на надлежностите, и постоење ризик со посебните закони да се ограничат надлежностите кои се доделени на локалната власт со Законот за локалната самоуправа.<br>Во Извештајот е нотирано дека постои ограничен опсег на надлежности на локалната власта во областите на социјалната заштита и на локалниот економски развој.<br>Истотака, нотирана е можност за некои нејаснотии за улогите и одговорностите во однос на надлежностите што резултира со преклопување на надлежностите и повремен недостаток на јасност за тоа кој е одговорен за извршувањето на конкретните надлежности. Истакнати се ваквите прашања во однос на аспектите на социјалната политика и образовната политика.<br>Со експертска поддршка на ОБСЕ (Организација за безбедност и соработка на Европа) е изработена анализа врз основа на Методологија согласно која се превземени следните чекори:<br>- Анализа на постоечките зкони и подзаконски акти во предметните области,<br>- Интервјуа со чиниелите на локално и национално ниво и<br>- Подготвен и и испратен прашалник до општините во кој опшините имаа можност да го образложат својот начин на финасирање, проблемите и предизвиците со кои се соочуваат при остварувањето на релевантните законски надлежности, како и да дадат предлози за нивно надминување.<br>Предмет на анализата е моменталното законско решение за спроведување на надлежностите на општините и градот Скопје поврзани со образование, социјална заштита и заштита на децата. Заради утврдување на несогласувањата помеѓу законите кои ја регулираат децентрализацијата (Законот за локална самоуправа и Законот за градот Скопје) и секторските закони кои ги регулираат областите на образование (законот за основно образование и Законот за средно образование), социјална заштита (законот за социјална заштита) и заштита на децата (законот за заштита на децата). Целта на анализата е да се добие слика за можните несогласувања и судири во надлежности на локално и национално ниво во спроведување на овие сектори и да се предложат соодветни решенија за зајакнување на легислативата и остварувањето на овие области на надлежности на локално и национално ниво. | МЛС | Реализирана активност |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.1.8. | Спроведување на Методологијата за оценка на системот на локалната самоуправа. | 2024-2026 | Спроведена е Методологијата за оценка на системот на локалната самоуправа. | - Методологијата за оценка на системот на локалната самоуправа во Северна Македонија придонесува кон подобрувањето на целокупната рамка на закони и политики поврзани со локалната власт и спроведување на тековната реформа за децентрализација.<br>- Мапирани клучните воочени предизвици, наведени во релевантните политики и достапните извештаи од засебни емпириски истражувања, реализирани во изминатите неколку години, утврдени во Методологијата, како и процесот на вклучување на засегнатите страни се земани во предвид при спроведувањето на процесот на изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа.<br>- Овозможување на партициативен процес на реформа на политики, како и водење на транспарентен, инклузивен и натпартиски процес на консултации и соработка со сите засегнатите страни.<br>- Методологија придонесува кон сите релевантни аспекти на унапредувањето на нормативната рамка на системот на локалната самоуправа кои се непосредно поврзани со одвивањето на преговорите и исполнувањето на поврзаните стандарди на ЕУ | МЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.1.9. | Анализа и дизајнирање на постојан модел/механизам за соработка со цел заживување на меѓуинституционалниот дијалог помеѓу различните нивоа на власт. | 2024-2025 | Воспоставене постојан механизам за соработка помеѓу Владата и општините. | Во согласност со Меморандумот за соработка со Влада, ЗЕЛС имаше средби со министри по одредени приоритети и прашања од интерес за општините. На 13 мај 2025 година заменик министерот за социјална политика, демографија и млади Ѓоко Велковски присуствуваше на третата седница на Комисијата за социјална заштита и социјална инклузија при ЗЕЛС во врска со предлог решенијата за продолжување на процесот на децентрализација во социјачната заштита, искажувајќи подговотеност за отпочнување на разговори на меѓуинституционално ниво и формирање на тимови кои ќе работат на овој предлог. На 17 април, 2025, првиот заменик претседател на Владата на РСМ и министер за животна средина и просторно планирање, Изет Меџити се сретна во ЗЕЛС со престедателот на ЗЕЛС во однос на надминување на предизвиците на општините во делот на финансирањето на противпожарната заштита, градинките и образованието. Дискутираа и за други теми, особено во делот на  предизвиците во урбанизмот  од аспект на  обезбедување на почист воздух  и заштита на животната средина. Средба со министерката за финансии Гордана Димитриеска Кочоска, делегација во состав на градоначалниците на општите Валандово, Куманово, Теарце, Штип и претседателот на советот на Град Скопје на 14.04.2025, одржаа средба во просториите на министерството за финансии.Целта  на состанокот беше дискусија и  итно изнаоѓање на решение за проблемот со  тешката финансиска состојба на јавните претпријатија, основани од општините. На 10 април, 2025 со министерот за транспорт и врски, Александар Николоски се сретна делагација од ЗЕЛС за да разговаараат за донесување на унифициран Правилник за стандарди и нормативи за поставување на урбана опрема од аспект на зголемени стандарди на заштита и спасување. Оваа делегација одржа состанок со Министерот за транспорт г. Николоски и претставници на неговиот кабинет. Покрај прашањето поврзано со нормативното уредување и проблемите поврзани со поставувањето на урбаната опрема, на состанокот се разг овараше и за постапувањето со дивоградбите, прашањето за овозможување на термини за одржување на испити за стекнување со лиценци за управување со градежно неизградено земјиште и друго. Делегацијата на ЗЕЛС беше составена од Висар Ганиу, Максим Димитриевски, Кирил Пецаков, Сашко Митовски и Горан Герасимовски.<br>На 4 април, 2025 година 4 април, 2025 година, УО на ЗЕЛС ја одржа 27 седница на која, на покана од ЗЕЛС, присуствуваше и министерот за внатрешни работи, Панче Тошковски. Главна тема на дискусијата беше  реализирање на взаемни активности за превенција од  евентуални поплави и пожари, кои  вообичаено се изразени во пролетниот и летен период од годината.Управниот одбор на ЗЕЛС, на 13 февруари, 2025 година, имаше средба со министерската за енергетика, рударство и минерални суровини, Сања Божиновска на која се дискутираше за изнаоѓање на најповолни решенија за општините, поврзани со високите сметки на електрична енергија  што ги плаќаат училиштата, градинките и јавните комунални претпријатија, основани од општината или градот Скопје. Средбата се одржа во просториите на Министерството за енергетика , рударство и минерални суровини .<br>На 7 февруари УО на ЗЕЛС се сретна со министерката за финансии, Гордана  Димитриеска Кочоска за значајни прашања од областа на финансирањето на локалната самоуправа, кои  создаваат бројни предизвици за општините. | МЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.1.10. | Оценка на капацитетите на Секторот за локална самоуправа во Министерството за локална самоуправа и нивно зајакнување низ обука со фокус на подготовка на ИПА проекти за прашања кои се однесуваат на локалната самоуправа. | 2024-2026 | Направена е оценка на капацитетите на Секторот за локална самоуправа во Министерството за локална самоуправа и спроведена е обука за нивно зајакнување со фокус на подготовка на ИПА проекти за прашања кои се однесуваат на локалната самоуправа. | Екипиран е Секторот за локална самоуправа со две работни позиции на определено работно време, раководител на одделение и помлад соработник. | МЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.1.1 1. | Анализа, дизајнирање и воспоставување на систем за мониторинг над извршувањето на надлежностите на општините во Министерството за локална самоуправа, зајакнување на капацитетите на Секторот за локална самоуправа за планирање, креирање и имплементирање на механизми за мониторирање на функционалноста, ефикасноста и ефективноста во спроведувањето на општинските | 2024-2026 | Воспоставен е систем за мониторинг над извршувањето на надлежностите на општините во МЛС и , зајакнати се капацитетите на Секторот за локална самоуправа за планирање, креирање и имплементирање на механизми за мониторирање на функционалноста, ефикасноста и ефективноста во спроведувањето на општинските надлежности. | Во рамки на проектот „Зајанување на општинските совети - Фаза 2“ редовно се спроведуваат двогодишни анализи на спроведување на надлежностите на ЕЛС, кои придонесуваат во информирање и креирање на специфични политики во насока на подобрување и зајакнување на системот на локална самоуправа и децентрализација.<br>Во рамките на ресурсниот центар се планира воспоставување на интегрирана дигитална платформа за следење и поттикнување на развојот на единиците на локалната самоуправа, преку која ќе се остварува и комуникација, обука, ресурси, мониторинг на извршување на надлежностите на ЕЛС;<br><br>Воспоставување на ресурсен центар за подрршка на општините, во чиишто рамки се планира развој и имплементација на дигитална платформа- воспоставување на интегрирана дигитална платформа за следење и поттикнување на развојот на еидиниците на локалната самоуправа, преку која ќе се остварува и комуникација, обука, ресурси, мониторинг на извршување на надлежностите на ЕЛС. | МЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.1.12. | Подготовка на нов подзаконски акт за содржината и начинот на водење на Регистар на грбови и знамиња на општините во Република Северна Македонија и воспоставување на електронски регистар на грбови и знамиња и електронска база на регистрирани те грбови и знамиња на општините во Република Северна Македонија | 2024 | Донесен е нов Правилник за содржината и начинот на водење на регистар на грбови и знамиња на општините во Република Северна Македонија | Во рамките на сопствените капацитети, Министерсвоот за локална самоуправа подготви текст на предлог на Правилник за содржината на регистарот на грбовите и знамињата на единиците на локалната самоуправа и за начинот на неговото водење. Правилникот е доставен на мислење до Секретаријатот за законодавство. Правилникот е донесен врз основа на постојните одредби на Законот за локалната самоуправа. Со него се пропишува содржината на регистарот на грбови и знамиња на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија и начинот на неговото водење. Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за образецот за Регистерот на грбови и знамиња на општините во Република Македонија и начинот на негово водење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/97).<br><br>Подготвен е текст на предлог на Правилник за содржината на регистарот на грбовите и знамињата на единиците на локалната самоуправа и за начинот на неговото водење. Правилникот е доставен на мислење до Секретаријатот за законодавство. | МЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.1.13. | Подготовка на подзаконски акт за образецот и начинот на водење на евиденција за облиците на месна самоуправа што се основани на подрачјето на општините. | 2024 | Донесен е Правилник за пропишување на образецот и начинот на водење на евиденција за облиците на месна самоуправа што се основани на подрачјето на општините. | Министерството за локална самоуправа започна процесот на анализа на постојната законска и подзаконска регулатива, во функција на подготовка на Правилник со кој ќе се пропише образецот и начинот на водење на евиденција на облиците на месната самоуправа што се основани на подрачјето на општините, согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Северна Македонија. | МЛС | Активноста е во тек |
| 1.1.1.14. | Спроведување на двогодишно анкетно истражување на извршувањето на надлежностите во ЕЛС. | 2024-2026 | Спроведено двогодишно анкетно истражување на извршувањето на надлежностите во ЕЛС во 2024 и 2026 година. | Анкетното истражување во единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија се спроведе во текот на 2024 година рамки на втората фаза од проектот „Зајакнување на општинските совети - Фаза 2“, кој е финансиран од швајцарската амбасада и Министерството за локална самоуправа, а е кофинансиран и имплементиран од УНДП. Еден од предизвиците кои се адресираат преку оваа активност е подобрување на информациската основа за подготовка на законите и политиките поврзани со локалната власт и спроведувањето на тековната реформа за децентрализација.<br>Анкета беше спроведена со експертска поддршка и работен тим на МЛС и УНДП, а врз основа на претходно утврдена метеодологија и структуриран анкетен прашалник кој е комплексен по обем (вкупно 184 прашања и потпрашања) поради материјата која е предмет на истражувањето, широкиот делокруг на надлежности на локалната самоуправа и обемот на мерки и активности кои се опфатени со Акцискиот План 2021 – 2023 на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 како и со Акцискиот План за периодот 2024 - 2026 година кој во моментот на подготовка на анкетниот прашалник беше подготвен како консолидиран нацрт.<br>Прашањата од Анкетниот прашалник беа подредени во четири поглавја следејќи ги тематските области од ПОЛРД 2021 - 2026:• Тематска област: Подобрување на нормативната рамка и други функционални аспекти на системот на локална самоуправа (42 прашање и потпрашања наспроти 21 во претходната анкета);<br>• Тематска област: Иновативен и инклузивен локален економски развој (24 прашања и потпрашања идентично на претходната анкета);<br>• Тематска област: Квалитетни локални услуги со целосен опфат на населението (66 прашања и потпрашања наспроти 77 во претходната анкета) и<br>• Тематска област: Зголемена отпорност и одржлив развој на локалната самоуправа (49 прашања и потпрашања наспроти 64 во претходната анкета).<br>Податочната основа за подготовка на овој Извештај ја сочинуваат пополнети прашалници од страна на 67 од вкупно 81 единица на локалната самоуправа, односно 82.7 %. Во претходното анкетно истражување кое се спроведе во истиот период во 2022 година, учествуваа 57 единици на локалната самоуправа односно 70.3%. Респонсивноста на единиците на локалната самоуправа е зголемена за 12.4% што само по себе укажува на зголемениот интерес на единиците на локалната самоуправа за споделување на податоци и информации со цел навремено и ефективно да адресираат предизвиците со кои се соочуваат и да се обезбедат неопходните услови за нивен забрзан развој.<br>Податоците од пополнетите прашалници се внесени, обработени и форматирани со користење на SPSS (Статистички пакет за општествени науки), и соодветно се анализирани и коментирани од страна на назначениот тим на експерти.<br>При изведување на заклучоците и формулирање на препораките врз основа на наодите од анкетното истражување предвид треба да се има неговата основна цел: „Да се подобри информациската основа за подготовка на законите и политиките поврзани со локалната власт и спроведувањето на тековната реформа за децентрализација“.<br>Клучна одредница за изведување на заклучоци и препораки засновани на наоди од оваа анкета е нејзиниот концепт, односно фокусот кој е ставен на индикаторите кои се наведени во Акцискиот План 2021 - 2023 на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026, а во одреден дел и на новите индикатори кои се поврзани со нови активности од Акцискиот План за периодот 2024 – 2026 година. Целта е мерење на напредокот во периодот 2023-2024 година, врз основа на дефинираните индикатори во акциските планови.<br>Извештајот беше разгледан и од страна на Координативното тело за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација, 2021-2026 година и на акциските планови, на седница на Телото којашто се одржа на 20 март, 2025 година. Целосниот текст на Извештајот беше доставен до сите членови на Телото, за да може да им послужи во процесот на креирање на политиките кои се однесуваат на локалната самоуправа. | МЛС | Реализирана активност |

| Мерка 1.1.2: Подобрување на сите аспекти на доброто локално владеење со фокус на унапредување на локалната транспарентност, пристапот до информации, инклузивноста и отчетноста | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
| 1.1.2.1. | Истражување околу функционалноста на постоечките Комисии за односи меѓу заедниците, градење на капацитетите на членовите на Комисиите за односи меѓу заедниците преку обуки, промовирање на нивната работа и воведување на електронска платформа. | 2024-2026 | Сите ЕЛС кои согласно законската рамка треба да воспоставаат КОМЗ имаат воспоставено КОМЗ. Сите КОМЗ имаат годишни програми. До 2026 сите членови на КОМЗ се обучени имаат изградено капацитети. | Во стратешкиот план на Министерството  за односи меѓу заедниците за 2024-2027 година, ова активност е планирана да се реализира до крајот на 2025 година. Истата има за цел да се добијат информаци за функсионарирањето на комисиите за односи меѓу заедниците и да се изработи Истражувањето. Изработката на ова истражување е веќе започната, изготвени се прашалници коишто ќе се достават до сите општини кои согласно закон се должни да воспостават Комиси за односи меѓу заедниците. | МОМЗ | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.2.2. | Примена на Кодексот за транспарентност на локално ниво, изградба на капацитети на ЕЛС, унифицирани веб-страници кои во отворен формат ќе бидат достапни за користење на секоја општина која има потреба од нова и функционална веб-страница и подготовка на годишни извештаи за транспарентност | 2024-2026 | Сите општини го применуваат Кодексот за транспарентност на локално ниво и ги објавуваат информациите на своите ВЕБ страници на воедначен начин на унифицирана веб-страница.<br><br>Во сите ЕЛС е обезбедена електронска платформа за објавување на квартални извештаи за реализација на буџетите на ЕЛС.<br><br>Најмалку 75 % од | Во рамки на напорите за унапредување на транспарентноста на локално ниво, беше усвоен и промовиран Кодексот за транспарентност, кој воспоставува јасни стандарди за проактивно информирање на јавноста од страна на општините. Во текот на 2023 година, беа направени значајни чекори во насока на неговата имплементација.<br><br>39 општини добија менторска и техничка поддршка од УСАИД, со цел усогласување на објавените содржини со стандардите од Кодексот и подобрување на функционалноста и транспарентноста на нивните веб-страници.<br><br>Како резултат на овие активности, се зголеми јавната свест за важноста на транспарентното и отчетно работење на општините, а очекувањата се дека до крајот на 2026 година,75% од општините ќе бидат обучени, ќе користат унифицирана веб-платформа и ќе објавуваат податои согласно Кодексот, со што ќе се обезбеди стандардизиран и доследен пристап кон информирање на јавноста.<br><br>АЗПСПИ: Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рамките на својот план за работа и согласно соодветна методологија прави мониторинг и на веб страните на општините https://aspi.mk/izvestai/<br>Мониторинг на Единиците на локална самоуправа и Центрите за развој на планските региони за 2024 година:<br>Агенцијата, согласно своите надлежности, но и како дададена вредност на слободниот пристап до информации од јавен карактер во однос на проактивното објавување на информациите согласно член 10 од Законот за СПИЈК спроведе мониторинг на 90 иматели, односно на веб страниците на имателите од Единиците на локалната самоуправа, Заедницата на единиците на локалната самоуправа на РСМ и Центрите за развој на плански региони објавени на Листата на иматели на информации на веб страната на Агенцијата. Мониторингот беше спроведен во периодот од 2 септември до 15 октомври 2024 година. Одделението за соработка и анализи беше задолжено за мониторинг на веб страните за целосно објавување на документите и информациите кои имателите на информации се обврзани да ги објават според членот 10 од Законот.<br>Треба да напоменеме дека со Мониторингот не се прави анализа на содржините, односно на квалитетот на објавените информации.<br>Мониторингот беше спроведен согласно член 10, од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019).<br>Сите 90 субјекти мониторирани во наведениот период, регистрирани во Листата како иматели, имаат свои веб страници на кои ги објавуваат информациите кои се од нивна надлежност и на тој начин ги информираат граѓаните/барателите на информации. Преку мониторингот се добива целосна слика за проактивната транспарентност на оваа категорија на иматели.<br>Сакаме да напоменеме дека Агенцијата, мониторингот на веб страните на имателите, а во овој случај на Општините и Центрите за развој на планските региони го спроведува согласно методологијата имплементирана во соработка со надворешни експерти, ангажирани од ИПА II Проектот „Транспарентност и отчетност на јавната администрациија“, чиј корисник беше Агенцијата. За потребите на мониторингот, се изготвени два прашалника (едниот наменет за Општините, а вториот за ЗЕЛС и ЦРПР) кои содржат вкупно 40 прашања, односно 32, кои произлегуваат од членот 10 од Законот. Некои од нив содржат едно или повеќе подпрашања, а максималниот број на можни бодови изнесува 64 бода за Општините и 54 за ЗЕЛС и ЦРПР. Имателите за објавените податоци добиваа 0, 0.5 и 1 бод, зависно од бројот и ажурираноста на објавените документи. Прашалниците беа дистрибуирани до имателите, од кои беше побарано сами да извршат евалуација на сопствената транспарентност и повратно прашалниците да ги достават до Агенцијата. Исто така, имателите добиваат бодови и за доставен прашалник, се со цел да ги поттикнеме мониторираните иматели сами да си ги оценат веб страниците и информациите кои ги објавуваат на нив.<br>Во рокот предвиден за доставување на одговорите до Агенцијата, имателите доставија 38 одговорени прашалници, од страна на Општините, а 5 прашалници доставија планските региони. Треба да напоменеме, дека оваа година доставените прашалници беа во целост пополнети од страна на имателите, со линкови од нивните веб страни. Останува забелешката дека сите иматели не одговорија на самоевалуационите прашалници, односно 46.91 % од Општините доставија пополнети прашалници, а само три центри за развој на планските региони и ЗЕЛС не одговорија и не доставија одговори на поднесените прашалници.<br>Веб страниците на мониторираните иматели од Општините не се унифицирани, односно тие се различни како по изглед така и по своите содржини и информациите кои се објавуваат. За разлика од веб страниците на општините, Центрите за развој на планските региони имаат исти веб страни и информациите кај дел од овие иматели се унифицирани. Истите се ажурираат согласно нивните активности и ја имаат својата функција како прв информатор за граѓаните и услугите кои ги даваат.<br>Мониторингот, оваа година покажа дека најголем број на иматели кај Општините на своите веб страници, на почетната страна имаат поместено банер или линк ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР, што овозможува лесен пристап до информациите од јавен карактер, односно Листата на информации. На тој начин со најмногу три клика, барателот на информацијата ќе може да пристапи до информацијата која е од негов интерес. Сепак оваа пракса не ја практикуваат планските региони и истите во иднина ќе треба да ја подобрат основната активна транспарентност, односно на брз начин да се пристапува до информациите со кои располагаат. Најчесто информациите од јавен карактер, линкот до нив, имателите ги поместуваат во делот Односи со јавноста, Контакт и слични секции на веб страните. Исто така, сакаме да потенцираме дека несистематизираните информации создаваат забуна кај граѓаните, односно до информациите потешко се пристапува. Тоа значи дека веб страните треба да бидат лесно пристапни, а со тоа и информациите кои им се потребни на барателите и се согласно законската обврска за транспарентност на имателите на информации од јавен карактер. Оттука, апелираме до имателите на информации нивните информации да бидат лесно достапни за користење на граѓаните. „Информирани граѓани, задоволни граѓани“, тоа е максимата за транспарентни единици на локалната самоуправа. | АЗПСПИ | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.2.3. | Методологија за воспоставување на воедначени минимум стандарди за консултација, заради одговорно одлучување врз основа на добиени повратни информации од граѓаните, вклучувајќи подготовка на Методологија за функционирање на електронски систем на е-консултации на локално ниво и идентификување на прописите кои треба да бидат предмет на е-консултации. | 2024-2026 | Подготвени се насоки (процедура или подзаконски акт) за спроведување на консултативен процес.<br><br>30% од општините ги вградиле насоките во своите документи и имаат создадено административно-технички услови за нивно спроведување.<br><br>Подготвена е Методологија за функционирање на електронски систем на е-консултации на локално | | МЛС, ДИЛС | Активноста не е започната |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.2.4. | Зајакнување на капацитетите на општините за ефикасни и ефективни механизми за транспарентна соработка и финансиска поддршка на здруженија основани од физички лица. | 2024-2026 | 50% од ЕЛС применуваат Методологија | - Зајакнати  капацитети на локалната администрација и на граѓанските организации за институционална и транспарентна соработка преку реализација на заеднички проекти<br>- Усвоена процедура и документација за транспарентно спроведување на постапка и финансирање на проекти од страна на единиците на локална самоуправа, во реализација на  граѓанските организации<br><br>Во рамките на Проектот на ReLOaD2, кој го спроведува УНДП а со финансиска поддршка на Европска Унија беа одржани девет младински форуми со млади претставници од граѓанскиот сектор, студентски организации, младински совети и претставници  од општините Битола, Гевгелија, Гостивар, Кочани, Крива Паланка, Куманово Охрид и Велес. За време на овие сесии, младите дискутираа за предизвиците со кои се соочуваат во нивните заедници и предложија идеи за нивно решавање преку волонтеризам и активна вклученост. Од овие дискусии произлегоа 17 иницијативи од кои беа развиени 12 проекти кои се спроведоа во општините со директна вклученост на преку 700 млади. Проектот на ReLOaD2 обезбеди подршка во изготвувањето на овие проектните апликации. Дополнително, беа реализирани 30 проекти на граѓански организации кои беа одобрени на јавните повици во осумте општини во претходната година, при што преку 6,000 жители имаа корист од спроведувањето на инцијативите на граѓанските организации ор различни области: социјална заштита и работа со ранливи категории млади, животна средина и екологија, туризам, итн . | МЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.2.5. | Спроведување редовни годишни анкети за мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги. | 2024-2026 | Се спроведуваат редовни годишни анкети за мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги. | Истражувањето на јавното мислење за задоволството на граѓаните од локалните услуги се спроведува осма година по ред, континуирано од 2017 до 2024 година. Основната цел на истражувањето е процена на задоволството на граѓаните од различните услуги што општините ги нудат во согласност со законската регулатива. Исто така, ова истражување овозможува и следење на трендот на задоволството на граѓаните во текот на годините.<br>Ова истражување е дел од поширокиот проект „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“, кој е финансиран од Швајцарската амбасада и од Министерството за локална самоуправа, а го спроведува и кофинансира Програмата за развој на Обединетите нации – УНДП (UNDP). Истражувањето е реализирано со имплементација на квантитативна методологија. Користена е истражувачката техника „интервјуа лице в лице, со помош на компјутерски програмиран прашалник“ (CAPI) во домовите на испитаниците. Интервјуиран е само еден член од едно домаќинство. CAPI, или персонално интервјуирање со помош на компјутер, е метод на анкета каде што анкетарите користат лаптоп, таблет или рачен уред за да администрираат прашалници директно до испитаниците. Овој пристап го подобрува собирањето податоци со тоа што обезбедува конзистентно испрашување, овозможувајќи сложени обрасци за прескокнување и овозможува внесување податоци во реално време. CAPI најчесто се користи во интервјуа лице в лице, со што се подобрува точноста и ефикасноста на анкетите. Овој метод овозможува динамично испрашување и итно внесување податоци, што го прави популарен избор за различни полиња на истражување, вклучувајќи истражување на пазарот, социјални студии и здравствени истражувања. Реализирани се вкупно 1208 интервјуа. Оваа големина на примерокот има маргина на грешка од ±2,83% со интервал на доверба од 95%. Примерокот е репрезентативен за резидентните жители на Република Северна Македонија според пописот од 2021 година, на возраст од 18 и повеќе години. Репрезентативноста на примерокот покрај возраста ги опфаќа и карактеристиките на испитаниците како: пол, место на живеење (град/село), национална припадност и статистички региони.<br><br>Периодот на реализација на интервјуата (собирањето на податоците) беше од 29 август до 17 септември 2024 година.<br>Во координација со УНДП, прашалникот што е користен во ова истражување е финализиран и одобрен. Со цел задржување на информациите што се следат со текот на годините, прашалникот е идентичен со оној од 2023 година. Тој се состои од приближно 123 прашања, поделени во следниве области:<br>1. Генерално задоволство од квалитетот на животот во општината<br>2. Задоволство од услугите што ги дава општината<br>3. Малцинства и ранливи категории<br>4. Корупција<br>5. Механизми за учество на граѓаните во процесот на донесување одлуки во општините<br>6. Информирање за работењето и за услугите на општината<br>7. Е-услуги и други иновативни услуги на општината<br>8. Невладини организации – граѓански здруженија<br>9. Демографски податоци на испитаникот | МЛС | Активноста е во тек |

| **Мерка 1.1.3: Доуредување на целокупниот систем и надлежностите поврзани со вршење инспекциски надзор но и надзор над законитоста на работата на органите на општините** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.3.1. | Воспоставување на ефективен и ефикасен модел за инспекциски служби, со зголемени човечки ресурси и овластувања за адекватно справување со предизвиците и зајакнување на надзорот над законитоста на работењето на општинските органи. | 2024-2026 | Унапреден е инспекцискиот надзор во минимум 20% од ЕЛС (зголемен број на инспектори, реализирани увиди и контроли, поголем број на области на надзор, спроведени обуки и сл.).<br><br>Зајакнат е надзорот врз законитоста на работата на органите на општините. | | МЛС | Активноста не е започната |

| Мерка 1.1.4: Унапредување на функционирањето на органите (градоначалник и совет) на единиците на локалната самоуправа | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.4.1. | Проценка на потребите за стекнување со знаења и вештини, подготовка и испорака на континуирани обуки за градоначалниците, општинската администрација и советниците и дигитализација на внатрешните работни процеси (Е-градоначалник, Е-општинска администрација и Е-совети на ЕЛС). | 2024-2026 | Зголемен број на испорачани обуки и корисници на обуките за минимум 20%.<br><br>Спроведени се активности за дигитализација на внатрешните работни процеси и комуникацијата во дополнителни минимум 30 ЕЛС. | Активностите на Ресурсниот центар за подршка на општините до април 2026 година ќе се фокусираат, меѓудругите активности и на:<br>-Воспоставување на единица Ресурсен центар за подршка на општините;<br>-Формирање на Ростер на експерти за поддршка на потребите на општините и Центрите за развој на планските региони - ќе бидат развиени јасни и транспарентни критериуми за избор на експерти. Во рамките на Ресурсниот центар за подршка на општините ќе биде воспоставен високопрофесионален Ростер на експерти, со што ќе се обезбеди фокусиран пристап, ефективна координација и долгорочна одржливост на активностите. Експертите ќе бидат избрани преку транспарентна постапка, со вклучување на донаторите и клучните засегнати страни. Ростерот ќе се ажурира и проширува континуирано, во согласност со потребите на општините. Ростерот ќе се користи за спроведување на сите активности од акцискиот план;<br>-Институционализација на алатките: Фонд за техничка документација, Општински развоен индекс, интегрирани развојни планови за општините – координација со постојните иницијативи и проекти со цел искористување на досега развиените алатки и механизми за подршка на општините и избегнување на дуплирање;<br>-Правни советодавни и теренски менторски услуги за општините;<br>-Развој и имплементација на дигитална платформа- воспоставување на интегрирана дигитална платформа за следење и поттикнување на развојот на еидиниците на локалната самоуправа, преку која ќе се остварува и комуникација, обука, ресурси, мониторинг на извршување на надлежностите на ЕЛС. | МЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.4.2. | Институционализација на програмата за развој на капацитети (ПРК) за членовите на Советите на општините, вклучително и е-платформа за учење | 2024-2026 | Спроведена е сеопфатна анализа и изработен е извештај со наоди и препораки за најсоодветниот моделот на институционализација на овој систем.<br><br>Системот/програмата за градење капацитети за општинските совети, вклучително и е-платформа за учење се усвоени, односно преземени од страна на Заедницата на единиците на локалната самоуправа. | Во текот на 2024 година беше подготвена "Проценка на правната рамка на можностите за институционализација на програмата за развој на капацитети на општински советници (ПРК)". Оваа проценка има за цел да ги анализира тековните состојби поврзани со системските, административните и институционалните капацитети за продолжување и унапредување на претходно започнатите активности и одржливост на резултати за зајакнување на општинските совети, преку користење на Програмата за развој на капацитети (ПРК) и зајакнување на улогата на општинските совети.<br>Фокусот на проценката е насочен кон испитување на законодавната рамка и институционалните можности за обезбедување долгорочна одржливост на алатките за градење и подобрување на знаењата на клучните актери во локалната самоуправа.<br>Проценката треба да потврди дека клучен елемент за понатамошен развој на локалните самоуправи е зајакнувањето на општинските совети и советници, кои преку зголемени капацитети ќе можат ефикасно да ги извршуваат своите улоги на претставување, надзор и донесување одлуки, со активно вклучување на граѓаните во процесите на локално управување.<br>Проценката обезбедува конкретни заклучоци и препораки, како и нуди одредени предлог модели или планови за институционализација и обезбедување на одржливост на Програмата за развој на капацитети, вклучително и инкорпорирање во законска рамка.<br><br>Дополнителна информација за ПРК:<br>Програмата за развој на капацитети на општинските советници (ПРК) претставува сеопфатна и структурирана програма за јакнење на знаењата, вештините и улогата на општинските советници како клучни актери во локалната демократија. Програмата е развиена и имплементирана од 2017 г. во рамки на проектот "Зајакнување на општинските совети" кој што е финансиран од Швајцарската амбасада и Министерството за локална самоуправа, а кофинансиран и имплементиран од страна на Програмата за развој на обединетите нации - УНДП. Програмата е дизајнирана да одговара на реалните потреби на советниците и има за цел да го унапреди квалитетот на локалното управување преку едукација, менторство и размена на добри практики.<br>Програмата за развој на капацитети се операционализираше врз основа на посебно развиен пристап и методологија на традиционални и иновативни методи и алатки за учење, вклучувајќи: обуки во училница, обуки низ работа, менторство, како и електронска платформа на учење, насочени кон подобрување на транспарентноста, отчетноста, партиципативното донесување одлуки и ефективниот надзор врз извршната власт на локално ниво.<br>Програмата за развој на капацитетите обезбеди сет на активности во кои, во првата фаза на проектот, директно беа вклучени општинските совети од 24 општини, а во втората фаза на проектот се вклучени општинските совети од нови 40 општини. | ЗЕЛС - Комитет на советите | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.4.3. | Унификација на организационата поставеност на административната служба во општините и во институциите од областа на дејностите од јавен интерес (образование, здравство, култура, социјална и детска заштита, комуналните и други дејности) и воспоставување на стандарди за број на вработени. | 2024-2026 | Унифицирана организационата поставеност на административната служба во општините и во институциите од областа на дејностите од јавен интерес (образование, здравство, култура, социјална и детска заштита, комуналните и други дејности) ) и воспоставени стандарди за број на вработени. | Согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023 - 2030 со Акциски План 2023 – 2026. Мерката 2.1.4.“,Унифицирана организационата поставеност на административната служба во општините и во институциите од областа на дејностите од јавен интерес (образование, здравство, култура, социјална и детска заштита, комуналните и други дејности) ) ,не е започната.<br><br>Почетен датум на извршување (квартал) е 01.01.2026<br>Планиран датум на извршување (квартал) е 31.12.2026 | MJA | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.4.4. | Анализа (истражување) за потребите на јазични обуки за преведувачи и лектори во единиците на локалната самоуправа каде што се користат повеќе службени јазици, преку - Јазични обуки за подобрување на стручните капацитети за превод и лектура од македонски на албански јазик и од албански на македонски јазик – по потреба и на другите службени јазици на локално ниво. | 2024-2025 | Подобрена примена на употребата на службените јазици при работата на советите на единиците на локалната самоуправа | Во стратешкиот план на Министерството за односи меѓу заедниците за 2024-2027 година, оваа активност е планирана да се реализира до крајот на 2025 година. Истата има за цел да се добијат информаци за потребата од јазични обуки за подобрување на стручните капацитети за превод и лектура од македонски на албански јазик и од албански на македонски јазик. Изработката на ова анализа е веќе започната, изготвени се прашалници коишто ќе се достават до сите општини кои согласно закон, користат повеќе службени јазици. Од овие прашалници ќе го добијеме точниот број на преведувачи и лектори коишто треба де се обучат. Доколку Анализата покаже дека опфатот на обуките на лага спроведување на обуки службени јазици на општинско ниво, би испроведувале јазични обуки за припадниците на заедниците кои се помалку од 20%. | МОМЗ, АПЈРСМ | Активноста е во тек |

**Мерка 1.1.5: Создавање на услови за доследна примена на принципот за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа**

| Бр. | Назив на активн | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.5.1. | Јакнење на општинските Комисии за еднакви можности (КЕМ) и нивна трансформација во ефикасен и ефективен локален механизам за обезбедување на висок степен на родова еднаквост во општините. | 2024-2026 | Испорачани обуки за општинските Комисии за еднакви можности (КЕМ) и нивна трансформација во ефикасен и ефективен локален механизам за обезбедување на висок степен на родова еднаквост во општините. | | МСПДМ | |

**Мерка 1.1.6: Стимулирање и унапредување на меѓуопштинска соработка**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.6.1. | Подготовка на анализа за финансиска и техничка поддршка за поттикнување на меѓуопштинска соработка (МОС) во адресирање предизвици од заеднички интерес на соседни ЕЛС или во рамки на планскиот регион на кој му припаѓаат и јакнење на капацитетите на ЕЛС за доследна и ефикасна примена на одредбите од Законот за меѓуопштинска соработка. | 2024-2026 | Подготвена е анализа за систематска финансиска и техничка поддршка на ЕЛС за воспоставување облици на МОС. | Согласно Законот за меѓуопштинска соработка, Владата на Република Северна Македонија формира Комисија за поттикнување и следење на меѓуопштинската соработка, која ќе биде задолжена за следното:<br>- ги следи воспоставените облици на меѓуопштинска соработка,<br>- го разгледува и дава мислење по годишниот извештај за остварувањето на меѓуопштинската соработка,<br>- иницира измени и дополнувања на законската регулатива која влијае на меѓуопштинската соработка,<br>- дава мислење по предлозите на актите од членот 32 ставови (2) и (4) на овој закон,<br>- објавува најдобри примери на меѓуопштинската соработка и<br>- разгледува и други прашања од значење за меѓуопштинската соработка. | МЛС | Активноста е во тек |

**Мерка 1.1.7: Подобрување на локалните административни услуги преку дигитализација, проследено со изградба на соодветни капацитети и стандарди**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.7.1. | Вклучување на сите ЕЛС на ЛОГЕС платформата | 2024-2026 | По 29 дополнителни ЕЛС приклучени на ЛОГЕС платформата, на годишно ниво | Активноста се реализира во координација со Министерството за дигитална трансформација и УНДП со првична анализа на потребите на општините и објавување јавен повик за интерес на општините.<br>Согласно воспоставената динамика и следни чекори, се очекува до 2026 година да се дигитализира минимум една е-услуга во сите општини на државата. | МЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.7.2. | Подготовка на Анализа за интегрирање на ЛОГЕС платформата на електронскиот на единствениот портал Е-Услуги (дефинирање на Е-услугите што ќе бидат дигитализирани, вклучително и е-даноци, разработени техничките претпоставки за интегрирање на дигитализираните услуги на единствениот портал за Е-услуги и финансиска рамка, со предлог решенија за обезбедување на одржливост) | 2024 | Подготвена Анализа до крајот на 2024 година | Во рамки на проектот „Зајакнување на општинските совети - фаза 2“, имплементиран од УНДП, а финансиски поддржан од Швајцарската амбасада и Минисерството за локална самоуправа беше подготвена првична анализа за дефинирање на е-услугите согласно потребите на општините, како и специфична анализа за техничките претпоставки за интегрирање на платформите во рамки на единствениот портал за Е-услуги, која е во завршна фаза. Дополнително, беа ставени на располагање дополнителни финансиски средства преку промена на проектниот документ со што ќе се осигура имплементација на анализите. | МЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.7.3. | Обука на општинската администрација за проширување и управување со Е-услугите (ЛОГЕС) | 2024-2026 | Обуката се одвива континуирано со сите вклучени ЕЛС. Зајакнати капацитети во дополнителни по 29 општини на годишно ниво | Активноста за обука на општинската администрација за проширување и управување со Е-услугите преку ЛОГЕС платформата е предвидена во рамки на проектот „Зајакнување на општинските совети – фаза 2“, кој го имплементира УНДП со финансиска поддршка од Швајцарската амбасада и Министерството за локална самоуправа. Иако обуката се очекува да зајакне капацитетите на дополнителни 29 општини на годишно ниво, активноста сѐ уште не е започната. Причина за ова е промената на националните приоритети на Министерството за локална самоуправа и новоформираното Министерство за дигитална трансформација. Сепак, обуките остануваат клучна компонента во процесот на дигитализација и се предвидува да започне веднаш по интегрирањето на ЛОГЕС платформата во националниот портал за е-услуги. Со тоа ќе се обезбеди континуирана поддршка и развој на административните капацитети во сите вклучени ЕЛС. | МЛС | Активноста не е започната |
| 1.1.7.4. | Размена на искуства и добри пракси за користење на ЛОГЕС платформата и други ИТ алатки за испорака на Е-услуги | 2024-2026 | Организирање на 2 настани годишно за размена на добри пракси и искуства | Во рамки на проектот „Зајакнување на општинските совети - Фаза 2“, имплементиран од страна на УНДП, а финансиски поддржан од страна на Министерството за локална самоуправа и Швајцарската амбасада - во 2024 беа спроведени една работилница во соработка со ЗЕЛС, и една конференција за размена на добри пракси. Се очекува до крајот на 2025 дополнително да се утврдат можности за дополнително организирање на вакви или слични настани | МЛС | Активноста е во тек |
| 1.1.7.5. | Интегрирање на дигитализираните локални услуги од ЛОГЕС Платформата на единствениот електронски портал Е-услуги на сите ЕЛС | 2025-2026 | Интегриран и воспоставените е-услуги на локално ниво од ЛОГЕС платформата на националниот портал Е-услуги | Во рамки на проектот „Зајакнување на општинските совети – фаза 2“, имплементиран од УНДП, а финансиран од Швајцарската амбасада и Министерството за локална самоуправа, во тек е активност за интегрирање на дигитализираните локални услуги од ЛОГЕС платформата на единствениот национален електронски портал Е-услуги. Целта е воспоставените локални е-услуги да бидат достапни преку централизираниот систем, обезбедувајќи покоординиран и поефикасен пристап за граѓаните. Во моментов се завршува сеопфатната анализа за техничка и системска интеграција на ЛОГЕС со националниот портал. Оваа активност претставува значаен чекор кон унапредување на дигиталната трансформација на локалната самоуправа. Очекувано е целосното интегрирање да биде финализирано до крајот на 2026 година. | МЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.7.6. | Воведување на ИТ алатки во нови општини за поголема транспарентност и отчетност | 2024-2026 | Воспоставени се е-алатки за транспарентност во минимум 20 општини | Во рамки на проектот „Зајакнување на општинските совети – фаза 2“, имплементиран од УНДП Северна Македонија со поддршка од Швајцарската амбасада и Министерството за локална самоуправа, беше предвидено воведување на ИТ алатки за транспарентност и отчетност во најмалку 20 општини. Целта на оваа активност е да се зајакне јавната достапност до информации и отчетноста на локалните власти преку е-алатки. Сепак, поради промена во проектниот документ и усогласување со новите приоритети на Министерството за локална самоуправа и Министерството за дигитална трансформација, активностите досега се реализирани во 10 општини. Финансиските средства предвидени за преостанатите 10 општини се пренаменети за активности поврзани со дигитализација на е-услугите. Овој пристап овозможува усогласување со поширокиот процес на дигитална трансформација и поефикасно користење на расположливите ресурси. | МЛС, ЕЛС | Реализирана активност |
| 1.1.7.7. | Континуирана поддршка на процесот за дигитална трансформација на општините со вклучување на различни целни групи на корисници | 2024-2026 | Организирани минимум 1 настан на годишно ниво | Во рамки на проектот „Зајакнување на општинските совети - Фаза 2“, имплементиран од страна на УНДП, а финансиски поддржан од страна на Министерството за локална самоуправа и Швајцарската амбасада - во 2024 беа спроведени една работилница во соработка со ЗЕЛС, и една конференција за размена на добри пракси. Се очекува до крајот на 2025 дополнително да се утврдат можности за дополнително организирање на вакви или слични настани | МЛС, ЕЛС, МДТ, ЗЕЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.7.8. | Зајакнување на капацитетите за транспарентно и отчетно работење преку користење на Е-алатки за активна транспарентност | 2024-2026 | унапредени се вештините на општинската администрација преку учество на работилници, менторска поддршка и споделување на добри практики. Спроведена е кампања за унапредување на активната транспарентност на општините согласно Кодексот за транспарентност на локално ниво, за објавување на сите релевантни информации од јавен карактер на | | МЛС, ЕЛС, ЗЕЛС | Активноста не е започната |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.7.9. | Поддршка на општините во дигитализацијата кон систем на паметен град. | 2024-2026 | Развиен единствен концепт Паметен град, апликативен за различни типови на општини и изработка на посебен документ Паметен град, со вклучување на конкретните специфики и приоритети на општината, во минимум 2 општини. | Проектот Смарт Сити се уште е во фаза на анализи и припрема за целосно спроведување, затоа проектот сеуште не е започнат со неговото спроведување и реализирање.<br>На крајот на 2024 година подготвена и испорачана е Концепт-Анализа „Паметен град“, апликативна за различни типови на општини (градски и рурални) и изработен е Патоказ кон имплементацијата на Паметен град, со вклучување на конкретните специфики, предуслови и приоритети. Се очекува во 2026 година да бидат и предвидени финансиски средства за овој проект и тогаш ќе започне и примената на Смарт Сити во општините. | МДТ | Активноста не е започната |

| **Мерка 1.1.8: Унапредување на функционалните аспекти на урбаните и месните заедници** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.8.1. | Функционална анализа на урбаните и месни заедници (УМЗ), а со цел дополнително да се доближат општинските услуги до граѓаните. | 2024-2025 | Спроведено е функционална анализа во ЕЛС | | МЛС | Активноста не е започната |

**Мерка 1.1.9: Пренесување нови надлежности со обезбедени неопходни човечки и финансиски ресурси за нивно спроведување**

| Бр. | Назив на акти | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.9.1. | Подготовка на анализа за трансфер на нови надлежностите на ЕЛС во различни области и детални планови за трансфер на надлежности и ресурси. | 2024-2026 | Подготвена е анализа за трансфер на нови надлежности на ЕЛС,<br><br>Подготвени ДП согласно анализата. | Во рамките на Реусрсниот центар ќе се врши оценка на капацитетите и способностите на општините за извршување на постојните надлежности, по што би требало да произлезат и податоци за потребата од трансфер на нови надлежности. | ресорни министерства, МЛС | Активноста е во тек |

**Мерка 1.1.10: Понатамошно унапредување на локалните политики за обезбедување интегритет и управување со ризици од корупција**

| Бр. | Назив на акти | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.10.1. | Воспоставување на политика на интегритет и механизми за спречување на корупција и судир на интереси во ЕЛС вклучувајќи таргетирани оценки на ризици од корупција во најранливи сектори (јавни набавки, управни постапки, доделување грантови, субвенции и друга државна помош, локален инспекциски надзор и сл.). | 2024-2026 | Сите општини имаат донесено политика за интегритет и 80% имаат донесено Стратегии за управување со ризици и водат регистри на ризици (2026). | 72 ЕЛС имаат усвоено политики за интегритет (2024). 42% од ЕЛС кои се потписници на Политиката за интегритет има усвоен интерен акт за управување со судирот на интереси. Стратегии за управување со ризици од корупција се донесени во 71 % од ЕЛС кои се потписници на Политиката за интегритет, со донесени регистри за ризици (надминато очекување 2024).<br>Државната комисија во 2025 година продолжи со активности за имплементација на елементите од системот на интегритет.<br><br>Заклучно со предметниот период, Политиката за интегритет ја имаат потпишано:<br>-112 институција од централната власт<br>- 72 единици на локалната самоуправа<br>- 17 институции од правосудниот сектор.<br><br>Соработката на Државната комисија со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, продолжи и во текот на 2025 година. Имено, на 30 мај 2025 во хотелот „Александар Палас“ во Скопје се одржа настан посветен на зајакнување на соработката заради подобра имплементација на системот на интегритет во единиците на локалната самоуправа, со цел унапредување на транспарентноста, етичките стандарди и интегритетот на локално ниво преку дигитални алатки и иновативен пристап.<br>Во првата половина на 2025 година, се планираат и други активности поврзани со едукативен процес на континуирнано ниво со единиците на локалната самоуправа, кои со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, ќе ги акцентираат потребите за пренесување и дисеминација на знаењето на лицата за интегритет понатаму, во секоја институција.<br>Државната комисија за спречување на корупцијата врз основа на потпишаниот меморандум за соработка со Националниот демократски институт, забрзано работи на и поблиску соработува со одредени избрани општини во областа на спроведувањето на интегритетот како процес на локално ниво, преку проектот „Заедници со интегритет“, финансиран од Владата на Швајцарија и Владата на Шведска, а имплементиран од Националниот Демократски Институт. | ДКСК | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.10.2. | Спроведување на обуки за раководните лица и назначените лица за интегритет во општините. | 2024-2026 | Спроведени обуки за интегритет во дополнителни минимум 30 ЕЛС. | Со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје се организираа настани на тема „Имплементација на Системот на интегритет во единиците на локална самоуправа" на која земаа активно учество вкупно 38 општини од кои 27 градоначалниците, додека од 11 општини учество земаа нивни претставници. Со цел подигање на вкупното ниво на воспоставеност на системот на интегритет во единиците на локална самоуправа се продолжи со организација на обуки под наслов „Напредната обука за воведување на елементите на системот на интегритет во ЕЛС" во периодот септември - октомври 2024 година со поддршката на Мисијата на ОБСЕ во Скопје преку организирање на четири обуки, во кои беа опфатени сите елементи од системот на интегритет. Обуката во просек ја посетуваа 22 учесници претставници од локалната самоуправа. По завршување на обуката на сите учесници им се доделија потврди за учество во напредни обуки за успешна имплементација на елементите од системот на интегритет (вкупен број на Потврди е доделени на 41 лице, но бројот на елементи е различен во зависност од посетите). Оваа активност се смета за континуирана. | ДКСК | Активноста е во тек |
| 1.1.10.3. | Зајакнување на капацитетите на општините за подготовка и спроведување на антикорупциска програма за општинските јавни комунални претпријатија. | 2024-2026 | Подготвена и спроведена антикорупциска програма за општинските јавни комунални претпријатија. | АНТИКОРУПЦИСКА ПРОГРАМА ЗА ЈП И ТД ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ И СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНИТЕ И ГРАДОТ СКОПЈЕ 2024-2025<br>Државната комисија за спречување на корупцијата, со поддршка на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), на седницата одржана на 27.12.2023 година донесе Антикорупциска програма за јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост и сопственост на општините и градот скопје 2024-2025 со акциски план. Оваа активност беше спроведена во насока на исполнување на активност од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 (НС2021-2025): Сектор 5.12 Јавни претпријатија и акционерски друштва во сопственост на државата и на локалната самоуправа, Проблем 2. Недостиг на системски пристап за превенција од корупција во претпријатија во сопственост на државата и ЕЛС, Мерка 1. Воведување и имплементација на антикорупциска програма за претпријатијата во доминантна сопственост на државата и ЕЛС, Активност „1.1. Изготвување на антикорупциска програма за претпријатијата во доминантна сопственост на државата и ЕЛС".<br>Во рамки на спомената мерка од НС2021-2025, освен активноста 1.1, за која надлежна институција за нејзина реализација е ДКСК, предвидени се и следните две активности: „1.2. Усвојување на антикорупциската програма за претпријатијата во доминантна сопственост на државата и ЕЛС од страна на Владата" и „1.3. Воспоставување на ефикасен мониторинг на примената на програмата", за кои како надлежна, односно задолжена институција за нивна реализација е означена Владата на Република Северна Македонија." | ДКСК | Активноста е во тек |

**Приоритет 1.2: Обезбедување доволно финансиски средства за спроведување на сите децентрализирани надлежности преку продлабочување на фискалната децентрализација**

**Мерка 1.2.1: Продлабочување на фискалната децентрализација низ постепено зголемување на приходите на општините преку зајакнување на сопствените извори на приходи, зголемување на фискалниот нап**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.1.1. | Создавање на услови за целосна наплата на данокот на имот и за дигитализација на услугата. | nan | Подобрена наплатата на данокот на имот. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 53 од 65 општини (82%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 изјавиле дека имаат подобрена наплата на данокот на имот. 19 од 54 општини (19%) изјавиле дека имаат дигитална алатка за наплата на данокот на имот. Дополнително, преку проектот Зајакнување на општинските совети - фаза 2, се предвидува целосно дигитализирање на наплатата на данокот на имот во сите единици на локалната самоуправа. | ЕЛС | Активноста е во тек |
| 1.2.1.2. | Ревизија на системот на распределба на дотации од централниот буџет до општините. | 2024-2026 | Направена е Ревизија на системот на распределба на дотациите од централниот буџет до општините<br><br>Распределба на средства за општините се врши преку јасно утврдени критериуми | | институции од каде се трансферираат дотации, Надлежните министерства | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.1.3. | Спроведување на сите подготовки и потребни обуки за спроведување на новиот Законот за буџети од страна на општините и усогласување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа со новиот Закон за буџети. | 2026 | Обуки испорачани во сите ЕЛС за спроведување на новиот Закон за буџетите. Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа е усогласен со новиот Закон за буџети. | Имајќи предвид дека е одложена примената на дел од одредбите од новиот Закон за буџети и донесување на новиот Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа реализирањето на обуките за спроведување на споменатите закони се планираат да се реализираат во наредниот период пред стапување во сила на законите | МФ | Активноста не е започната |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.1.4. | Финансирање на капитални проекти од комунална и друга локална инфраструктура за подобрување на општите услови за живот на граѓаните низ реализација на капитални трансфери до 250 милиони евра за општините, за период од 2024-2028 година. | 2024 – 2026 | Реализација на капитални трансфери до 250 милиони евра за општините, за период од 2024-2028 година. | Прв јавен повик<br>За Јавниот повик за изразување на интерес од страна на општините за финансирање на инфраструктурни проекти од Потпрограмата АА - Инфраструктурни проекти во општините за 2024 година, финансирани се вкупно 288 проекти. Финансирани се проекти од областа на транспорт, животна средина, образование, култура, спорт и социјална политика.<br>Со пресек 31.05.2025 година 273 проект се со склучен договор од кои 168 се воведни во работа или работат на терен (од овие 168, 29 проекти се во завршна фаза и се очекува наскоро да се завршат), 76 проекти се завршени. За 14 проекти во тек е постапка за јавна набавка и 1 проекти немаат започнато постапки за јавна набавка.<br>168 започнати со работа; 273 склучен договор; 14 - во тек е јавна набавка; 76- завршени; 29- во завршна фаза; 1- не е започната постапка.<br><br>Вкупната вредност на финансирање за овие 288 проекти изнесува повеќе од 4,5 милијарди денари (прецизно 4.580.898.046,00 денари).<br>Во прилог податоци со финанснирани проекти по ресорни министерства:<br>ресор<br>1 Култура, број на проекти - 5; вкупна вредност - 199,460,590<br>2 Образование, број на проекти - 7; вкупна вредност - 301,850,066<br>3 Спорт, број на проекти -7; вкупна вредност - 220,064,186<br>4 Животна, број на проекти - 40 ; вкупна вредност - 629,263,261<br>5 Социјална политика, број на проекти 4; вкупна вредност - 250,813,797<br>6 Транспорт, број на проекти 225; вкупна вредност - 2,979,446,146<br>Вкупно број на проекти - 288; Вредност на проекти 4,580,898,046<br><br>Втор јавен повик<br>По објавениот јавен повик за изразување на интерес од страна на општините за финансирање на инфраструктурни проекти од Потпрограмата АА, во архивата на Министерството за локална самоуправа пристигнати заклучно со 30.04.2025 година (тука вклучувајќи ги и апликативните формулари пристигнати по пошта со дата на праќање 30.04.2025 година) се вкупно 887 апликативни формулари од вкупно 80 општини.<br>Сите пристигнати апликативни формулари се доставени во ресорните министерства за евалуација на секој проект поединечно.<br>Во вториот јавен повик донесени се шест одлуки од страна на Владата по предлог на ресорните министерства и со истите финансирани се вкупно 828 проекти. Финансирани се проекти од областа на транспорт, животна средина, образование, култура, спорт и социјална политика, и тоа како следи:<br>ресор<br>1. транспорт, број на одобрени проекти - 589; вкупно по ресор - 8,105,248,760.00;<br>2. култура, број на одобрени проекти 13; вкупно по ресор - 622,679,503.00;<br>3. социјална политика, број на одобрени проекти - 6; вкупно по ресор - 520,602,684.00;<br>4. животна средина, број на одобрени проекти 143; вкупно по ресор - 2,438,550,535.00;<br>5. спорт, број на одобрени проекти - 29; вкупно по ресор - 544,496,708.00; | Канцеларија на ПВ, МФ, МСПДМ, МТ, МОН, МКТ, МС, МЛС, МЖСПП | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.1.5. | Воспоставување на Ресурсен центар за поддршка на развојот на општините. | 2024 - 2025 | Воспоставен е Ресурсен центар за поддршка на развојот на општините. | Министерството за локална самоуправа, согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028 година и предложи на Владата концепт за воспоставување на Ресурсен центар за поддршка на развојот на општините. Владата на Република Северна Македонија на шеесет и шестата седница одржана на 8 април 2025 година, донесе заклучок, со кој го прифати концептот за Ресурсен центар за поддршка на развојот на општините и истовремено го задолжи Министерството за локална самоуправа да обезбеди финансиски средства кои би се комбинирале со донаторски средства со цел обезбедување на одржливо финансирање и воспоставувањето на Ресурсниот центар за поддршка на развојот на општините.<br>Министерството за локална самоуправа, за таа намена, во рамки на својот буџет - Програма 40 „Активности поврзани со децентрализација“ предвиде 5.000.000,00 денари за 2025 година. Исто така, во контекст на подготовката на Фискалната стратегија за наредниот среднорочен период 2026-2030 година, Министерството за локална самоуправа го предвиде фунционирањето на Ресурсниот центар со соодветни проекции на фискални алокации за овој период, што ги потврдува заложбите и искрената поддршка на Министерството и на Владата за успешна имплементација на оваа активност.<br>Во оваа смисла, врз основа на претходно подготвен детален концепт, Министерството за локална самоуправа е подготвено да отпочне со процес на воспоставување на Ресурсен центар за поддршка на развојот на општините.<br>Воспоставувањето и првичното функционирање е предвидено да биде на проектна основа, со јасен план и тенденција истиот ентитет во перспектива да биде втемелен/институционализиран согласно закон, во контекст на надлежноста на Министерството за локална самоуправа за поттикнување и следење на развојот на локалната самоуправа.<br>Имено, со измените и дополнувањата на Законот на локалната самоуправа, коишто моментално се во собраниска процедура, се предвидува измена на членот 12 од истиот, со што Министерството за локална самоуправа, надлежноста за планирање, поттикнување и следење на развојот на локнатата самоуправа ќе го уреди со посебен закон. Дополнително, иницијативата и потенцијалната улога на Ресурсниот центар ќе биде инкорпорирана во останатите поврзани подзаконски акти и стратешки документи.<br>Во меѓувреме, Министерството за локална самоуправа преку Проектот за „Одржлив и инкузивен рамномерен регионален развој – фаза 2“ којшто се спроведува со донаторска поддршка од страна на Швајцарската амбасада, поддржа подготовка на елаборат односно студија за изводливост која ќе обезбеди воспоставување на Ресурсниот центар за поддршка на равојот на општините на еден предвидлив начин, елеборирајќи го воспоставувањето, финансирањето, функционирањето и фазната импелемнтација на целата иницијатива. Исто така јасно во студијата се дефинирани и функциите/активностите кои Центарот би ги реализирал во периодот кој доаѓа и кои се во согласност со реалните капацитети на Министерството и потребите на општините.<br>Ресурсниот центар за поддршка на општините е конципиран како централен механизам за зајакнување на капацитетите на општините во планирање, подготовка и имплементација на инфраструктурни проекти во согласност со националните и локалните развојни приоритети.<br>Преку него ќе се обезбедува директна техничка помош, консултативни услуги и развој на капацитети за општините. | МЛС | Активноста е во тек |

**Мерка 1.2.2: Унапредување на внатрешната контрола и ревизија од страна на општините со цел да се подобри управувањето со јавните финансии и да се намалат ризиците поврзани со финансиската стабилно**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.2.1. | Донесување на новиот Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор и изградба на капацитети на ЕЛС преку спроведување обуки за доследно спроведување на меѓународните стандардите за внатрешна контрола и ревизија | 2024-2026 | Донесен е Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор; Спроведени обуки за општините во организација на Министерството за финансии преку Централната единица за хармонизација и Академијата за јавни финансии, како и дека сите општини имаат воспоставено финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија согласно | Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, Собранието го донесе на 12.12.2024, објавен е во Сл. Весник на РСМ 255/2024.<br>Во 2024 година, од страна на Централната единица за хармонизација организирани и реализирани се повеќе од 20 обуки на теми од областа на Јавната внатрешна финансиска контрола. На овие обуки секогаша имаше учесници од ЕЛС, односно вработени од единиците за финансиски прашања и внатрешна ревизија.<br>Централната единица за хармонизација во континуитет го следи нивото на воспоставеност на Системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектрор и соодвето известува до Владата на РСМ преку доставување на Годшен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола, последниот ваков извештај до Владата е доставен во јули 2024 за состојбата во 2023 година. Согласно Закон овој извештај се доставува до Владата секоја година, најкасно до јули во тековната година за состојбта на системот во претходната. | МФ | Реализирана активност |

| **Мерка 1.2.3: Доследна примена на правилата за фискална транспарентност вклучувајќи навремено пријавување и евидентирање на обврските, а со тоа и јакнење на одговорноста при располагање со јавни ср** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.3.1. | Следење на објвените финансиските извештаи на веб страниците на општините. | 2024-2026 | Кај две третини од ЕЛС се бележи подобрување на буџетската транспарентност споредено со претходната година. Сите ЕЛС употребуваат електронска платформа за објавување на кварталните извештаи за реализацијата на буџетите. | На веб страната на Министерството за финансии објавени се податоците за реализираните приходи и расходи на општините за четвртиот квартал 2023 година, за четирите квартали од 2024 година и за првиот квартал за 2025 година, податоци за доспеани неплатени обврски добиени од ЕСПЕО системот за четвртиот квартал 2023 година, за четирите квартали од 2024 година и за прв квартал 2025 година, Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, каде се вклучени и завршните сметки на општините за 2023 година. Со поддршка на УНДП на веб страните на општините и веб страната на Министерството за финансии се објавуваат финансиски индикатори од периодичните финансиски извештаи на околу 40 општини. | МФ | Активноста е во тек |

| Мерка 1.2.4: Обезбедување сеопфатно учество на јавноста во процесот на подготовка на општинските буџети преку организирање буџетски форуми и примена на други современи алатки за собирање на мисл | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Назив на активн | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.4.1. | Целосно воспоставување на процедурите за организирање буџетски форуми и примена на други современи и комплементарни алатки за собирање на мислења и предлози од граѓаните во сите ЕЛС во фаза на подготовка на буџетот на ЕЛС (уредување со статутите и други внатрешни акти на ЕЛС). | 2024 - 2026 | Сите ЕЛС ги имаат уредено Форумите во заедницата во своите статути. | Како дел од процесот на измена на Законот за локална самоуправа на предлог на работната група, тимот на експерти и консултативните настани Форумите во заедницата беа предложени и вметнати како дел од новото законско решение, односно членот 30 на ЗЛС се менува и гласи: „(1) При изготвувањето на буџетот на општината, развојните стратегии, програми, планови и проекти на општината, советот, односно градоначалникот претходно обезбедуваат активно вклучување на граѓаните преку организирање форуми во заедницата, јавни трибини, спроведување анкети или барање предлози и мислења од граѓаните. (2) Министерот надлежен за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа пропишува Методологија за организирање на форумите во заедницата, јавните трибини, анкетите и прибирањето на предлози и мислења од граѓаните.“<br>Со овие законски одредби Форумите во заедницата се воспоставуваат како дел од редовните алатки за учество на граѓаните во процесите на креирање на политики и донесување на одлуки на локално ниво.<br>Пропишувањето на посебна Метологија за организирање на овие алатки од страна на МЛС, значително треба да придонесе кон поголемо промовирање и примена на овие алатки, вклучително и на Форумите во заедницата од страна на ЕЛС.<br><br>Актуелно вкупно 71 општини (од кои 5 во текот на 2024 и 2025 година) ги имаат уредено Форумите во заедницата во своите Статути како и имаат усвоено посебни правилници за нивна организација, додека УНДП во соработка со МЛС и ЗЕЛС ќе продолжи понатаму да ги промовира и поддржува останатите општини успешно да ја усвојат и применат оваа Методологија.<br>Досега под покровителство на ЗЕЛС а во соработка со УНДП и Швајцарската амбасада се обучени и сертифицирани 58 форумски модератори кои се ставени на располагање на општините за организирање на форумски сесии. Дополнително од страна на ЗЕЛС е поставена и редовно ажурирана е интернет страницата каде се претставени профилите на сите модератори, а кои општините може да ги ангажираат за поддршка на реализацијата на Форумски процеси.<br>Општините редовно организраат буџетски и проектни форуми, Во рамките на проектите “Зајакнување на општинските совети - Фаза 2“ и „Справување со загадувањето на воздухот“ кои се спроведуваат од страна на УНДП, во текот на 2024 и 2025 година се организирани 25 нови форумски процеси во исто толку партнерски општини. | ЗЕЛС | Активноста е во тек |

| **Мерка 1.2.5: Изградба на капацитети за доследна примена на родово одговорното буџетирање и споделување на успешните практики** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.5.1. | Воведување на целосно родово одговорно буџетирање (РОБ) во сите програми на ЕЛС. | 2024-2026 | Воведено е целосно РОБ во сите ЕЛС. | | МСПДМ | |
| 1.2.5.2. | Подготовка и спроведување на обуки за примена на родово одговорното буџетирање (РОБ) и споделување на успешните практики помеѓу општините, општинската администрација и КЕМЗ. | 2024-2026 | Најмалку 10 нови општини се вклучени во Програмата за РОБ,<br><br>20 Совети на општини учествуваат во обуки на РОБ. | | МСПДМ | |

**Компонента 2: ИНОВАТИВЕН И ИНКЛУЗИВЕН ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

**Приоритет 2.1: Создавање на неопходни предуслови за забрзан економски развој и раст на единиците на локалната самоуправа**

**Мерка 2.1.1: Продлабочување на соработката на општините со централната власт и другите засегнати страни за развој на општинските економски зони и привлекување на инвестиции но и во сите процеси за ф**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.1.1. | Продлабочување на соработката на општините со надлежните органи на државната управа и агенции, за развој на општински економски зони и привлекување на домашни и странски гринфилд и браунфилд инвестиции. Генерирање на податоци во постоечкиот портал за браунфилд инвестиции на АПСИ и развивање на портал за промоција на можностите на општините за привлекување на гринфилд инвестиции. | 2024-2026 | Воспоставени се општински развојни зони во дополнителни 10 ЕЛС. Функционален портал за промоција на можностите на општините за привлекување на гринфилд инвестиции. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 10 од 55 општини (15%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 пријавиле дека се воспоставени општински развојни зони во нивните општини. | ЕЛС, ЗЕЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.1.2. | Подготовка, донесување и спроведувањ е н а новиот Закон за јавно приватно партнерство и на новиот Закон за концесии на добра од општ интерес. | 2024-2026 | Донесени се новиот Закон за јавно приватно партнерство и новиот Закон за концесии на добра од општ интерес.<br><br>Склучени се минимум 5 дополнител ни ЈПП од страна на ЕЛС. | | МЕРМС | |

**Мерка 2.1.2: Обезбедување на зајакната улога за општинските економско социјални совети како клучни партиципативни тела и промотори на локалниот економски и социјален развој на општините**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.2.1. | Воспоставување на економско социјални совети (ЕСС) во сите ЕЛС со учество на здруженијата основани од физички лица и приватниот сектор, универзитетите и други локални засегнати страни и воспоставување партнерства за одржлив ЛЕР. | 2024-2026 | Воспоставени ЕСС во сите ЕЛС со најмалку 30% членови од помалку застапениот пол. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 23 од 65 општини (35%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 изјавиле имаат веќе воспоставено ЕСС. 4 општини известиле дека се во фаза на креирање на ЕСС (6%), додека пак 38 општини (58%) известиле дека немаат воспоставено ЕСС. Дополнително 21 опшини (32%) од оние кои известиле изјавиле дека во нивните ЕСС се формирани со најмалку 30% членови од помалку застапениот пол. | ЕЛС | Активноста е во тек |

| **Мерка 2.1.3: Доследна партиципативна подготовка и спроведување на општинските стратегии и планови за ЛЕР со фокус на искористување на споредбените предности и паметна специјализација, воспоставув** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.3.1. | Подготовка на функционални анализи и документација за воспоставување на облици на меѓуопштинска соработка за ЛЕР и поддршка на претприемништвото и МСП (работни тела, заедничка администрација особено на помалите и претежно рурални општини, здружување на средства за ко-финансирање на покрупни проекти и др.). | 2024 – 2026 | Воспоставени се минимум три дополнителни облици на МОС за ЛЕР. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 21 од 65 општини (32%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат воспоставено меѓуопштинска соработка (МОС) со друга општина за локален економски развој. | ЕЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.3.2. | Партиципатив на подготовка на нова генерација на интегрирани локални развојни планови (ИЛРП) со кои се воспоставува сеопфатна стратешка развојна рамка за општините, цврсто поврзана со буџетскиот процес и со која се адресираат предизвици поврзани со сите области од локална надлежност вклучувајќи го и локалниот економски развој согласно методолошките насоки за подготовка на Интегрирани локални | 2024 – 2026 | Минимум две третини од ЕЛС имаат донесено ИЛРП. | Во рамките на проектите “Зајакнување на општинските совети“ и “Зајакнување на капацитетите на општините за имплементација на проекти“ кои се спроведуваат од страна на УНДП со финансиска поддршка од Швајцарија и Шведска и со соработка со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, во текот на 2024 година се подготвени вкупно 33 Интегрирани локални развојни планови (ИЛРП) за исто толку општини. Додека во текот на 2025 година исто така преку овие два проекти во фаза на подготовка се уште 7 нови ИЛРП, кои е планирано да се завршат до крајот на 2025 година. Подготовката на овие развојни документи се прави врз основа на Методолошки прирачник за интегрирано развојно планирање усвоен од страна на МЛС. | ЕЛС | Активноста е во тек |

| Мерка 2.1.4: Обезбедување зајакнато учество на општините во спроведување на националните стратегии за развој на малите и средни претпријатија, индустријата, женското претприемништво, формализиран | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.4.1. | Споделување на навремени и прецизни информации за претпријатијата за достапни финансиски програми и инструменти за поддршка од страна на ЕЛС, со фокус на жените и младите претприемачи. | 2024 – 2026 | Дополнителни минимум 10 општини поддржуваат претпријатија на жени и млади претприемачи. | Министерството за економија и труд, со Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија за 2024 година, субвенционираше 38 жени претприемачи, преку реализација на Мерка 1 од Програмата: Финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија. | МЕТ, АПСИ, АППРСМ, АППТ, ФИТР | Активноста не е започната |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.4.2. | Воспоставување општински иновативни центри, бизнис акцелератори и инкубатори преку кои на лицата кои сакаат да отпочнат бизнис а особено жените, младите и лицата со попреченост како и други ранливи групи, ќе им се обезбедат сите неопходни информации и ќе се даде поддршка да ја реализираат нивната идеја на подрачјето на секоја општина. | 2024 – 2026 | Воспоставени се нови бизнис акцелератори во минимум 5 ЕЛС. | | ФИТР | Активноста не е започната |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.4.3. | Подготовка и донесување на Стратегија за развој на туризмот и разработка низ поврзани планови на ЕЛС. | 2024 – 2026 | Подготвена и донесена нова Стратегија за развој на туризмот и планови за развој на туризмот во мин. 20% од ЕЛС. | | МКТ, МЕТ, АППТ и | |

**Мерка 2.1.5: Вклучување на здруженијата основани од физички лица во процесот на подготовка и спроведување на политиките и мерките за локален економски развој а преку нив и на ранливите категории о**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.5.1. | Продлабочување на соработката на единиците на локалната самоуправа со здруженијата основани од физички лица и фондации како и организации од приватниот сектор за нефинансиска поддршка на претпријатијата. | 2024 – 2026 | Дополнителни минимум 10 ЕЛС реализираат облици на финансиска и 20 ЕЛС реализираат облици на нефинансиска поддршка на претпријатијата. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 26 од 65 општини (40%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 изјавиле дека обезбедуваат финансиска помош за претпријатијата на територијата на нивната општина, а 46 од 65 општини (77%) обезбедуваат нефинансиска помош. | ЕЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.5.2. | Подготовка и спроведување на програми од страна на ЕЛС за поддршка на социјалното претприемништво, инкубирање социјални претпријатија и старт-ап бизниси, за поддршка на жените во отворање и водење бизнис (особено во руралните подрачја) и за систематско намалување на бариерите за пристап на жените до пазарот на труд. | 2024 – 2026 | Дополнителни минимум 10 ЕЛС реализираат програми. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 15 од 65 општини (23%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 изјавиле дека нивната општина спроведува програми за поддршка на социјалното претприемништво. | ЕЛС | Активноста е во тек |

**Мерка 2.1.6: Подготовка и спроведување на програми за развој на човечките капацитети во администрацијата на општините**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.6.1. | Развивање на капацитетите на ЕЛС за континуирана подготовка на техничка и финансиска документација согласно барањата поврзани со проектни апликации вклучувајќи таргетирана поддршка на помалите и претежно рурални општини. | 2024 – 2026 | Изградени капацитети на ЕЛС за континуирана подготовка на техничка и финансиска документација согласно барањата поврзани со проектни апликации вклучувајќи таргетирана поддршка на помалите и претежно рурални општини. | Во рамките на Ресурсниот центар е предвидена институционализација на алаткаа Фонд за техничка документација. | МЛС | Активноста е во тек |

**Мерка 2.1.7: Воспоставување стимулативна локална даночна политика и обезбедување поволности за приватниот сектор**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.7.1. | Обезбедување поволности за приватниот сектор преку соодветна политика поврзана со локалните надоместоци кои се поврзани со вршење економски дејности и преку намалување на административните процедури и бариери поврзани со основање и работа на компаниите а со цел да се стимулира ЛЕР. | 2024 - 2026 | Минимум 50% од ЕЛС спроведуваат стимулативна политика во делот на локални надоместоци и ги имаат поедноставено (дигитализирано) процедурите поврзани со основање и работа на компаниите. | ЗЕЛС спроведува проект БФЦ бизнис пријателско опкружување - 4 нови општини се јавени на повикот за стекнување со сертификатот за БФЦ<br><br>3 општини за ново стекнување и една за ресертифицирање<br><br>Со сертификатот општините треба да исполнуваат 10 критериуми и преку 60 поткритериуми.<br><br>Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 8 од 65 општини (12%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 изјавиле дека спроведуваат стимулативна даночна или бирократска политика за приватниот сектор. | ЕЛС | Активноста е во тек |

| **Мерка 2.1.8: Одржливо и систематско собирање на податоци и создавање на статистика на ниво на општини која потоа може да се искористи за пресметување на Индекс на локален развој** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.8.1. | Воспоставување на Индексот на општински развој | 2024 - 2026 | Воспоставено институционално решение за Индексот на општински развој. | Општинскиот развоен индекс (ОРИ) е објективен систем за следење на перформансите и вкупниот развоен напредок на општините по однос на Целите за одржлив развој (ЦОР) врз основа на серија параметри и индикатори организирани во единаесет главни компоненти (Инфраструктура, Економија, Животна средина, Урбано планирање, Институционална област, Образование, Здравство, Социјална област, Култура, Спорт и Безбедност).<br>Врз основа на собирање и анализа на обемни статистички податоци, ОРИ овозможува рангирање на општините според нивото на развој. Пресметката на ОРИ е колективен статистички опфат на национално ниво, кој се базира на генерирање, собирање и анализа на голема количина податоци од различни извори (општини, Државен завод за статистика, различни министерства).<br>ОРИ има значителен потенцијал за поддршка на локалната развојна агенда на државата. Може да се користи за олеснување на планирањето за подобра распределба на средствата од централно на локално ниво во согласност со вкупните развојни достигнувања на општините и целите за рамномерен регионален развој. Исто така, индексот може да се користи и во приоритизација на развојни проекти финансирани од различни извори.<br><br>Моментален статус<br>Математичко – статистичкиот модел на ОРИ е финализиран согласно расположливите статистички податоци во државата. Ова се направи преку активна работа на меѓуинституционална работна група во која се вклучени сите институции кои имаат улога во системот на локалната самоуправа. Истиот е развиен во модуларна форма што ќе овозможи негова надградба како што дополнителни податоци ќе стануваат достапни во иднина.<br>ОРИ досега е пресметан за неколку години заклучно со 2023. Досега се има користено во изборот на проекти коишто добиваат поддршка во рамките на Фондот за техничка документација кој се спроведува со поддршка на УНДП.<br>Направена е функционална анализа за потребите на идната институционализација на ОРИ. Според анализата, како најсоодветен институционален домаќин е идентификуван Министерството за локална самоуправа.<br>Успешно е завршена кампањата (караван) за промоција на ОРИ помеѓу клучните засегнати страни (општини, центри за развој на планските региони и други)<br>Во тек е обука на номинирани претставници на Министерството за локална самоуправа за управување со индексот во иднина преку собирање на податоци и користење на моменталниот модел за изработка на аналитички извештаи околу развојот на општините.<br>Во план е изработка на ИТ решение за дополнителна дигитализација и автоматизација на процесот на пресметка на ОРИ кое ќе го олесни неговото идно функционирање. | МЛС, МФ | Активноста е во тек |

**Приоритет 2.2: Развој на локални политики за намалување на невработеноста и спроведување на комплементарни мерки од страна на единиците на локалната самоуправа**

**Мерка 2.2.1: Засилено вклучување на општините во процесите поврзани со унапредување на пазарот на труд, како и подобрување на координацијата со централната власт по однос на дизајнирањето на што е**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.1.1. | Спроведување на програми со активни мерки за вработување од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот со фокус на најранливите групи на пазарот на трудот, подготвени на партиципативен начин со учество на ЕЛС, локалните засегнати страни и потенцијалните корисници. | 2024 - 2026 | Активните програми и мерки за вработување од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот кои ги имплементира АВРСМ се подготвуваат и спроведуваат во партнерство со други одговорни институции, организации и низ соработка со ЕЛС. | | АВРСМ | |

| Мерка 2.2.2: Подготовка на евиденции за состојбите за пазарот на труд на подрачјето на општините и мапирање на потребите од вработување (структура на вработени и невработени, можности за обука, пону | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.2.1. | Мапирање на невработените лица, активните баратели на работа и потребите од вработување во приватниот сектор и подготовка на евиденции за состојбите за пазарот на труд на подрачјето на општините низ собирање и размена на податоци за потенцијалните корисници на активните мерки за вработување во соработка со надлежните државни институции и бизнис секторот. | 2024 - 2026 | Потребите од вработување во приватниот сектор се мапирани и воспоставени се евиденции за состојбите за пазарот на труд на подрачјето на дополнителни 15 ЕЛС. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 17 од 65 општини (26%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека вршат мапирање на невработените лица, активните баратели на работа и потребите од вработување во приватниот сектор и води евиденција за состојбите за пазарот на труд на подрачјето на општинат. | ЕЛС | Активноста е во тек |

| **Мерка 2.2.3: Искористување на постоечките капацитети на стручните установи за обезбедување образование на возрасни, вклучувајќи воспоставување на соодветни облици на меѓуопштинска соработка** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на активн** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.3.1. | Подготовка на програми за подобрување на компетенциите за вработување и вработливост на невработените , односно за образование на возрасни во рамките на потребите на пазарот на труд од страна на општините и низ соработка со Центарот за стручно образование и обука за спроведување на програми за преквалификација и доквалификација, вклучувајќи воспоставување на соодветни облици на | 2024 - 2026 | Воспоставена е практика за подготовка на програми од страна на ЕЛС во соработка со ЦСОО и воспоставени се минимум три облици на МОС. | | МОН, ЦОВ | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.3.2. | Финализирање, усвојување и спроведување на: нов Закон за средно образование; Закон за стручно образование и обука и Закон за образование на возрасни | 2024 - 2026 | Донесени се: нов Закон за средно образование; Закон за стручно образование и обука и Закон за образование на возрасни. | | МОН | Реализирана активност |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.3.3. | Зајакнување на дуалното образование преку создавање на кариерни центри во средните училишта, испорака на обуки на ментори за успешно водење на учениците низ работниот процес и пренесување на своето знаење и искуство и креирање на портал за поврзување и интеракција на компаниите со средните стручни училишта со цел самоиницијативно развивање и одржливост на концептот на дуално | 2024 - 2026 | Создадени се кариерни центри во средните училишта, испорачани се обуки, создаден е портал за поврзување и интеракција на компаниите со средните стручни училишта и воспостави и опремени се уште три нови РЦСОО. | | МОН | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.3.4. | Отворање на реални компании во средните училишта за услуги или производи за пазарот со кои ќе се остваруваат приходи, а притоа учениците ќе стекнуваат вештини за различни позиции во компанијата. | 2024 - 2026 | Отворени се реални компании во миниум три средни училишта за услуги или производи за пазарот со кои ќе се остваруваат приходи, а притоа учениците ќе стекнуваат вештини за различни позиции во компанијата. | | МОН, МЕТ | Активноста е во тек |
| 2.2.3.5. | Формирање на посебни центри за поддршка за работа со талентирани и надарени ученици. | 2024 - 2026 | Формирани се минимум 4 посебни центри за поддршка за работа со талентирани и надарени ученици. | | МОН | Активноста не е започната |

**Компонента 3: КВАЛИТЕТНИ ЛОКАЛНИ УСЛУГИ СО ЦЕЛОСЕН ОПФАТ НА НАСЕЛЕНИЕТО**

| Приоритет 3.1: Поквалитетно основно и средно образование во функција на забрзан социо-економски развој на единиците на локалната самоуправа | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 3.1.1: Оптимизација на мрежите на училишта за основно и средно образование** | | | | | | |
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |
| 3.1.1.1. | Утврдување критериуми за оптимизација и подготовка на Акциски план на секоја општина за оптимизација на мрежата на основни училишта и бројот на паралелки во рамките на секое училиште како и потенцијални от технолошки вишок на наставниот кадар. | 2024 - 2026 | Оптимизација на мрежите на училишта за основно и средно образование и изработка за критериуми и Акциски План за оптимизација на мрежата. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 29 од 65 општини (45%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека нивната општина има план за општимизација на мрежа на основни училишта. | ЕЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.1.2. | Утврдување критериуми за оптимизација и подготовка на Акциски план на секоја општина за оптимизација на мрежата на средни училишта и бројот на паралелки во рамките на секое училиште како и потенцијални от технолошки вишок на наставниот кадар. | 2024 - 2026 | Утврдени критериуми и подготвени акциски планови за оптимизациј а на мрежата во 30% од средните училишта. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 8 од 65 општини (12%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека нивната општина има план за општимизација на мрежа на средни училишта. | ЕЛС | Активноста е во тек |

| **Мерка 3.1.2: Унапредување на системот за финансирање на основното и средно образование и обезбедување доволно финансиски средства за непречено одвивање и повисок воедначен квалитет на настават** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.2.1. | Дизајнирање нов модел на финансирање и распределба на капиталните инвестиции во основното и средното образование водејќи сметка за потребата од надминување на диспаритетите помеѓу општините и воедначување на квалитетот на образовниот процес (да се разгледаат можностите за трансформација на постоечката инвестициска програма во капитална дотација). Приоритет е да се подобри Методологија | 2024 - 2026 | Извештај со препораки за воведување нов модел на финансирање и распределба на капиталните инвестиции во основното и средното образование и негова примена.<br><br>Воведување на методологија за распределба на капитални дотации за општините | | МОН | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.2.2. | Создавање на инфраструктурни услови за едносменска настава во училиштата и продолжен престој (целодневна настава) за сите ученици во државата. | 2024 - 2026 | Создадени се инфраструктурни услови за едносменска настава во училиштата и продолжен престој (целодневна на става) за учениците во минимум 2/3 од основните училишта. | Воведување на едносменска настава преку проектната единица на светска банка се спроведува физибилити студија за транзиција во едно сменска настава во основните училишта од кој во првата група се опфатени 23 училишта , во втората фаза 41 училишта и во тек е трета фаза .Преку оваа единица се планира да се надградат до 6 училници . | МОН | Активноста е во тек |

| Мерка 3.1.3: Дизајнирање и спроведување на повеќегодишна програма за зголемување на бројот на училишта со етнички интегрирани ученици и соодветни мерки за надминување на бариерите за интеграци | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |
| 3.1.3.1. | Зголемување на бројот на училишта со етнички интегрирани ученици со соодветни мерки за надминување на бариерите за интеграција. | 2024 - 2026 | Зголемување на степенот на етничка интегрираност во училиштата. | расте бројот на училиштата кои аплицираат секоја година за да го добијат грантот | ЗЕЛС и Здруженија основани од физички лица, ЕЛС, МОН, УРУОЈПЗ | Реализирана активност |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.3.2. | Развој на Програми за спречување насилство во училиштата и за безбедна училишна средина. | 2024 - 2026 | Спроведени се Програми за спречување насилство во училиштата и за безбедна училишна средина | (Програма 2) Воспитание во современ контекст: развивање социо-емоционални вештини кај учениците оспособени се 669 наставници да им овозможат на учениците да умеат да ги идентификуваат сопствените емоции; да ги увидуваат причините за појава на емоции; да преземаат одговорност за сопствените емоции што произлегуваат од фрустрирачки ситуации, да покажуваат разбирање на емоциите и чувствата на другите; да имаат увид за предностите на соработката; воочување на придонесот на јаките страни и намалување на јачината на слабите страни на поединците кои се дел од група, да умеат со соговорникот да воспостават контакт со очи; соодветна положба на телото; поставување на прашања кои покажуваат разбирање и заинтересираност; да го сумираат искажаното.<br>•(Програма 22) Справување со врсничкото насилство и кибернасилство обучени се 1628 наставници за користење техники за превенција на врсничко насилство и за справување со врсничко насилство и кибернасилство.<br>•(Програма 23) Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците, обучени се 1756 за примена на ефективна комуникација и конструктивно разрешување конфликти и за справување со конфликтни ситуации со и меѓу ученици.<br>•(Програма 2) Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социоемоционална клима на час обучени се 252 стручни соработници за да им овозможат на наставниците и учениците: да умеат да даваат конструктивна повратна информација; да препознаваат кои се начините на саботирање на тимската работа; да соработуваат со другите за постигнување на заеднички цели; да умеат да постават граници и цели за себе, да ги идентификуваат и да ги ценат добрите работи во својот живот; да планираат како да ги користат своите јаки страни; да умеат да го зголемат оптимизмот и расположението, да се запознаат со карактеристиките на справување со проблематичното однесување преку техниките на советодавната воспитна работа и педагошкото водење, нивните специфичности, процеси и фази, како и сличностите и разликите меѓу нив, да се запознаат со компонентите на социоемоционалната клима на часот, карактеристиките на современите стилови на водење на одделението, како и со фактот дека социоемоционалната клима на часот се појавува како фактор кој го објаснува останатиот дел од образовните постигања.<br>•(Програма 3) Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и слично обучени се 246 стручни соработници за да се стекнат со темелни знаења за насилството во современото општество со цел да можат да ги препознаат современите облици на насилство, да развијат интерес и способност за негово научно истражување, како и да стекнат сознанија за негово превенирање и сузбивање.<br>•Во 2024 година реализирана е обука за наставници и стручни соработници од основни училишта на тема: Род, родова еднаквост и родово засновано насилство- спречување и заштита од насилство во училиштата, во организација на Коалиција Маргини и БРО. Со обуката се обучени вкупно 27 наставници и стручни соработници од основните училишта во Скопје и Велес, за превенција на насилство во училиштата, односно за спроведување на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.<br><br>•Во 2024 година е развиен Модул за унапредување на менталното здравје на адолесцентите во образовниот систем кој се надоврзува на „Програмата за психосоцијална помош и поддршка во унапредување на добросостојбата и менталното здравје на децата и младите во образовните, здравствените и згрижувачките институции и средини“, развиена во 2022 година. Програмата и Модулот се наменета за стручните соработници во основните и средните училишта и за други професионалци-практичари во областа на грижата за децата и младите, а со цел да се развиваат и зајакнуваат нивните професионални компетенции за пружање психосоцијална помош и поддршка на деца и млади за унапредување на нивното менталното здравје и добросостојба. | МОН, БРО | Активноста е во тек |

**Мерка 3.1.4: Целосно интегрирање на децата од заедницата на Ромите во образовниот процес**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.4.1. | Формирање тимови во основните училишта во кои што се школуваат ученици од ромската заедница, кои ќе се грижат за успехот и редовноста на овие ученици, а по потреба ќе им даваат и стручна поддршка на учениците и нивните родители. Вметнување на ромските образовни медијатори во идните стратешки планирања на општините во делот на образованието со цел загарантирана систематизација и одржливост на | 2024 - 2026 | Формирани тимови во сите основни училишта во кои што се школуваат ученици од ромската заедница. Интегрирање на ромските образовни медијатори во актите за систематизација на општините. | Согласно податоците на Министертвото за образование и наука доставени од страна на ромските образовни медијатори преку нивните извештаи, констатирана е следната состојба:<br>Во рамки на учебната 2023/2024 година од вкупно 11055 ученици Роми во основно образование, 530 се осипани во текот на учебната година. Од овие 530 ученици Роми, вкупниот број на реинтегрирани во образовниот процес изнесува 262 ученици или 49,43%. Вкупниот број на ученици Роми кои успешно ја завршиле учебната 2023/2024 година изнесува 97,57% или 10787 ученици. | МОН | Реализирана активност |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.4.2. | Обезбедување стипендии за учениците од ромската заедница уште од прва година во средните стручни училишта и другите средни училишта. | Од учебната 2023/2024 година. | Обезбедени се минимум 950 стипендии за учениците од ромската заедница во средните училишта. | Зголемување на бројот на доделни стипендии за ученици Роми во 4 категории од јавните и приватните средни училишта во РСМ и зголемување на бројот на девојчињата Ромки во средното образование. | МОН | Реализирана активност |

**Мерка 3.1.5: Целосна инклузија на децата со попреченост во образовниот процес и прилагодување на физичкиот простор и наставните помагала кон нивните потреби**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.5.1. | Формирање училишни инклузивни тимови кои работат со ученици по ИОП и модифициран а програма и ангажирање образовни асистенти за ученици со попреченост. | 2024 - 2026 | Формирани инклузивни тимови кои работат со ученици по ИОП и модифицир ана програма на наставници за инклузија во сите училишта.<br><br>Ангажирани се минимум 750 образовни асистенти за учениците со попреченост. | Во септември 2024/2025 година ангажирани се 1018 образовни асистенти а во месец Февруари дополнително се ангажирани уште 168 обр.асистенти со што бројката вкупно изнесува 1186 ангажирани образовни асистенти.<br>Истотака државниот просветен инспекторат преку редовни инсекциски надзори,и интегрална евалуација на училиштата проверува дали училиштата имаат инклузивен образовен тим и дали имаат изработка на индивидулен образовен план на учениците со попреченост и воедно го мери квалитетот на работа на инклузивниот тим. | Државен просветен инспектора т, Координат ор на НКТ за имплемент ација на Конвенција та на ООН за лицата со попреченос т, ЕЛС, МОН | Реализирана активност |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.5.2. | Подготовка и спроведување на обуки за наставниот кадар за процесот на инклузивно образование на ученици со посебни образовни потреби и прилагодување на наставата и наставните помагала на нивните потреби. | 2024 - 2026 | 80% од училиштата се обучени за процесот на инклузивно образование, ја прилагодиле наставата на потребите на учениците со посебни образовни потреби и обезбедиле наставни помагала. | •(Програма 10) Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост, обучени се 805 наставници за реализација на современа настава преку практична примена на знаењата за поучување на ученици со посебни образовни потреби/попреченост, за имплементација на знаењата за самостојно изработување и применување на индивидуален образовен план, модифицирана програма и диференцијација на наставата и за инкорпорирање на нови стратегии во работењето со учениците со попреченост и вклучување на родителите во целокупното работење во училиштето.<br><br>•Со (Програма 4) Инклузивно образование во пракса обучени се 91 стручни соработници, од основните училишта со цел подобро да ја разберат инклузијата и да им помогне во создавање добар систем за поддршка на учениците со посебни образовни потреби ПОП и во создавање инклузивна училишна култура. Обуката, исто така, ќе помогне и при самоевалуација и промоција на инклузивноста на училиштето. | Координатор на НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за лицата со попреченост, МСПДМ, МОН, БРО | Реализирана активност |
| 3.1.5.3. | Подобрување на пристапноста преку отстранување на сите физички бариери за деца - ученици со попреченост во основните и средни училишта. | 2024 - 2026 | 50 % од училиштата ги отстраниле физичките бариери за деца - ученици со попреченост. | | Координатор на НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за лицата со попреченост, МОН | Активноста е во тек |

| Мерка 3.1.6: Формирање на одделенија за образование во рамките на поголемите единици на локалната самоуправа и воспоставување облици на меѓуопштинска соработка, со цел да се помогне на помалите | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
| 3.1.6.1. | Воспоставување облици на меѓуопштинска соработка (заеднички работни тела, заедничка администрација), со цел да се помогне на помалите единици на локалната самоуправа да постигнат поусогласен квалитет на образовните услуги и подобро да се поврзат со пазарот на труд. | 2024 - 2026 | Воспоставени се дополнителни три облици на МОС. | | МОН | |

| Приоритет 3.2: Унапредување на локалните услуги поврзани со социјалната заштита и заштитата на децата од страна на единиците на локалната самоуправа | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Мерка 3.2.1: Активно учество на општините во процесот на деинституционализација | | | | | | |
| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.1.1. | Продолжување со процесот на деинституционализација преку зајакнување на социјалните услуги во домот, во дневните центри и центрите на заедницата и останатите алтернативни форми на грижа и давање директни услуги за децата, младите а во наредниот период и со поголем фокус на возрасните лица со попреченост како и поефикасно споделување на информации за јавноста по | 2024 - 2026 | Договори со здружение основани од физички лица за тековна испорака на услуги од областа на социјалната заштита, се склучени во дополнителни минимум 15 општини. | По однос на објавениот Јавен повик за обезбедување на средства за давање на социјални услуги од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје со број 10-8357/1 од 23.12. 2024 година и објавениот Јавен конкурс за доделување средства на здруженија и приватни даватели на социјални услуги, за давање на социјални услуги број 10-8354/1 објавен на ден 24.12.2024 на официјалната веб страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади како и во 2 дневните весници Слободен Печат и Коха со краен рок за доставување на апликациите до 30.12.2024 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади склучи управни договори со вкупно 35 општини со што се прошири мрежата на единици на локална самоуправа кои се во улога на даватели на социјални услуги (помош и нега во домот, лична асистенција, социјална услуга Центар за дневен престој за стари лица со активно стареење, услуга - Центар за рехабилитација и реинтеграција, услуга Центар за дневен престој за лица со попреченост со индивидуална работа). До месец август 2025 година Министерството има склучено 83 управни договор за давање на социјални услуги. | МСПДМ, ЦСР | Реализирана активност |

| Мерка 3.2.2: Востановување на општинските и регионалните совети за социјална заштита во сите единици на локалната самоуправа и подготовка на социјалните планови врз основа на сеопфатно мапирање на | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.2.1. | Востановување Совети за социјална заштита во сите единици на локалната самоуправа со учество на здруженија основани од физички лица од општините. | 2024 - 2026 | Совети за социјална заштита се востановени во сите ЕЛС и Социјални Планови се донесени во сите ЕЛС. | Не можеме да дадеме одговор на ова прашање (општините) | МСПДМ и ЕЛС и Здруженија основани од физички лица | Активноста не е започната |
| 3.2.2.2. | Создавање на нормативни предуслови, утврдување на методологија и подготовка на општински регистри по категории на лица со попреченост со мапирани потреби за социјални услуги проследено и со испорака на обуки. | 2024 - 2026 | Евиденција на ранливи групи и поединци вклучувајќи ги и нивните специфични потреби е развиена во дополнителни минимум 25 ЕЛС. | Не можеме да дадеме одговор на ова прашање (општините) | МСПДМ, ЦСР | Активноста не е започната |

**Мерка 3.2.3: Постепено инволвирање на општините во управувањето со центрите за социјална работа и дневните центри за испорака на различни видови социјални услуги а со цел да се обезбеди висок степен**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.3.1. | Оценка на ефектите од спроведувањето на новиот Закон за социјална заштита и согласно наодите правење конечна проценка поврзано со трансфер на надлежности и ресурси на Центрите за социјална заштита и Дневните центри за лица со попреченост. | 2024 - 2026 | Изготвен Извештај со оценка на ефектите од спроведувањето на новиот Закон за социјална заштита и препораки по однос на понатамошна децентрализација. | | Координатор на НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за лицата со попреченост, МСПДМ, ЦСР | Активноста не е започната |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.3.2. | Воспоставување различни облици за испорака на услуги и зголемување на бројот на услуги за старите лица. | 2024 – 2026 | Воспоставени се различни облици на испорака на услуги за старите лица и зголемен е бројот на поврзани услуги во дополнителни минимум 15 ЕЛС.<br><br>Воспоставени се најмалку пет домови и осум дневни центри за стари лица до 2027 година | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 26 од 65 општини (40%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат воспоставен општински институционален облик за заштита на старите лица. | Здруженија основани од физички лица, ЕЛС, ЗЕЛС, МСПДМ, ЦСР, НВО | Активноста е во тек |

| **Мерка 3.2.4: Унапредено финансирање на социјалната заштита и заштитата на децата** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.4.1. | Обезбедување поддршка за проекти преку кои се создаваат услови за развој на социјалните услуги за корисници на локално ниво. | 2024 - 2026 | Поддршка за минимум 30 проекти, преку кои се создаваат услови за развој на социјалните услуги за корисници на локално ниво годишно (половина од проектите да бидат во руралните општини). | Министерството за социјална политика, демографија и млади преку поддршка на Светска Банка во контунитет поддржува Општини преку даватели на социјални услуги за развој на социјални услуги на локално ниво. Во текот на 2025 година се поддржани 26 Општини со грантови за воспоставување на социјалните услуги како и нивно финансирање со 12 месеци со можност на преминување во тековнос финансирање преку Буџет на РСМ. | МСПДМ | Реализирана активност |
| 3.2.4.2. | Донесување и спроведување на Закон за социјално претприемништво и Стратегија за развој и промоција на социјалната претприемливост | 2024 - 2026 | Донесен е и се спроведува нов Закон за социјално претприемништво и Стратегија за развој и промоција на социјалната претприемливост | Во 2026 година се учекува усвојување на законската регулатива односно донесување на Законот за социјално претприемништво. | МСПДМ | Активноста е во тек |

| Мерка 3.2.5: Постепен премин кон функционална децентрализација во оваа област на начин што ќе се обезбеди финансиска поддршка за општини во кои нема пренесени детски градинки и други установи за | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
| 3.2.5.1. | Инвестиции во јакнење на локалната инфраструктура на детски градинки и центри за ран детски развој и обезбедување поддршка за руралните ЕЛС за организирање алтернативни начини за згрижување деца. | 2024 -2026 | Дополнителни 5 нови јавни установи за деца - детски градинки до крај на 2026 година. | "Во тек се изградби/доградби/ опремувања во Општина Свети Николе, с.Ерџелија, Општина Могила, Општина Дебар, Општина Гевгелија, Општина Карбинци, с.Таринци, Општина Кочани, Општина Битола, Општина Аеродром, Општина Пробиштип, Општина Центар, Општина Илинден, Општина Теарце, Општина Делчево, Општина Битола и Општина Прилеп. Со отворањето на овие објекти, капацитетот ќе се зголеми за 1397 деца.<br>Планирани градинките за отварање до 2028 година:<br>Општина Аеродром (населба Лисиче), Општина Кисела Вода (населба Расадник и населба „11 октомври згради“), Карпош (населба Влае 1), Општина Гази баба (село Инџиково и село Трубарево), Општина Ѓорче Петров (населба Дексион, населба Стопански двор и населба Александрија), Општина Бутел, Општина Куманово (два објекти), Општина Штип, Општина Свети Николе, Општина Кратово, Општина Илинден, Општина Петровец, Општина Зелениково, Општина Демир Капија, Општина Струга, Општина Гостивар, Општина Брвеница (село Челопек и населено место Брвеница), Општина Боговиње и други општини кои ќе пројават потреба за проширување на капацитети за згрижување на деца од предучилишно образование." | МСПДМ | Реализирана активност |
| 3.2.5.2. | Воведување асистенти и стручни соработници за деца со попреченост во детските градинки | 2024 -2026 | Воведени се асистенти и стручни соработници за деца со попреченост во детските градинки | Моментално активноста е во мирување.<br>МСПДМ се соочува со проблем за обезбедување на основните стручни тимови во градинките. Од постоечки вкупно 80 ЈУ на детски градинки само во 2 ЈУ има комплетен стручен тим.<br>Затоа МСПДМ има план да се вработат негователи кои на постоечките негователи на децата со посебни потреби во ЈУ би им биле асистенти кои би им помагале во спроведувањето на активностите.<br>Во првата половина од 2025 година ќе изготвиме анализа за реалната потреба за воведување на вакви асистенти. По направената анализа ќе направиме и измена на законската регулатива. Во 2026та годинаќе започнеме со пилотирање на 100 асистенти во детските градинки. А во 2027та година ќе пристапиме кон имплементација на проектот | ЕЛС, МСПДМ | Активноста не е започната |

| Мерка 3.2.6: Стимулирање на меѓуопштинската соработка и подготовка и спроведување на програми за развој на капацитети и стручно оспособување на вработените во општините | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.6.1. | Воспоставување облици на меѓуопштинската соработка во областа на социјална заштита и заштита на децата (работни тела, заедничка администрација, заеднички установи и други облици утврдени со Законот за МОС во зависност од потребите) особено помеѓу руралните општини. | 2024 - 2026 | Воспоставени се минимум три дополнителни облици на МОС. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 18 од 65 општини (28%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека нивната општина воспоставила облици на меѓуопштинската соработка во областа на социјална заштита и заштита на децата. | ЕЛС | Активноста е во тек |

| Мерка 3.2.7: Интегрирање на услугите поврзани со социјалното домување во областа на социјалната заштита како локална надлежност и обезбедување стабилно финансирање во комбинација со наменски тр | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.7.1. | Унапредување на нормативната рамка за социјалното домување преку подготовка и донесување на нова Национална стратегија за домување и донесување на нов Закон за социјално домување со уредување на клучните категории на самостојно домување, живеење со поддршка, субвенционирање на домувањето и непрофитно домување. | 2024 - 2026 | Донесени се нова Национална стратегија за домување и нов Закон за социјално домување. | | МТ | |

| Мерка 3.2.8: Усвојување на пристап „од долу нагоре“ за креирање на локалните услуги заедно со крајните корисници и развој на нови социјални услуги за поддршка на лицата со попреченост | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на акти** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.8.1. | натамошно координирање и вклучување на сите засегнати страни (корисници на услуги и здруженијата основани од физички лица) во заедницата, во процесот на обезбедување квалитетни и иновативни социјални услуги особено за лицата со попреченост (формирање на општински лаборатории за заедничко креирање на социјални услуги со крајните корисници и други инвентивни облици на комуникација | 2024 -2026 | Формирани се општински лаборатори и или други сродни облици за заедничко креирање на услуги во дополнителни минимум 20 ЕЛС. | Во текот на 2024 година, Фондот за иновации и технолошки развој објави три јавни повици за доделување на финансиска поддршка, инструментите: „Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст“ (објавен на 26.01.2024 година), „Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин оф“ (објавен на 06.03.2024 година), Ко-финансирани грантови за комерцијализација на иновации“ (објавен на 26.04.2024 година). Повиците не се завршени бидејќи во текот на 2024 година се спроведе ревизија на постоечките програми и начинот на финансирање на Фондот, која сеуште трае и во 2025 година. Во годишната програма за работа за 2025 година, Фондот за иновации и технолошки развој нема предвидено објава на јавни повици и активности поврзани со јавните повици, поради предвиденото реструктуирање на Фондот. | ЕЛС, ФИТР | Активноста не е започната |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.8.2. | Подобрување на пристапноста во објектите на општините и сите општински јавни установи и ЈКП: надворешна и внатрешна пристапност, лифтови, рампи покрај скалила, адаптирани тоалети, ангажирање на преведувачи на знаковен јазик заради соодветен пристап до услуги за глувите лица, адаптација на веб страните на општините во пристапен формат за слепи лица, а имаат пристап до информациит е кои ги нудат | 2024 -2026 | Подобрена е пристапност а во објектите на општините и сите општински јавни установи и ЈКП во минимум 70% од општините. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 45 од 65 општини (68%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека ја подобриле пристапноста во објектите на општините и сите општински јавни установи и ЈКП; (адворешна и внатрешна пристапност, лифтови, рампи покрај скалила, адаптирани тоалети, ангажирање на преведувачи на знаковен јазик заради соодветен пристап до услуги за глувите лица, адаптација на веб страните на општините во пристапен формат за слепи лица, а имаат пристап до информациите кои ги нудат истите, поставување дополнителни информативни табли во институциите отворени за јавноста, изработени на Брајова азбука и сл.) | ЕЛС | Активноста е во тек |

| **Мерка 3.2.9: Засилено спроведување на Стратегијата за Ромите и поврзаните акциски планови во сите тематски области, формирање на координативни тела во општините и обезбедување зајакната координаı** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актиı** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.9.1. | Проширување на опфатот на ромски деца во предучилишно образование (детски градинки). | 2024 -2026 | Минимум: 500 деца - 2024 год. 550 деца - 2025 год. | Согласно анкетното известување на општините, и нивната евиденција, вкупно над 1000 деца Роми се запишани во педучилишно образование 2025 година. | ЕЛС, ЗЕЛС, МСПДМ, МОН | Активноста е во тек |

| **Мерка 3.2.10: Воспоставување систематска соработка помеѓу центрите за социјална работа, општините, центрите за вработување, здруженијата основани од физички лица, училиштата, полициските станици и** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |
| 3.2.10.1. | Формирање на хетерогени работни тимови на ниво на ЕЛС за решавање на социјални проблеми поврзани со стапката на криминал а особено превентивни мерки за спречување на малолетничка деликвенција. | 2024 -2026 | Формирани хетерогени тимови во дополнителни минимум 30 ЕЛС. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 16 од 65 општини (25%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат нивната општина има создадено тимови за решавање на социјални проблеми поврзани со стапката на криминал и малолетничката деликвенција. | ЕЛС | Активноста е во тек |

| **Мерка 3.2.11: Проширување на мрежата на специјализирани услуги за жртви на родово засновано насилство** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.11.1. | Проширување на мрежата на специјализирани советувалишта за жени жртви на насилство и семејно насилство и специјализирани советувалишта за психо-социјален третман на сторители на семејно насилство, согласно стандардите на Истанбулската Конвенција. | 2024 -2026 | Воспоставување минимум уште 5 специјализирани советувалишта. | 2024 година: 3 советувалишта во Скопски Регион (2- советувалишта за жртви и 1- советувалиште за сторители), | Здруженија основани од физички лица, ЕЛС, ЦСР, МВР, МСПДМ | Реализирана активност |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.11.2. | Проширување на мрежата на засолништа за жени жртви (и нивните деца) на семејно насилство согласно стандардите на Истанбулската Конвенција. | 2024 -2026 | Воспоставени се дополнителни три засолништа за жени жртви (и нивните деца) на семејно насилство.<br><br>Отворање нови десет центри за згрижување и поддршка на жени жртви на полово базирано насилство | 1 засолниште - Полошки Регион,<br>2.ЦСР Скопје-засолниште 1 | ЕЛС и Здруженија основани од физички лица, МСПДМ , ЦСР | Реализирана активност |

| Мерка 3.2.12: Целосно спроведување на новиот Закон за еднакви можности на жените и мажите со фокус на мерки и активности за унапредување на родовата еднаквост во сите хоризонтални програми на оп | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на акти** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.12.1. | Подготовка и реализирање на обуки за членовите на општинските совети и локалните механизми за родова еднаквост. | 2024 -2026 | Продолжува континуирано испорачување на обуки Реализирани се обуки за општински советници и лица вработени во администрација во минимум 10 дополнителни ЕЛС. | Спроведена обуката за размена на искуства и добри практики помеѓу координаторите/ките за еднакви можности на жените и мажите од единици за локална самоуправа (ЕЛС) на која учествуваа 24 е административни службеници од кои 21 се жени и 3 мажи од следниве 19 ЕЛС: Кавадарци, Центар, Делчево, Кисела Вода, Крива Паланка, Штип, Ѓорче Петров, Охрид, Богданци, Гевгелија, Аеродром, Гази Баба, Македонска Каменица, Струмица, Струга, Гостивар, Битола, Велес и Чашка.<br>21-23.02.2024 година<br>Реализирано за 2024, во 2026 ќе продолжи да се спроведуваат обуки | МСПДМ | Реализирана активност |
| 3.2.12.2. | Јакнење на улогата на општинските координатори/ки за еднакви можности и на нивната структурна врска со Комисиите за еднакви можности и подобрување на условите за работа на Комисиите за еднакви можности. | 2024 -2026 | Инволвирање на 10 дополнителни координатори за еднакви можности во процесот на носење на општинските буџети од страна на советите на ЕЛС. | Во 2023 година 19 единици на локална самоуправа и тоа: Град Скопје, Центар, Карпош, Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Ѓорче Петров , Старо Нагоричане, Маврово и Ростуше, Боговиње, Велес, Тетово, Струга, Гостивар, Гевгелија, Македонски брод, Струмица, Свети Николе и Кавадарци биле вклучени во програмата за родово одговорно буџетирање на UN Women.<br>Во 2024 година следниве општини имаат програми, оперативни планови или акциски планови од областа на родовата еднаквост. : Могила, Валандово, Гостивар, Вевчани, Новаци, Пласница, Аеродром Богданци, Велес, Демир Хисар, Боговиње, Гевгелија Струмица, Новаци, Кавадарци, Дебрца, Бутел, Пробиштип, Лозово, Македонски Брод, Центар, Теарце, Пехчево, Долнени, Конче, Кривогаштани, Градско, Карпош. Додека, стратегија имаат следниве општини: Аеродром, Кавадарци, Ѓорче Петров, Делчево.<br><br>Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 63 од 65 општини (97%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат определено општински координатори за еднакви можности. | ЕЛС | Реализирана активност |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.12.3. | Примена на партиципативен пристап при подготовка, буџетирање и спроведување на програми за социјална кохезија, недискриминација и еднакви можности на локално ниво и спроведување на буџетските форуми со рамномерна застапеност на жените и мажите. | 2024 -2026 | Сите ЕЛС спроведуваат партиципативен пристап за подготовка на програми за социјална кохезија, недискриминација и еднакви можности. | Во 2024 година, општини кои имаат реализирано проекти/ активности/ мерки од областа на родовата еднаквост се издвојуваат: Валандово, Гостивар, Аеродром, Богданци, Велес, Гевгелија, Кавадарци, Дебрца, Ѓорче Петров, Пробиштип, Центар, Струмица, Желино, Велес, Пехчево, Конче, Градско, Зелениково, Карпош.<br><br>Единици на локалната самоуправа кои од нивниот буџет имаат посебна издвоена ставка за финансирање на проекти/активности/мерки поврзани со родовите прашања се: Могила, Валандово, Јегуновце, Гостивар, Аеродром, Богданци, Велес, Новаци, Вевчани, Демир Хисар, Боговиње, Гевгелија, Струмица, Дебрца, Маврово и Ростуше, Лозово, Дебрца, Ѓорче Петров, Пробиштип, Центар, Струмица, Новаци, Теарце, Врапчиште, Велес, Пехчево, Долнени, Конче,. Градско, Кривогаштани и Карпош.<br><br>Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 48 од 65 општини (74%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека нивната општина користи партиципативен пристап за подготовка на програми за социјална кохезија, недискриминација и еднакви можности. | ЕЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.12.4. | Воспоставување на одржлив механизам и системска рамка за редовно мерење на индикатори за родова еднаквост на локално ниво и како прв чекор утврдување на минимум индикатори и собирање на родово разделени податоци. | 2024 - 2025 | Воспоставен е одржлив механизам и системска рамка за редовно мерење на индикатори за родова еднаквост на локално ниво. | | МСПДМ | |

| **Приоритет 3.3: Развој на единиците на локалната самоуправа преку културата** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 3.3.1: Функционална децентрализација и деметрополизација на културата** | | | | | | |
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |
| 3.3.1.1. | Донесување на законите за култура и заштита на културното наследство, како и на Националната стратегија за заштита на културното наследство. | 2025 | Донесени се двата закона и Стратегијата. | | МКТ | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.3.1.2. | Постепено зголемување на блок дотациите за пренесените установи од културата со цел да се задоволат сите реални потреби вклучувајќи ги не само средствата за тековно и материјално одржување, туку и за подобрување на состојбата на објектите и нивната функционалност. | 2024-2026 | Постепено зголемен износ на блок дотациите. | | МКТ | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.3.1.3. | Обезбедување минимум едно вработено лице во администрацијата на сите ЕЛС и воспоставување на заедничка администрација и други соодветни облици на меѓуопштинска соработка во културата (заеднички локални установи, здружување на средства за реализација на проекти од културата и сл.) особено на помалите претежно рурални општини. | 2024-2026 | Воспоставени се минимум три облици на МОС во културата. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 10 од 65 општини (15%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат има склучено меѓуопштинска соработка со друга општина на полето на културата. | ЕЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.3.1.4. | Обезбедување стабилни механизми на ко-финансирање на учесници во програми и проекти на ЕУ и други меѓународни и регионални соработки на национално и локално ниво. | 2024-2026 | Обезбедени се стабилни механизми на ко-финансирање. | | МКТ | |

**Мерка 3.3.2: Постепен трансфер на дел од установи од националната мрежа со фокус на центрите за култура**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.3.2.1. | Техничка помош за спроведувањ е на новиот Закон за културата во делот на носење на одлуки на Владата на РСМ за пренесување на основачките права на национални установа на единицата на локалната самоуправа. | 2025 –2026 | Реализиран и се одлуки на Владата за пренесувањ е на основачките права на минимум три национални установа на единицата на локалната самоуправа. | | МКТ | |

| Мерка 3.3.3: Подготовка и спроведување на програми за промоција на културните вредности на сите етнички заедници како и програми за поддршка на активности за младите, жените и ранливите групи од н | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.3.3.1. | Развој и спроведување на програми за промоција на културните вредности на сите етнички заедници. | 2024 -2026 | Бројот на ЕЛС каде се спроведуваат програми за промоција на културните вредности на сите етнички заедници е зголемен за 20%. | МКТ: Еден од приоритетите во рамките на Годишните програми на МКТ е и реализацијата на проектите на сите етнички зедници, преку поддршка на програмите на установите од областа на културата и проектите на здржениjата и физичките лица кои ја промовираат културата на етничките зедници во сите општини. | МКТ | Активноста е во тек |
| 3.3.3.2. | Обезбедување приоритетна финансиска и техничка поддршка за интердисциплинарни или интерсекторски проекти во кои учество земаат лица од ранливите категории по сите основи. | 2024 – 2026 | МКТ во рамки на Годишната програма продолжува со приоритетна поддршка на проекти на лицата со попреченост. | МКТ: Во 2025 година поддржани се вкупно 17 проекти во дејностите од областа на културата и меѓународната област. Реализацијата на поддржаните проекти е со цел постигнување општествена, социјална и културна инклузија на маргинилизираните лица и лицата со попреченост. | МКТ | Активноста е во тек |

| Мерка 3.3.4: Јакнење на кадровските, инфраструктурни, технички и програмски капацитети на сите локални чинители покрај мрежата на локални установи во областа на културата за осмислување локални кул | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.3.4.1. | Подготовка и спроведување на обуки за осмислување локални културни политики вклучувајќи развој на културни индустрии и подготовка на среднорочни и долгорочни стратегиски планови за локален културен развој. | 2024 -2026 | Бројот на ЕЛС во кои се подготвени повеќегодишен планови или стратегии за развој на општината преку културата зголемен за 20%. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 15 од 65 општини (23%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат засебен повеќегодишен план или стратегија за развој на општината преку културата. | ЕЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.3.4.2. | Воспоставување континуиран мониторинг и генерирање статистика (разделена по основ на родова и етничка припадност) за културните настани и проекти на локалните културни установи и општините врз основа на тематски извештаи. | 2024-2026 | Воспоставене систем за континуиран мониторинг и генерирање статистика за културните настани на сите локални културни установи на ЕЛС. | | МКТ | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.3.4.3. | Засилена меѓуинституционална соработка со целосна вклученост на локалната самоуправа во заштитата на културното наследство и спречување на диоградби особено на места со статус „културно наследство со особено значење“ (како што се историското јадро на градот Охрид, Старата чаршија во Скопје и др.). | 2024-2026 | Бројот на ЕЛС со евидентирани диоградби е зголемен за 50% и воспоставен е ефикасен и ефективен систем за нивно спречување во подрачја со статус на „културно наследство со особено значење“. | | МКТ | |

**Мерка 3.3.5: Воспоставување на партнерства со вон-институционалниот сектор со цел да се искористи целокупниот потенцијал на културата за забрзан развој на локалните културни и креативни индустрии как**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.3.5.1. | Воспоставување на јавно-приватни партнерства за развој на културните и креативните индустрии. | 2024 -2026 | Воспоставување на минумум 5 ЈПП од страна на ЕЛС за развој на културни и креативни индустрии и унапредување на културниот туризам. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 6 од 65 општини (9%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат склучено јавно приватно партнерство за развој на културните и креативните индустрии. | ЕЛС | Активноста е во тек |
| 3.3.5.2. | Програмска поддршка за забрзан иновативен развој на културните и креативните индустрии во општините. | 2024-2026 | Подготвена е и се спроведува Програма за поддршка на иновативен развој на културните и креативните индустрии во минимум 10 ЕЛС. | | ФИТР | Активноста не е започната |

**Мерка 3.3.6: Обезбедување систематска поддршка за постепено основање на Младински културни центри како мултимедијални центри во градовите**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.3.6.1. | Анализа на можностите и подготовка на елаборати за економска оправданост и одржливост за основање младински едукативни и културни центри како мултимедијални центри во поголемите градови. | 2024-2026 | Подготвена е анализа на можностите со елаборати за економска оправданост и одржливост. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 6 од 65 општини (9%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат направено анализа на можностите со елаборати за економска оправданост и одржливост за основање младински едукативни и културни центри како мултимедијални центри во поголемите градови | ЕЛС | Активноста е во тек |
| 3.3.6.2. | Основани се Младински едукативни и културни центри како мултимедијални центри во поголемите градови. | 2024 -2026 | Воспоставени се нови МЕКЦ во минимум три поголеми града. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 23 од 65 општини (35%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат воспоставено/основано младински едукативен центар/младински центар. | ЕЛС | Активноста е во тек |

**Приоритет 3.4: Унапредување на спортот и рекреацијата во единиците на локалната самоуправа**

**Мерка 3.4.1: Ревитализација на постоечката и создавање нова, квалитетна и енергетски ефикасна инфраструктура за спорт и рекреација во сопственост на единиците на локалната самоуправа „отворена за сит**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.4.1.1. | Воспоставување јавно-приватни партнерства на ЕЛС за изградба на спортско-рекреативни центри и давање на поврзани услуги како и за развој на спортскиот туризам и индустрии. | 2024-2026 | Воспоставени се минимум 3 ЈПП во ЕЛС. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 4 од 65 општини (6%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат воспоставено јавно-приватни партнерства на ЕЛС за изградба на спортско-рекреативни центри и давање на поврзани услуги како и за развој на спортскиот туризам и индустрии. | ЕЛС | Активноста е во тек |
| 3.4.1.2. | Континуирани инвестиции во реконструкција на спортски сали, фудбалски стадиони, изградба на фитнес зони и училишни пливачки базени и друга спортска инфраструктура низ поблиска соработка со општините. | 2024-2026 | Реализирање на годишните програми за инвестиции на АМС и МОН. | До изготвување на овој извештај односно до Септември 2025 година од вкупно наведените 53 спортски објекти (изградба и реконструкција) завршени се во целост 3 спортски сали (Радовиш, Ново Село и Партизан - Карпош), 3 училишни базени (Струга, Тетово и Кисела Вода), 12 повеќенаменски спортски игралишта, 15 санации на игралишта со поставување на урбана опрема и една атлетска патека во Гевгелија. | МС | Активноста е во тек |

**Мерка 3.4.2: Создавање засебна база на податоци (со родово разделени податоци) за пренесената инфраструктура во сопственост на општините, инфраструктурата која е планирано да се пренесе на општинит**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.4.2.1. | Создавање и водење засебна база на податоци (со родово разделени податоци) за реализација на услуги поврзани со спортот и спортско-рекреативните активности на граѓаните во ЕЛС. | 2024-2026 | Создадена е и се ажурира на годишно ниво родово разделена база на податоци. | -оджување на нивото на жените и девојчињата во спортско-рекреативните активности и во професионалниот спорт;<br>-вклучување на девојќињата во спортските клубови, како и зголемување на бројот на жените во органите на управување во спортските клубови;<br>-планирање на зголемена финансиска поддршка на централно и локално ниво за женските спортски клубови и спортистки. | МС | Активноста е во тек |

**Мерка 3.4.3: Забрзување на трансферот на спортските објекти со кои управува државата заедно со вработените лица на општините преку претходно и целосно разрешување на имотно-правните односи**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.4.3.1. | Подготовка на Извештај со продлабочена анализа на спортските објекти со кои управува државата (категорија на објекти, правен статус, сопственост, квалитет на објектите и потреби за обнова и сл.) и препораки за трансферирање на правото на сопственост и/или управување на ЕЛС. | 2024-2025 | Подготвен е Извештај со продлабочена анализа на спортските објекти. | | МС | |
| 3.4.3.2. | Подготовка на Детален план за трансфер на спортски објекти и вработени на општините. | 2026 | Подготвен е Детален план за трансфер на спортски објекти и вработени на општините. | | МС | |

| Мерка 3.4.4: Воспоставување на облици на меѓуопштинска соработка за заедничко управување со спортските објекти и поголеми и позначајни рекреативни зони од микро-регионално или регионално значењ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |
| 3.4.4.1. | Воспоставување на облици на меѓуопштинска соработка за заедничко управување со спортските објекти и поголеми и позначајни рекреативни зони/целини од микро-регионално или регионално значење. | 2024 -2026 | Воспоставени и се дополнителни минимум три облици на МОС во спортот и рекреацијата. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 6 од 65 општини (9%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат воспоставена меѓуопштинска соработка во спортот и рекреацијата со друга општина | ЕЛС | Активноста е во тек |

| Мерка 3.4.5: Соработка на општините со АСМ и МОН за формирање на училишни спортски екипи и лиги како појдовна точка за институционално градење на масовниот спорт во општините | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.4.5.1. | Подготовка на Извештај со анализа на бројот на формирани спортски клубови во основните и средните училишта, по вид на спортови, по родова застапеност и училишна инфраструктура за спорт и формирање на училишни спортски клубови во секоја ЕЛС. | 2024-2026 | Подготвен е Извештај со анализа. Формирани се училишни спортски клубови во основните и средните училишта во секоја ЕЛС. | Во периодот во 2024 година, гледано од регистарот кој го води Федерацијата на училишен спорт, на постоечките 286 спортски клубови во основните и средни училишта во секоја ЕЛС формирани се нови 11 (единаесет) нови спортски клубови. Поделеност на спортските клубови во основните и средни училишта во секоја ЕЛС по вид на спортови како и по родова застапеност нема затоа што политиката на тие спортски клубови е да може да се натпреваруваат во повеќе дисциплини и да може тие да се натпреваруваат и во машка и женска конкуренција. Се тежнее во периодот од 2025 и 2026 година да се формираат и спортски клубови во основните и средни училишта во секоја ЕЛС во која сеуште нема формирано такви, да се заврши истото, за што Федерацијата на училишен спорт на Македонија во Јануари 2024 година има изготвено препораки и предлози со Акциски план за системско зајакнување и зголемување на учество на младите во учиишниот спорт, кој е доставен до сите релевантни институции. Но тоа не зависи само од нас, него треба да се појави и иницијатива од самите училишта. На подобрување на училишната инфраструктура за спорт се работи во полна пареа и се гледа да секоја ЕЛС добие соодветни услови за работа на спортските клубови во основните и средни училишта. | МОН, МС | Активноста е во тек |
| 3.4.5.2. | Подготовка на акциски планови на ЕЛС за препознавање на спортски таленти, во рамките на масовниот, односно училишниот спорт. | 2024 – 2026 | Подготвени се акциски планови за препознавање и поддршка на спортски таленти во училиштата во минимум 10 ЕЛС. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 23 од 65 општини (35%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат акциски планови за препознавање и поддршка на спортски таленти во училиштата | ЕЛС | Активноста е во тек |

**Компонента 4: ЗГОЛЕМЕНА ОТПОРНОСТ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**

| Приоритет 4.1: Унапредени стандарди на урбанистичко планирање и градење во функција на забрзан социо-економски развој, заштита на животната средина и климата | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Мерка 4.1.1: Унапредување на стандардите за урбанистичко планирање со цел да се одговори на здравствените, социо-економските и еколошките влијанијата на кризата предизвикана од Ковид 19 како и пон | | | | | | |
| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
| 4.1.1.1. | Подготовка и донесување на нов Закон за урбанистичко планирање кој ќе овозможи целосна дигитализација и стандардизација на податоците во сите надлежни институции, кои ќе бидат достапни бесплатно преку владин геопортал за урбанизам и просторно планирање како и подготовка на сите подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за урбанистичко планирање со цел да се овозможи негово | 2024 - 2025 | Донесен е нов Закон за УП и сите подзаконски акти за ефикасно спроведување на Законот за УП. | | МТ | |
| 4.1.1.2. | Носење нов Закон за градење. | 2024 | Донесен е Закон за градење. | | МТ | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.1.3. | Подготовка и донесување на засебен Закон за просторно планирање со кој меѓу останатото ќе се уреди хиерархиската поставеност и обусловеност на просторните и урбанистичките планови и примената на современи стандарди за забрзан просторен и социо-економски развој и заштита на животната средина и климата. | 2024 | Донесен е Закон за просторно планирање. | | МЖСПП | |

| Мерка 4.1.2: Преиспитување на сообраќајните решенија со цел создавање на сообраќајни услови за непречено пешачење и користење на велосипеди (издвоени брзи ленти и сл.) и други превозни средства ко | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.2.1. | Преиспитување на сообраќајните решенија во населените места во ЕЛС во контекст на кризата со Ковид 19 и потребата од создавање на сообраќајни услови за непречено пешачење и користење на велосипеди (издвоени брзи ленти и сл.) и други превозни средства кои не предизвикуваат аерозагадување. | 2024 – 2026 | Минимум 15 урбани општини ги прилагодиле сообраќајните решенија. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 17 од 65 општини (26%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат прилагодени сообраќајните решенија во општината во насока на непречено пешачење и користење на велосипеди (издвоени велосипедски ленти) | ЕЛС | Активноста е во тек |

**Мерка 4.1.3: Воведување современи стандарди за урбана и социо-економска регенерација на деградирани делови од подрачјата во градовите и селата, заштита на урбаното зеленило и подрачјата за рекреац**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.3.1. | Мапирање на подрачја во населените места каде е неопходна урбана и социо-економска регенерација на деградирани делови, зајакната заштита на урбаното зеленило и подрачјата за рекреација, како и на културното наследство. | 2024 -2026 | Подготвен е Извештај со листа на подрачја во населените места каде е неопходна урбана и социо-економска регенерација. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 11 од 65 општини (17%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат подготвено извештај со листа на подрачја во населените места каде е неопходна урбана и социо-економска регенерација | ЕЛС | Активноста е во тек |

**Мерка 4.1.4: Унапредување на сите партиципативни аспекти на процесот на урбанистичко планирање и понатамошна дигитализација на процесите и процедурите**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.4.1. | Вклучување на стручната и општата јавност во годишната анализа на спроведувањето на урбанистичките планови и во почетната фаза на подготовка на годишните програми за изработка на урбанистичките планови на општините. | 2024 – 2026 | Минимум 20 дополнителни ЕЛС ја вклучиле стручната и општата јавност во годишната анализа и почетната фаза на подготовка на годишните програми за изработка на УП. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 47 од 65 општини (72%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека ја вклучуваат стручната и општата јавност во годишната анализа на урбанистичките планови и почетната фаза од програмирањето на средствата за финансирање на урбанистички планови | ЕЛС | Активноста е во тек |

**Мерка 4.1.5: Премин кон урбанистичко планирање кое е родово сензитивно и сензитивно на потребите на најранливите категории од населението**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.5.1. | Обезбедување навремена информираност на сите граѓани преку најразлични канали на комуникација земајќи предвид дека најранливите категории најчесто немаат достапност до технологија и современи начини на споделување на информации поврзани со постапката за подготовка и донесување на урбанистичките планови. | 2024 -2026 | Минимум 20 ЕЛС применуваат прилагодени алатки за комуникација и информирање на ранливите групи. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 24 од 65 општини (37%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека користат прилагодени алатки за комуникација и информирање на ранливите групи. Од анализата на одговорите може да се заклучи дека поголем дел од општините воопшто не користат специјализирани алатки за комуникација и информирање на ранливите групи, туку најчесто се потпираат на директен контакт преку средби, телефонски разговори, домашни посети или неформални разговори со граѓаните. Дел од општините наведуваат користење на општински веб страници, прилагодени дигитални алатки и е-услуги за лица со попреченост, како и социјални мрежи, локални медиуми и јавни повици за информирање на граѓаните. Некои користат и посредници од заедницата, центри за социјална работа, граѓански центри и невладини организации за олеснета комуникација. Постојат и примери на употреба на печатени флаери, аудио/видео материјали и преводи со едноставен јазик за подобра пристапност. Сепак, општата слика укажува на тоа дека само мал број општини имаат развиено поспецифични и инклузивни алатки, додека мнозинството сè уште немаат воспоставено систематски механизми за оваа намена. | ЕЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.5.2. | Вградување на стандарди за родово сензитивно урбанистичко планирање (РЗУП) во Правилникот за урбанистичко планирање. | 2024 -2026 | Вградени се стандарди за РЗУП во Правилникот за урбанистичко планирање. | | МТ | |
| 4.1.5.3. | Географското мапирање на ромските населби во општините и нивен опфат со урбанистички планови. | 2024 – 2026 | Мапирани се ромски населби во уште 5 општини и претходните пет населби се опфатени со урбанистички планови. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 19 од 65 општини (29%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека нивната општина извршила географско мапирање на ромските населби во вашата општина, 21 од 65 (32%) општини изјавиле дека не извршиле такво мерење, додека пак 25 од 65 (38%) изјавиле дека немаат ромски населби во нивните општини | ЕЛС, МТ | Активноста е во тек |

**Мерка 4.1.6: Јакнење на капацитетите на локалната администрација за управување со просторни и нумерички податоци и прогнозирање на просторните и социо-економските трендови**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.6.1. | Подготовка и спроведување на обуки за јакнење на капацитетите на општинската администрација за управување со просторни и нумерички податоци и прогнозирање на просторните и социо-економските трендови согласно со барањата на транспонираната INSPIRE Директивата на ЕУ во Законот за национална инфраструктура на просторни податоци. | 2024 – 2026 | Одржан воведен состанок за НИПП за сите ЕЛС на ЗУМ во 2024 (НИПП и INSPIRE) и информирани ЕЛС.<br><br>Одржани НИПП работилници со ЕЛС по региони на ЗУМ во 2024 (податоци и сервиси на НИПП геопорталот) и информирани ЕЛС за податоци и сервиси кои може да ги користат од НИПП геопорталот.<br><br>Одржани НИПП работилниц | | МТ, АКН | Активноста не е започната |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.6.2. | Спроведување на обуки за користење на Графичкиот регистер на градежно земјиште (ГРГЗ). | 2024 -2026 | Во 2024 година одржување на обука на сите ЕЛС за направените надградби на системот како и потврдување на податоците за внес на урбанистичко – планските документации во продукциска околина на ГРГЗ.<br><br>Одржување на дополнителни обуки за користење на ГРГЗ. | На 03.12.2024 година преку ZOOM платформа одржана е обука со професионалните корисници – планери за користење на системот Графички регистар за градежно земјиште (ГРГЗ) кој се употребува во постапка на изготвување и одобрување на урбанистичко – планската документација;<br>На 04.12.2024 година година преку ZOOM платформа одржана е обука со претставниците од Министерството за за транспорт, ЕЛС и Градот Скопје за користење на системот ГРГЗ во постапка на потврдување на податоците за внес на урбанистичко – планските документации во продукциската околина на ГРГЗ; | АКН | Реализирана активност |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.6.3. | Спроведување на обуки за валидација на терenski прибрани податоци за улици и куќни броеви во функција на Графичкиот регистар на улици и куќни броеви. | 2024-2026 | Обука на преостанати 4 ЕЛС и на Градот Скопје.<br><br>Теренска посета на ЕЛС за контрола на процесот на валидација на теренските прибраните податоци за улици и куќни броеви.<br><br>Одржување на дополнителни обуки за користење на графичкиот регистар за улици и куќни броеви во просториите на Агенцијата и на лице место. | - Во периодот од 14-ти до 16-ти мај 2024 година во просториите на Агенцијата за катастар на недвижности (АКН) се одржа дополнителна обука за потврдување на теренско прибраните податоци за улици и куќни броеви. На дополнителната обука присуствуваа претставници од Општините Демир Хисар, Прилеп, Кратово, Битола, Центар Жупа, Петровец, Крушево, Македонски Брод, Демир Капија, Сопиште, Радовиш, Тетово и Брвеница.<br>- Во 2024 година претставници од АКН ја посетија Општина Чашка која целосно го заврши процесот на потврдување на теренско прибраните податоци за улици и куќни броеви и го воспостави Адресниот регистар на територија на Општина Чашка. | АКН | Реализирана активност |

| **Приоритет 4.2: Унапреден квалитет и зголемен опфат на население со комунални услуги** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 4.2.1: Подготовка на 4 - 8 или повеќегодишни инвестициски планови со специфични проектни пакети и техничка и финансиска документација (Investment pipeline), засновани на студии на економска оп** | | | | | | |
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2.1.1. | Подготовка на повеќегодишни инвестициски планови за развој на комуналната инфраструктура (со специфични проектни пакети и техничка и финансиска документација). | 2024 - 2026 | Подготвени се инвестициски планови поврзани со инфраструктурата за водни услуги, управување со отпад и локални патишта на централно и локално ниво. | | МТ, МЖСПП | |

| **Мерка 4.2.2: Систематско и постепено водење на процес на окрупнување на давателите на водни услуги и управителите со отпад преку регионализација и воспоставување на меѓуопштински јавни претпријати** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2.2.1. | Подготовка на функционална анализа и студии (елаборати) за економска оправданост за окрупнување на давателите на водни услуги и врз основа на наодите и препораките, подготовка на целосна документација за воспоставување на меѓуопштински јавни претпријатија за водни услуги. | 2024 - 2026 | Подготвена е целосна документација за воспоставување на минимум едно окрупнето ЈКП - давател на водни услуги. | На 20 мај официјално започна спроведување на проектот „Дополнителна поддршка за имплементација на реформите во водниот сектор“, со цел унапредување на водните услуги преку реорганизација на јавните комунални претпријатија, подобрување на тарифниот систем и воведување на интер-општинска соработка.<br>Проектот се фокусира на три главни резултати:<br>1. Реорганизација на водните услуги во кластери по речни сливови, со поддршка од Министерството за животна средина.<br>2. Спроведување на принципите „загадувачот плаќа“ и „целосно покривање на трошоци“, под координација на РКЕ.<br>3. Операционализација на интер-општински водни услуги во пилот подрачја, со поддршка од АДКОМ.<br>Планираните активности вклучуваат изработка на стратегии, подобрување на тарифниот механизам, воспоставување систем за бенчмаркинг, јакнење на капацитетите на ЈКП и изработка на планови за кластеризација.<br>Проектот има за цел да обезбеди поефикасни, достапни и одржливи водни услуги на национално и локално ниво. | ЕЛС, АДКОМ, ЈКП | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2.2.2. | Воспоставување на меѓуопштински јавни претпријатија за управување со отпад (само за управување со регионалните депонии или за интегрално управување со отпадот на ниво на плански регион врз основа на претходно подготвена функционална анализа и елаборат за економска оправданост). | 2024 - 2026 | Воспоставени вкупно 5 заеднички јавни претпријатија на општините за управување со регионалните депонии или интегрално управување со отпадот. | Воспоставено е заедничко ЈКП „Русино – Полог“, оператор на депонијата Русино во Полошкиот плански регион и меѓуопштинско ЈКП „Еко Исток-Североисток“ за управување со регионална депонија за уште два региони: Североисточен и Источен. Во подготовка е документација за воспоставување на меѓуопштинско јавно претпријатие и за Југоазападен и Пелагониски регион кое ќе оперира со регионалната депонија во Новаци и 3 претоварни станици. | ЕЛС, АДКОМ, ЈКП | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2.2.3. | Воспоставување на преработувачки центри за отпад во рамки на Регионалните центри за управување со отпад, во кои организирано ќе се врши секундарна селекција, добивање енергија и материјали од преработување на отпадот, добивање биогориво и намалување на количините на отпад што се депонираат | 2024 – 2026 | Воспоставени се преработувачки центри за отпад во рамки на Регионалните центри за управување со отпад, | Во тек е тендерска постапка за проектирање и градба на регионалната депонија во Свети Николе, каде е предвидено да има секундарна селекција и механичко-биолошки третман на отпадот. Почеток на работите се планира за втора половина од 2026 година. | ЕЛС, АДКОМ, ЈКП | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2.2.4. | Подготовка и спроведување на интегрална Програма со мерки (мапирање и подготовка на техничка документација на постоечката состојба, прецизно утврдување на трошоците за управување и одржување) за пренесување на руралните системи за водоснабдување со коишто управуваат локалните заедници а се изградени од самите жители по пат на самопридонес или во комбинација со донации на целосно | 2024 – 2026 | Подготвена е и спроведена интегрална Програма со мерки за пренесување е на 25% од руралните системи со коишто управуваат локалните заедници за водоснабдување на општинските ЈКП. | Согласно законската регулатива водоводни мрежи кои се изградени со месен самопридонес на жителите треба да се предадат на управување на јавните комунални претпријатија врз основа на договор склучен меѓу Советот на општината и Советот на месните заедници.<br><br>АДКОМ повеќе години укажува на констатираните состојби по однос на превземање на водоводите изградени со месен самопридонес на жителите.<br><br>Проблемите со кои се соочуваат Јавните комунални претпријатија е тоа што до крај не е уредено управувањето со водоснабдителниот систем. Во еден дел е затекната стара состојба каде со водоснабдителниот систем управуваат месните заедници. Според Законот за води тоа не е дозволиво. Проблемот е во здравствената исправност на водата за пиење. Анализите на Центарот за јавно здравје покажуваат дека не се врши квалитетно и навремено хлорирање на водата.<br><br>Постои потреба од измена на законските одредби, односно на поинаков начин да се регулира предавањето на одржување на селски водоводи.<br><br>•Предавањето да биде дозволено само со комплетна документација за постоечката мрежа и валидна дозвола за користење на вода<br>•Постојните изворишта на вода (изворишта, каптажи, бушотини) кои веќе се користат за водоснабдување на питка вода од страна на ЈКП – да се предадат на управување на ЈКП, откако претходно ќе се експроприраат ваквите изворишта – каптажи, бушотини.<br>•Во тие рамки е потребно да се дефинираат Правила и услови за користење на питката вода и начинот на добивање на Дозвола за користење<br>•Владата на РСМ, како државен орган треба да има исклучиво право да одлучува за правата над определено извориште. Такво право не треба да имаат ниту физичките лица ниту единиците на локалната самоуорава.<br><br>Сметаме дека овие проблеми бараат итно решавање и имплементација на посочените решенија. | ЕЛС, АДКОМ, ЈКП | Активноста е во тек |

| Мерка 4.2.3: Воспоставување на економска регулација на тарифи и цени на комунални услуги кои го одразуваат реалниот целосен циклус на оправдани трошоци како и систем со национални одредници за ра | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на активн** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2.3.1. | Подготовка и донесување на Методологија за воспоставување на тарифи што го одразуваат реалниот целосен циклус на трошоците за управување со комунален отпад. | 2024 - 2026 | Воспоставена е економска регулација на тарифите за услугите поврзани со управување со комунален отпад. | Постапката за донесување на Методологијата за тарифи за услугите за управување со комунален отпад сеуште трае имајќи во предвид дека се изготвува во рамки на проект финансиран од МЖСПП преку EBRD и SEKO и се чека од консултантите за одржување на наредни состаноци. По донесување на Законот за управување со отпад, Регулаторната комисија за енергетика пристапи кон изготвување на актите кои произлегуваат од законот, но поради комплексноста на материјата увиде дека е потребно доуредување на определени делови кои ќе придонесат за изготвување на поквалитетен акт, и со тоа побара од МЖСПП да предложи измена на постојниот Закон и продолжување на роковите за примена на истиот.<br>Динамиката на изготвување на овие подзаконски акти зависи од проектните временски рамки и од новите законски измени. | РКЕВУ | Активноста не е започната |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2.3.2. | Создавање на интегрален систем со национални одредници за работењето на општинските ЈКП (започнувајќи со ЈКП кои даваат водни услуги). | 2024 - 2026 | Воспоставен е систем со национални одредници за работењето на општинските ЈКП – даватели на водни услуги. | Во рамките на напорите за стандардизација, дигитализација и зголемување на ефикасноста на јавните комунални претпријатија, особено во секторот за водни услуги, АДКОМ има започнато неколку стратешки активности кои се директно поврзани со воспоставување на интегрален систем со национални одредници.<br>1. Преглед и унификација на процедури<br>Во тек е сеопфатен преглед на постојните процедури кои се применуваат од страна на јавните комунални претпријатија, со цел утврдување на заеднички пракси и изработка на унифицирани процедури. Ова се однесува на административните, техничките, оперативните и комерцијалните аспекти од работењето на ЈКП, вклучително и процедури поврзани со управување со корисници, интервенции на терен, наплата, одржување на мрежа и документација.<br>2. Развој на универзален софтвер за управување со средства<br>Активно бараме решение за универзален информатички систем (софтвер) за управување со капитални ресурси на претпријатијата. Целта е да се овозможи:<br>• единствен начин на евиденција и следење на средствата;<br>• подобра интероперабилност помеѓу ЈКП и државните институции;<br>• олеснета анализа и извештаи на национално ниво.<br>3. Воведување на индикатори за мерење на перформансите<br>АДКОМ има започнато процес на дефинирање на клучни индикатори за перформанси (KPIs) кои ќе овозможат следење, споредба и анализа на работењето на ЈКП на објективна основа. Пример за вакви индикатори се:<br>• процент на технички загуби на вода,<br>• просечна наплата на услуги,<br>• просечно време на интервенција итн.<br>Оваа активност ќе се интензивира дополнително во текот на оваа година, со цел поставување на основа за редовно известување и управување врз основа на резултати.<br>4. Усвоена Стратегија за дигитализација (2025–2030)<br>Во 2024 година беше изготвена и усвоена петгодишна Стратегија за дигитализација, со која се дефинираат насоките и чекорите за трансформација на јавните комунални претпријатија кон современи, технолошки поддржани и поврзани субјекти. Стратегијата опфаќа аспекти како:<br>• автоматизација на процесите;<br>• развој на онлајн услуги за корисници;<br>• подигнување на ИКТ капацитетите;<br>• воведување на системи за управување со податоци;<br>• заштита на информации и сајбер безбедност<br><br>Овие активности претставуваат основа за понатамошно воспоставување на интегрален, национално усогласен систем за работење на јавните комунални претпријатија, со фокус на водните услуги. | ЕЛС, АДКОМ, МЖСПП, ЈКП | Активноста е во тек |

| **Мерка 4.2.4: Општинските ЈКП значително да ги подобрат сопствените информациски и управувачки практики и системи** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2.4.1. | Подготовка и спроведување на интегрална Програма за методично водена транзиција на управувачките процеси на ЈКП од годишно кон бизнис планирање и буџетирање за период од три и повеќе години усогласено со барањата на регулацијата на цени на водните услуги но и другите комунални услуги. | 2024 - 2026 | Подготвена е и спроведена интегрална Програма за подобрување на управувачките процеси во минимум 20 општински ЈКП. | АДКОМ редовно врши анализа за тоа со какви долгови и побарувања се соочуваат јавните комунални претпријатија и апелира до сите надлежни институции. Целта е да се даде еден поголем преглед на долговите кои ги имаат јавните комунални претпријатија, да се претставаат можностите кои можат да се стават на располагање за намалување на долговите и побарувањата изразени преку изнаоѓање на законски решенија.<br>Една од причините поради која комуналните претпријатија имаат големи долгови е тоа што тешко ги наплатуваат своите побарувања за дадените услуги, поради фактот што се ставени во позиција да го штитат социјалниот мир во државата, а од друга страна поради тоа, од доверители тие самите стануваат должници, посебно кон државните институции.<br>Интересен е фактот што најголемиот дел од јавните комунални претпријатија западнати во долгови се најголеми должници на државните институции, како и тоа дека нивни најголеми должници се токму дел од тие државни институции и установи.<br>За таа цел АДКОМ смета дека за постигнување на подобра искористеност на човечките и техничките ресурси на ЈКП треба заедничка и координирана соработка на Централната власт со локалната власт, со цел да се создадат законски можности за: а) деблокирање и конечно ослободување од долговите кои ЈКП ги носат години и години station наназад; б) за јакнење на финансиските капацитети на ЈКП, а се со цел да се задоволат потребите на граѓаните и да се подигнат комуналните услуги на едно поинакво и повисоко ниво. Ова се цели за кои АДКОМ како претставник на сите комунални претпријатија и нејзините членки се залагаат веќе подолг временски период. | ЕЛС, АДКОМ, ЈКП | Активноста е во тек |

| Мерка 4.2.5: Обезбедување консензус кај локалните чинители за сите локации за регионални депонии и целосно воспоставување на инфраструктура за управување со отпад на ниво на плански региони вклучу | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2.5.1. | Воспоставување на инфраструктура за управување со отпад во сите плански региони. | 2024 - 2026 | Целосно воспоставена инфраструктура за управување со отпад во сите плански региони. | | ЕЛС, ЈКП, МОУО | |
| 4.2.5.2. | Подготовка на локални планови за спречување на создавањето на отпад во согласност со повисоките плански документи и креирање на систем за стимулирање на примарната селекција на изворот на создавање на отпадот и секундарна селекција. | 2024 - 2026 | Изготвени се локални планови како интегрален дел од општинските планови за УО во минимум 10 ЕЛС. | | ЕЛС, ЈКП, МОУО | Активноста е во тек |

| Мерка 4.2.6: Континуирано спроведување мерки за јакнење на јавната свест низ соработка со здруженија основани од физички лица | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2.6.1. | Развој и спроведување на програми за едукација и информирање на локалното население и деловните субјекти за мерките за спречување на создавање на отпад. | 2024 - 2026 | Минимум 10 ЕЛС спроведуваат програми за едукација и информирање на локалното население и деловните субјекти за мерките за спречување на создавање на отпад. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 32 од 65 општини (49%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека спроведуваат програми за едукација и информирање на локалното население и деловните субјекти за мерките за спречување на создавање на отпад. | ЕЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2.6.2. | Јакнење и поддршка на локални иницијативи за транзиција кон циркуларна економија, вклучувајќи воспоставување конкретна соработка на приватниот сектор со општините, ЈКП и локалните заедниците, со цел да се поттикне споделување на производи и опрема, нивна повторна употреба, пренамена и сл. | 2024- 2026 | Спроведени се локални иницијативи за поддршка на транзицијата кон циркуларна економија во минимум 10 ЕЛС. | Министерството за економија и труд во 2024 година обезбеди буџет од 6.000.000 денари за реализација на Мерка 2 - „Воведување и унапредување на концептот на циркуларна економија“ согласно Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2024 година. За оваа мерка беше објавен и Јавен повик за надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за воведување и унапредување на концептот на циркуларна економија на 25.10.2024 година. Предмет на Јавниот повик беше надоместување на 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 350.000 денари поединечно за секој барател. Се надоместуваа докажаните трошоци за следните активности на деловните субјекти: Развивање и примена на циркуларни бизнис модели и/или организациони системи кои водат кон намалување на отпадот во понатамошниот процес за реализирање на проектот; Развивање на нови производи од рециклирани или секундарни суровини; Набавка на дробилица за дробење на разни користени производи со цел нивно повторно вклучување во процесот на производство како репроматеријал и Набавка на мали линии/машини за селекција на отпад за потребите на правни лица, кои имаат дозвола за управување со отпад.<br><br>Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 18 од 65 општини (28%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека спроведуваат спроведуваат локални иницијативи за поддршка на транзицијата кон циркуларна економија. | ЕЛС | Активноста е во тек |

| Мерка 4.2.7: Реорганизирање на комунално-редарската служба во единиците на локалната самоуправа | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| Приоритет 4.3: Локализирање на климатската акција и подобрена заштита на животната средина и природата | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 4.3.1: Унапредување на нормативната рамка и националните политики од областа на животната средина и климатските промени, доуредување на надлежностите на општините во насока на поголема а** | | | | | | |
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.1.1. | Подготовка и донесување на Закон за климатска акција. | 2024 | Донесен е Закон за климатска акција. | | МЖСПП | |
| 4.3.1.2. | Подготовка и донесување на нов петгодишен Национален План и Национална Програма за обезбедување квалитет на амбиентниот воздух. | 2024 – 2026 | Донесен е нов Национален План и Национална Програма за обезбедување квалитет на амбиентниот воздух. | | МЖСПП | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.1.3. | Донесување на Законот за контрола на индустриски емисии и унапредување на стандардите поврзани со квалитет на горива, превозни средства и индустриски емисии. | 2024 - 2025 | Донесен е Закон за контрола на индустриски емисии и подзаконските акти кои што произлегуваат од него. | Со донесување на Законот за контрола на индустриски емисии ќе се овозможи:<br>- создавање на рамка со која ќе се овозможи намалување на негативните влијанија предизвикани од вршењето на дејностите и активностите што се спроведуваат во инсталациите и постројките преку делување во изворот на загадувањето и негово следење со мерки на мониторинг;<br>- обезбедување на соодветен интегриран пристап за спречување и контрола на емисиите во воздухот, водата и почвата, спречување или намалување на создавањето отпад и намалување на нивото на бучава, постигнување енергетска ефикасност и спречување на настанување несреќи во инсталациите и постројките што вршат индустриски активности;<br>- обезбедување на еднакви услови за работа на инсталациите и постројките при што контролата на емисиите во животната средина ќе соодветствува на видот на дејноста или активноста што се вршат во истите;<br>- остварување на начелото загадувачот плаќа, при што загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина и да ги плати трошоците за ремедијација, преку обезбедување на висок степен на заштита на животната средина и здравјето на луѓето;<br>- обезбедување на учество на јавноста во донесувањето на одлуки при издавањето на интегрираните еколошки дозволи и донесување на општи обврзувачкибарања;<br>- обезбедување на неопходната транспарентност во работењето на инсталациите и постројките кои се од значање за животната средина;<br>- воспоставување на еквивалетни барања за заштита на животната средина за сите инсталации или постројки, согласно влијанието што го имаат од вршењето на дејноста или активност.<br>Законот за контрола на индустриски емисии се заснова на начелата чија основа е утврдена во Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22 и 171/22. | МЖСПП | Реализирана активност |
| 4.3.1.4. | Донесување на Закон за заштита на природното и културно наследство на Охридскиот регион. | 2024 | Донесен е Законот. | | МЖСПП | |
| 4.3.1.5. | Подготовка и донесување на нов Закон за природа. | 2024 - 2025 | Донесување на нов Закон за природа. | | МЖСПП, МЗШВ | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.1.6. | Изработка и донесување на Правилник за плаќање на екосистемски услуги (ПЕУ) вклучувајќи и методологија и упатства за примена на механизмот. | 2024 - 2025 | Донесен е Правилник со методологија за ПЕУ. | | МЖСПП | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.1.7. | Операционализација на Фондот за енергетска ефикасност во рамките на Развојната банка на Северна Македонија, низ подготовка на деловник за работа на Фондот и подготовка на проектно портфолио и Стратегија за енергетска ефикасност за обновување на згради. | 2024 - 2025 | Донесен е деловник за работа на Фондот, подготвено е проектно портфолио и Стратегија за енергетска ефикасност за обновување на згради. | за воспоставување на Фондот за енергетска ефикасност потпишан е Договорот за заем на ден 27 Април 2021 година помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка) како услов позајмувачот да може да ги користи средствата од заемот во износ од 5 милиони евра за воспоставување на Фонд за енергетска ефикасност, каде во делот под компонента 3 предвидено е меѓу другото Фондот за енергетска ефикасност да биде основан под услови и на начин прифатлив за Светска банка.<br><br>Друг услов кој е предвиден со Договорот за заем за користење на овие средства е помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Фондот за енергетска ефикасност (ФЕЕ) да се склучи субсидијарен договор (каде ќе се уредат условите за користење на 5 милиони евра од Светска банка) на начин кој е прифатлив за Светска банка.<br>Претходно наведените два услова во изминатата година и половина, по донесување на Законот за измена и дополнување на Законот за Развојна банка на Северна Македонија (Сл.весник на РСМ бр. 209/2023) станаа спорни од причина што за Светска банка Фондот за енергетска ефикасност во рамките на РБСМ нема статус на правно лице. РБСМ како правно лице во чии рамки се организира Фондот за енергетска ефикасност е единствен правен субјект кој може да биде потписник на овој договор.<br><br>Поради тоа, во тек се измени на Договорот за заем од 2021 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), со кој на РБСМ ќе и се даде легитимитет преку Фондот за енеретска ефикасност да ја спроведе компонентата 3 од Договорот за заем.<br>На ден 27.09.2023 година Министерството за финансии објави проспект за зелена обврзница во износ од 600.000.000 денари, со намена средствата од аукцијата да бидат за финансирање на Фондот за енергетска ефикасност при Развојна банка, со цел истите да се користат за финансирање на инвестиции за енергетска ефикасност преку одобрување на кредити, издавање гаранции и одобрување грантови.<br>Овие средства од страна на Министерството за финансии беа префрлени на ден 23.12.2023 година, на посебната наменска сметка на Фондот за енергетска ефикасност, која РБСМ ја отвори во Народна банка на Северна Македонија согласно член 13-з од Законот за изменување и дополнување на Законот за Развојна банка на Северна Македонија.<br>Состојбата на средствата е иста, односно средствата на посебната наменска сметка не се искористени, ниту можат да се користат од страна на РБСМ се додека не е уреден правниот основ за користење на средствата од наменската сметка на Фондот за енергетска ефикасност. Правен основ за користење на овие средства е Договорот кој согласно член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Развојна банка на Северна Македонија треба да се склучи помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Развојна банка на Северна Македонија, а во кој ќе се утврдат условите под кои ќе се одобруваат кредитите, издаваат гаранциите и одобруваат грантовите од средствата на Фондот за енергетска ефикасност за исполнување на целите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија од член 5 од Законот за енергетска ефикасност. Овој договор не е потпишан бидејќи пред потпишување на истиот претходи потпишување на субсидијарниот договор. За да се потпише субсидијарниот договор потребно е исполнување на следните чекори:<br>1. Измена на Договорот за заем склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој каде ќе се препознае РБСМ како потписник на субсидијарниот договор, односно како имплементатор на под компонента 3 од Договорот за заем (наместо Фондот за енергетска ефикасност кој нема својство на правно лице). На ден 30.05.2025 година се одржаа преговори со сите засегнати институции за измена на Договорот за заем, односно потпишување на Анекс на Договорот за | Развојна Банка на РСМ | Активноста не е започната |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.1.8. | Формирање на Фонд за животна средина во кој ќе се слеваат сите средства кои граѓаните и правните лица ги уплаќаат како еколошки такси, надоместоци за животна средина и други еколошки давачки | 2024 - 2025 | Формиран е Фонд за животна средина | | МЖСПП | |
| 4.3.1.9. | Подготовка и донесување на нов Закон за минерални суровини. | 2024 | Донесен е Законот. | Во моментот Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини врз основа на Закон за минерални суровини подготвува два нови посебни закони : Закон за рударство и Закон за геологија, истите се во подготовка во работните групи, по изготвувањето истите ќе бидат објавени на ЕНЕР | МЕРМС | Реализирана активност |

**Мерка 4.3.2: Сеопфатно јакнење на капацитетите на локалните институционални чинители искористувајќи ги притоа законските можности за воспоставување на заедничка администрација на општините кои н**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.2.1. | Подготовка и спроведување на сеопфатна програма за развој на административниот капацитет на општините и општинските ЈКП за спроведување на законодавството, процедурите и стандардите поврзани со заштитата на животната средина и природата. | 2024 - 2026 | Подготвена е и спроведена сеопфатна програма за развој на административниот капацитет на минимум 30% од ЕЛС и општинските ЈКП. | Формирана нова Комисија за животна средина и комунални дејности при ЗЕЛС<br><br>Мрежата за животна средина и климатска акција и енергетска ефикасност имаа советување во однос на новите законски измени и дискутираа за предизвиците од областа<br><br>ЗЕЛС редовно го спроведува Планот за обуки по одделни области | ЕЛС, ЗЕЛС | Реализирана активност |
| 4.3.2.2. | Воспоставување на заедничка администрација за заштита на животната средина и природата на општините кои немаат доволно човечки ресурси. | 2024 - 2026 | Воспоставени се уште минимум три облици на МОС. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 12 од 65 општини (18%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека воспоставиле меѓуопштинска соработка на заедничка администрација за заштита на животната средина и природата | ЕЛС | Активноста е во тек |

| Мерка 4.3.3: Продлабочена координација и соработка на државата со единиците на локалната самоуправа, оформување на соодветна и комплексна инвестициска програма за намалување на аерозагадувањe | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |
| 4.3.3.1. | Подготовка и спроведување на плановите за квалитет на амбиентниот воздух на ЕЛС. | 2024 - 2026 | Се спроведуваат планови во минимум 20 ЕЛС. | Во рамките на проекот „Справување со загадувањето на воздухот “, финансиран од Шведска, кој го спроведува УНДП во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање, во текот на извештајниот период се спроведени следните активности и резултати:<br>1. Надградени четири веќе постоечки локални планови за квалитет на воздухот за општините Кавадарци, Куманово, Гостивар и Струга. Овие планови се испратени на преглед и одобрување во МЖСПП, по што ќе следи усвојување од општинските совети;<br>2. Изработка на нов локален план за квалитет на воздухот за Општина Струмица (2025-2029). Овој план е испратен на преглед и одобрување во МЖСПП, по што ќе следи усвојување од општинскиот совет;<br>3. За надградба и подготовка на плановите беа организирани 10 форуми на заедниците, кои активно ги вклучија локалните заедници во дискусиите за предлог мерките за унапредување на квалитет на воздух и избор на приоритетна мерка која треба да се спроведе во секоја општина.<br>4. Плановите беа исто така ставени на јавна расправа. Дадените сугестии за нивно подобрување беа земени предвид при финализирањето на документите.<br><br>Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 22 од 65 општини (34%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат и спроведуваат план за квалитет на амбиенталниот воздух. | ЕЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.3.2. | Подготовка и спроведување на обуки за вработените во ЕЛС за спроведување на постапки за оцена на влијанието врз животната средина од планови, програми и проекти како и за водење на постапки поврзани со издавање на Б еколошки интегрирани дозволи. | 2024 - 2026 | Спроведени се обуки за вработените во минимум 30% од ЕЛС. | | ЕЛС, ЗЕЛС | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.3.3. | Надградба и одржливо управување со националната мрежа за мониторинг на квалитетот на воздухот. | 2024 - 2026 | МЖСПП континуирано врши одржување на Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот , во согласност со расположливите резервни делови и потрошни материјали.<br><br>Секоја година се подготвува и спроведува Програмата за работа на Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух. | | МЖСПП | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.3.4. | Спроведување консултации со општините (ЗЕЛС) околу најсоодветниот модел за изградба на дистрибутивни мрежи на природен гас. | 2024 - 2026 | Во наредниот период Владата на Република Северна Македонија ќе избере соодветен модел за изградба на гасна дистрибутивна мрежа со заинтересираните приватни инвеститори. | Во наредниот период Владата на Република Северна Македонија ќе избере соодветен модел за изградба на гасна дистрибутивна мрежа со заинтересираните приватни инвеститори. | ЕЛС, МЕРМС | Активноста не е започната |

**Мерка 4.3.4: Заострување на прекршочната и казнена политика**

| Бр. | Назив на акти | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.4.1. | Кадровско и техничко зајакнување на општинските служби за инспекциски надзор во животната средина и зајакнување на Државниот инспекторат за животна средина. | 2024 - 2026 | 70% од општините имаат назначено општински инспектори за животна средина. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 38 од 65 општини (58%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат назначено општински инспектори за животна средина.<br><br>Поради незадоволителни резултати во однос на спроведувањето на законодавството од областа на животната средина на локално ниво од 2005 година кога е започната децентрализацијата до 2025 година, врз основа на повеќе извештаи од ЕУ Твининг Проект 2015-2016 година за зајакнување на административниот капацитет за спроведвање на законодавството за животната средина со кој координираше ДИЖС, Извештај на Фондација Конрад Аденауер за инспекцискиот систем за животна средина на локално ниво, ккао и извептајот на НВО Инфоцентар за состојбата со ооштинските-овластените инспектлри за животна средина, Владата на РСМ во Стратешкиот План за работа 2024-2028 утврди дека е потребно да се формира единствено тело за спроведување на законодавството од областа на животната средина. | ЕЛС, МЖСПП, ДИЖЗ | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.4.2. | Заострување на казните и прекршоците во целокупното законодавство за животна средина. | 2024 | Измени и дополнувања на Законот за прекршоци со цел законите од областа на животната средина да бидат усогласени со Законот за прекршоци. | | МЖСПП | |

| **Мерка 4.3.5: Воспоставување и водење на зелена даночна, урбанистичка, сообраќајна и транспортна политика на државно и локално ниво** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.5.1. | Интегрирање на заштитата на животната средина во другите секторски политики на национално ниво (земјоделство, транспорт, енергетика, индустриска политика итн.) со цел да се создадат предуслови за усогласување на локалните развојни стратегии и планови за заштита на животната средина. | 2024 - 2026 | Заштитата на ЖС и природата е доследно интегрирана во целите, приоритетите и мерките на другите секторски политики на национално ниво. | | Национален Совет за одржлив развој, МЖСПП | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.5.2. | Воведување зони со ниска емисија, локални политики на паркирање во загадени зони, поинтензивно зазеленување на населените места и воспоставување зелени зони, коридори и бариери околу индустриските капацитети и фреквентни сообраќајници. | 2024 - 2026 | Мерките се применуваат во минимум 20% до ЕЛС. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 8 од 65 општини (12%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека воспоставиле зони со ниска емисија, локални политики на паркирање во загадени зони, поинтензивно зазеленување на населените места и воспоставување зелени зони, коридори и бариери околу индустриските капацитети и фреквентни сообраќајници. | ЕЛС | Активноста е во тек |

**Мерка 4.3.6: Поефикасна координација на сите чинители и институционална интеграција а со цел да се надмине фрагментираноста на надлежностите од областа на управувањето со водите**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.6.1. | Подготовка на функционална анализа и студија за оправданост за формирање на Агенција за води или друго институционално решение за постепено интегрирање на надлежностите (намалување на нивната фрагментираност)и уредување на соработката со ЕЛС. | 2024 - 2026 | Подготвена е детална функционална анализа. | | МЖСПП | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.6.2. | Финализирање и усвојување на плановите за управување со подрачја на сите речни сливови. | 2024 - 2026 | Донесена Водостопанска основа. По донесувањето на Водостопанската основасе донесени сите планови за управување со речните сливови. | | МЖСПП | |

**Мерка 4.3.7: Решавање на наследените индустриски загадувања и ревитализација на деградираните простори во општините**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.7.1. | Воспоставување системски пристап преку подготовка на соодветна програма, мобилизирање на доволно финансиски ресурси, подготовка на техничка и финансиска документација за санација на контаминираните подрачја (индустриските „жешки точки“). | 2024 - 2026 | Санирани се приоритетните 5 жешки точки. | | МЖСПП | |

**Мерка 4.3.8: Унапредување на управувањето со заштитените подрачја и преку воспоставување облици на меѓуопштинска соработка**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.8.1. | Спроведување активности за валоризација на заштитените подрачја, нивно систематско и методично репрогласување и прогласување на нови заштитени подрачја со доследно вклучување на ЕЛС во поврзаните постапки. | 2024 - 2026 | Прогласени се дополнителни минимум 4 заштитени подрачја. | | МЖСПП | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.8.2. | Идентификување управители од засегнатите страни на локално ниво и навремена и квалитетна подготовка на плановите за управување со заштитените подрачја од пониските категории. | 2024 - 2026 | Назначување на уште минимум пет управители - ЕЛС или здруженија основани од физички лица на локално ниво. | | МЖСПП | |
| 4.3.8.3. | Воспоставување на облици на меѓуопштинска соработка за управување со заштитени подрачја чии граници се преклопуваат со границите на две и повеќе општини. | 2024 - 2026 | Воспоставен е минимум еден облик на МОС за управување со заштитени подрачја. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 5 од 65 општини (8%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат воспоставено МОС за управување со заштитени подрачја | ЕЛС | Активноста е во тек |

**Мерка 4.3.9: Развој и спроведување на општински програми за енергетска ефикасност искористувајќи ги можностите за воспоставување на соодветни облици на меѓуопштинска соработка**

| Бр. | Назив на активност | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.9.1. | Воспоставување на заеднички административни тела на општините за енергетско управување/ефикасност (согласно со Законот за меѓуопштинска соработка). | 2024 - 2026 | Воспоставени се минимум уште три облици на МОС. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 6 од 65 општини (9%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат воспоставено заеднички административни тела на општините за енергетско управување/ефикасност, согласно законот за Меѓуопштинска соработка | ЕЛС | Активноста е во тек |

**Мерка 4.3.10: Систематски и посилни вложувања во енергетската ефикасност**

| Бр. | Назив на активност | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.10.1. | Планирање и спроведување на зајакнат инвестициски циклус за енергетска ефикасност на јавните објекти во сопственост на општините, локалните установи и ЈКП. | 2024 - 2026 | Зголемени се инвестициите во ЕЕ во ЕЛС за 20%. | Согласно законската обврска за доставување на годишни планови за спроведување на програмите за енергетска ефикасност на единиците на локална самоуправа, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини доставен е само 1 годишен план од страна на Општина Кисела Вода. Согласно наведеното Министерството нема информација кои и колку мерки за енергетска ефикасност се стимулирани со финансиски средства од сопствениот буџет на единиците на локална самоуправа.<br><br>Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 36 од 65 општини (55%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат план за енергетска ефикасност на јавните објекти во сопственост на општините, локалните установи и ЈКП | ЕЛС, ЗЕЛС, МЕРМС, АЕ | Активноста е во тек |

**Мерка 4.3.11: Воспоставување на ефективни механизми за учество на јавноста, пристап до информации, пристап до правда за еколошки прашања и известување за животната средина и зајакнување на админ**

| Бр. | Назив на активност | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.11.1. | Оценка на ефективноста на постоечките механизми за учество на јавноста, пристап до информации, пристап до правда за еколошки прашања и известување за животната средина од страна на ЕЛС. | 2024 | Направен е интегрален Извештај со оценка на ефективноста на постоечките механизми во ЕЛС. | | МЖСПП | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.11.2. | Подготовка и спроведување на Акциски план за адресирање на воочените предизвици и унапредување на механизмите за учество на јавноста, пристап до информации, пристап до правда за еколошки прашања и известување за животната средина од страна на ЕЛС. | 2025 - 2026 | Подготвен е АП и започнато е негово спроведување во 2023 година. | | МЖСПП | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.11.3. | Креирање и ставање во функција на ИКТ алатки со цел податоците за квалитетот на животната средина и степенот на загадување да им бидат достапни на граѓаните во реално време. | 2024 - 2026 | Креирани се’ и ставени во функција минимум две ИКТ алатки. | | МЖСПП | |

**Мерка 4.3.12: Доследна и континуирана оперативна поддршка од страна на единиците на локалната самоуправа за сите партиципативни тела во општините преку овозможување соодветни просторни и техни**

| Бр. | Назив на акти | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.12.1. | Воведување на одредба во Законот за животната средина за создавање на партиципативно тело за заштита на животната средина и природата во секоја ЕЛС (преформулирање на одредбата за тело за следење на спроведувањето на ЛЕАП). | 2024 - 2026 | Дополнет е Законот за животната средина и создадени се партиципативни тела за заштита на животната средина и природата во 60% од ЕЛС. | | ЕЛС | Активноста не е започната |

| **Мерка 4.3.13: Спроведување кампањи за јакнење на јавната свест кои треба да се реализираат низ директна соработка со здруженијата основани од физички лица а со цел да се јакне транспарентноста и отчет** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.13.1. | Подготовка и спроведување кампањи во ЕЛС низ директна соработка со здруженијата основани од физички лица за подигање на јавната свест кај граѓаните за потребата од целосна заштита на животната средина и природата. | 2024 - 2026 | Минимум 30% од ЕЛС реализирале кампањи во соработка со здруженија основани од физички лица. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 35 од 65 општини (54%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат подготвено и спроведува кампањи низ директна соработка со здруженијата основани од физички лица за подигање на јавната свест кај граѓаните за потребата од целосна заштита на животната средина и природата | ЕЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.13.2. | Изготвување на стратешки карти на бучава за населени места и подрачја од интерес и спроведување на кампањи во соработка со општините за запознавање на засегнатите страни со проблемот со бучавата. | 2024 - 2026 | Подготвени се стратешки карти на бучава во минимум 10 ЕЛС. | | МЖСПП | |

| Мерка 4.3.14: Подигање на јавната свест кај граѓаните за проблемите поврзани со климатските промени со цел да се зголеми адаптивниот капацитет на локалното население и локалното стопанство, а особено | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.14. 1. | Мапирање на најранливите категории од населението, жени, мажи и деца кои би биле најмногу погодени од климатските промени и нивна поддршка во плановите за справување со ризици (од поплави, шумски пожари и други последици на климатските промени) како и воспоставување систем за собирање и анализирање на родово-разделени податоци за животна средина и климатските промени и развивање родови индикатори. | 2024 - 2026 | Извршено е мапирање на најранливите категории од населението по однос на климатските промени во минимум три пилот ЕЛС и воведени се родови индикатори. | | МЖСПП, МЗШВ | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.14. 2. | Подготовка и спроведување на кампањи во ЕЛС низ директна соработка со здруженијата основани од физички лица за подигање на јавната свест за последиците од климатските промени и потребата од планирање и спроведување на мерки за митигација и адаптација. | 2024 - 2026 | Подготвени се и спроведени кампањи низ соработка со здруженија основани од физички лица во минимум 5 ЕЛС. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 35 од 65 општини (54%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека општини започнале или ја реализирале оваа активност. | ЕЛС | Активноста е во тек |

| **Мерка 4.3.15: Овозможување ефикасна климатска акција преку локализирање на одговорот на климатските промени со фокус на најранливите категории од населението кои се и најизложени на штетните еф** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.15.1. | Подготовка и спроведување на обуки за зголемување на капацитетите на општинските администрации за влијанието на климатските промени и потребата од зголемување на урбаната отпорност, како и подобрување на знаењето за климатските појави и поврзаните ризици. | 2024 - 2026 | Реализирани се обуки во минимум 10% од ЕЛС во секоја од наредните три години | | МЖСПП | |

| Приоритет 4.4: Подобрена заштита на населението од кризи и катастрофи | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка 4.4.1: Создавање нормативна рамка и воспоставување ефикасен и функционален систем за превенција, рано предупредување, подготвеност, опоравок и одговор на несреќи и катастрофи, вклучувајќи г** | | | | | | |
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.4.1.1. | Ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општините и Град Скопје од сите ризици и опасности. | 2024 – 2026 | Ажурирани се Процените на загрозеност на подрачјето на општините и Град Скопје од сите ризици и опасности и донесени на советите на ЕЛС. | | ЕЛС, ЦУК, РЦУК | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.4.1.2. | Надградена дигитализација на процесот проценувањето на ризици и опасности преку вклучување на општините во дигиталната платформа за Е- Процена и подобрено донесување на одлуки, планирање и буџетирање, координација и комуникација на локално ниво заради превенција, рано предупредување и справување со кризи. | 2024 – 2026 | Воспоставен „Национален информативен систем за ризици“- веб-базиран Географски информациски систем за просторно и тематско прикажување на посебните елементи од ризиците и опасностите опфатени со Процените за подрачјата на општините и градот Скопје и територијата на Републиката. Надградена платформа Е-Процена , општинската | | ЕЛС, ЦУК, РЦУК | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.4.1.3. | Надградба на системот Е-112. | 2024-2026 | Надградба на системот Е-112 со втора фаза која подразбира целосно заокружување на Европската регулатива со овој број, со која се предвидува сите мобилни фиксни и кабелски оператори да овозможат бесплатно доставување на СМС пораки и соопштенија до сите граѓани кои би се нашле на одредена територија/ подрачје во ризик и опасност | | ЦУК | |

| Мерка 4.4.2: Редовно ажурирање на процените на загрозеност од природни непогоди и други несреќи и на безбедноста од сите видови на ризици и опасности на единиците на локална самоуправа како основ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Назив на актин | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.4.2.1. | Редовно ажурирање на Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи за подрачјето на општините и градот Скопје на сите ЕЛС. | 2024 – 2026 | Ажурирани процени на загрозеност од природни непогоди и други несреќи за подрачјето на општините и градот Скопје со донесени Одлуки на Советот и издадени мислења од ДЗС. | | ЕЛС, ДЗС | |
| 4.4.2.2. | Редовно ажурирање на Плановите за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во сите ЕЛС и градот Скопје. | 2024 - 2026 | Ажурирани планови за заштита и спасување во сите ЕЛС и градот Скопје. Донесени Одлуки на Советот и издадени мислења од ДЗС. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 41 од 65 општини (63%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека општина ги има ажурирано плановите за заштита и спасување. | ЕЛС | Активноста е во тек |

**Мерка 4.4.3: Донесување на стратегии за отпорност на градовите преку развој на сеопфатни политики, мерки и активности за трансформација и адаптација**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.4.3.1. | Континуирано зајакнување на капацитетите на членовите на општинските совети и општинската администрација, локалните установи и ЈКП за управување со кризи и подобрена координација, комуникација и соработка на локално ниво во рамките на системот за управување со кризи. | 2024-2026 | Број на одржани седници и соодветни заклучоци на Регионалните штабови за управување со кризи за ЕЛС. | | ЦУК, РЦУК | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.4.3.2. | Континуирано зајакнување на капацитетите на општинската администрација за рано предупредување и справување со шумски пожари | 2024-2026 | Обуки за користење на МКФФИС верзија 3.5 се спроведени во минимум 30% од ЕЛС. | СВР Битола - во месец Април во ДЗС Битола одржан е работен состанок за зајакнување на капацитетите на општинската администрација на Општините Битола, Новаци и Могила за рано предупредување и справување со шумски пожари на кои покрај, наведените општини зедоа учество и ЦУК, ТППЕ, Јавни пасишта, подрачна единица за земјоделие, шумска полиција, Општинската организација Црвен крст, СВР Битола и Национални шуми Битола, при што се донесени одлуки за координирање и формирање на тимови за справување со ваквите појави.<br>СВР Велес - СВР Велес активно и континуирано дејствува на места каде се вршат земјоделски работи, во насока на предупредување и укажување од последиците од палење оган на отворено, а со цел да се превенира појавата на шумски и пожари на земјоделски површини. Одржани состаноци со ДСЗ и ЦУК.<br><br>СВР Охрид - одржани 2 (два) состаноци со локални совети за превенција, со присуство на ДЗС, ЦУК, Планинска спасителна служба и локални самоуправи во Охрид и Дебрца за мерки за рана детекција и справување со пожари.<br>РЦ за ГР Исток - На 26.03.2025 година, согласно Покана бр. 09-22/4 од 24.03.2025 год. на ДЗС Делчево, во просториите на ПС од ОН Делчево од страна на Началникот на РЦ за ГР Исток и самостоен инспектор за ГН е присуствувано на работен состанок со претставниците на субјектите надлежни за справување и заштита со пожари за територија на општините Делчево и М.Каменица.<br>На 03.04.2025 година во Берово од страна на Командир на ПС за ГН Пехчево и Пом. Командирот на ПС за ГН Пехчево е присуствувано на состанок со ДЗС Берово и со претставниците на субјектите надлежни за справување и заштита со пожари за територија на општините Берово и Пехчево.<br>На 10.04.2025 година согласно Покана бр. 09-55/2 од 07.04.2025 год. на ДЗС Крива Паланка, во просториите на општина Крива Паланка од страна на Командирот на ПС за ГП и ГН Деве Баир и самостоен инспектор за ГН е присуствувано на работен состанок со претставниците на субјектите надлежни за справување и заштита со пожари за територија на општините Крива Паланка и Ранковце. | ЦУК | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.4.3.3. | Континуирано зајакнување на капацитетите на субјектите на локално ниво и јавните општински установи за справување со ризици и опасности, преку организирање на стручно оспособување и вежбовни активности. | 2024-2026 | Субјектите на системот за управување со кризи се подготвени да се справат со проценетите ризици и опасности на нивното подрачје. Спроведени Обуки за 30 % вработени во ЕЛС и сите субјекти во Системот за управување со кризи на локално ниво. | | ЕЛС, МСПДМ, МОН, ДЗС, МЗ, ЦУК | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.4.3.4. | Зајакнување на јавната свест и знаењето на граѓаните за справување со ризиците и опасностите со посебен осврт на потребите и способностите на ранливите категории на граѓани (реализирање на кампањи и едукативни настани во соработка со експерти и здруженија основани од физички лица). | 2024-2026 | Кампањи за јакнење на јавната свест и едукативни настани се реализиран и во минимум 10 ЕЛС. | | Здруженија основани од физички лица, ЕЛС | |

| Мерка 4.4.4: Подготовка на програма за континуирано градење на капацитетите на општините, соработка со јавниот и приватниот сектор, експертската јавност, како и обезбедување целосна инклузивност и па | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.4.4.1. | Интензивирање на активностите за формирање и целосно пополнување на Просторни сили за заштита и спасување во ЕЛС. | 2024-2026 | Целосно пополнување на Просторни сили за заштита и спасување. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 41 од 65 општини (63%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека ги имаат пополнето сите места на просторни сили за заштита и спасување. | ЕЛС | Активноста е во тек |
| 4.4.4.2. | Континуирано зајакнување на капацитетите на членовите на општинските совети и општинската администрација, локалните установи и ЈКП за управување со кризи на граѓани и добра паралелно со јакнење на јавната свест низ соодветни кампањи. | 2024-2026 | Реализирани се обуки во минимум 40% од ЕЛС | Во изминатите години АДКОМ во неколку наврати успешно ја спроведе Програмата за Безбедност на вода и управување со кризи во Јавните комунални претпријатија за водоснабдување и канализација.Првата имплементација беше реализирана во 2018–2019 година. Втората имплементација беше прилагодена на контекстот на КОВИД-19 во 2020 година, обезбедувајќи континуитет на поддршката за претпријатијата во услови на криза.<br>Во моментов, АДКОМ располага со три Сертифицирани Тренери за оваа Програма, а Програмата се спроведува во соработка со Центарот за управување со кризи-ЦУК.<br>Во тек на 2024 година се започна со подготовки за уште еден циклус на обуки на оваа тема и истите ќе бидат реализирани во тек на 2025 година. | ЕЛС, ЗЕЛС, АДКОМ, ЈКП | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.4.4.3. | Обучување на просторните сили за заштита и спасување во делот на раководење и координирање на активностите на ЕЛС. | 2024 - 2026 | Реализиран и обуки во сите ЕЛС. | | ДЗС | |
| 4.4.4.4. | Целосно опремување на просторните сили за заштита и спасување согласно со утврдениот материјален состав од страна на ЕЛС. | 2024 - 2026 | Најмалку 50% од ЕЛС имаат целосно опремени просторни сили за заштита и спасување. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 12 од 65 општини (18%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат целосно опремување на просторните сили за заштита и спасување согласно со утврдениот материјален состав од страна на ЕЛС. | ЕЛС, ЗЕЛС, ТППЕ | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.4.4.5. | Во функција на превенција, зајакнување на капацитетите на ЕЛС преку спроведување на кампањи по мерките за заштита и спасување и тоа: пожари, поплави, урнатини, неексплодирани убојни средства (НУС), РХБ заштита, евакуација, згрижување на загрозеното и настраданото население, прва медицинска помош – ПМП. | 2024 - 2026 | Реализирани кампањи во минимум 30% од ЕЛС. | | ЕЛС | |

| Мерка 4.4.5: Функционално интегрирање на територијалните противпожарни единици во реформиран интегрален систем за заштита и спасување и управување со кризи преку усогласување на надлежностите | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.4.5.1. | Донесување на Закон за измени и дополнување на Законот за пожарникарство со цел функционално, финансиско и оперативно подобрување на пожарникарството. | 2024 - 2025 | Донесен е законот. | Меѓуресорска работна група формирана од членови и заменици од Министерството за одбрана, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа, Дирекција за заштита и спасување, ЗЕЛС и стручно лице на ТППЕ на Град Скопје, работеше на изработка на предлог измени и дополни на Законот за пожарникарство. Изработен е предлог-закон за измени и дополни на Законот за пожарникарство. Согласно Записник од Осмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 30 јули 2024 година и Дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 17септември 2024 година донесен е заклучок за формирање на нова работна група за изработка на нов закон за пожарникарство, со претставници од следните институции: Министерство за одбрана,Министерство за внатрешни работи,Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство,Министерство за финансии, Министерство за локална самоуправа, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Дирекција за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и надворешен соработник. Формирана е нова работна група. | МО | Активноста е во тек |
| 4.4.5.2. | Подобрување на опременоста и човечките ресурси на противпожарните бригади и единици, преку изградба на објекти и осовременување на постојните, како и набавка на соодветни возила и друг вид опрема. | 2024 - 2026 | Мапирање на потребите на ТППЕ и спроведување на план за подобрување на опременоста и човечките ресурси. | Согласно Записник од Осмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 30 јули 2024 година и Дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 17септември 2024 година донесен е заклучок за формирање на нова работна група за изработка на нов закон за пожарникарство, со претставници од следните институции: Министерство за одбрана ,Министерство за внатрешни работи,Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство,Министерство за финансии, Министерство за локална самоуправа, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Дирекција за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и надворешен соработник. Формирана е нова работна група. | МО | Активноста е во тек |

**Мерка 4.4.6: Воспоставување облици на меѓуопштинската соработка за подготовка и спроведување заеднички практични мерки, активности и обврски на општините вклучувајќи основање на меѓуопштински Т**

| Бр. | Назив на актив | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.4.6.1. | Подобрување на противпожарната заштита преку воспоставување на облици на меѓуопштинска соработка и навремено и целосно исполнување на обврските по овој основ од страна на општините. | 2024 - 2026 | Воспоставени се минимум уште три облици на МОС за пожарникарство. | Во текот на 2025 година во рамките на проектот "Општините како двигател на одржливиот развој" беше распишан Втор отворен повик за меѓуопштинска соработка кој беше поддржан од БРР и отворен за сите општини кои не беа поддржани со Првиот повик. Вкупниот буџет за овој повик изнесува 100.000 УСД, а максималниот износ за кој може да општините може да конкурираат изнесува 30.000 УСД.<br>Приоритетните области во кои општините ќе бидат поддржани да воспостават меѓуопштинска соработка се: финансиско управување, заштита на животната средина, транспортот, превенција, заштита и спасување од природни непогоди и катастрофи предизвикани од човекот, како и во други области што традиционално се предмет на политиката за регионален развој на ЕУ, а со којашто преку МОС значително може да се намалат трошоците за услуги кон граѓаните, како и за општинските буџети. | ЕЛС, ТППЕ | Активноста е во тек |
| 4.4.6.2. | Континуирана промоција на волонтерството и основањето на доброволни противпожарни друштва во општините. | 2024 - 2026 | Основани се доброволни противпожарни друштва во дополнителни минимум 5 ЕЛС. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 34 од 65 општини (52%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека имаат воспоставено доброволни противпожарни друштва | ЕЛС, ТППЕ | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.4.6.3. | Доекипирање на постојните територијални и противпожарни единици за достигнување на минималните пропишани стандарди | 2024 - 2026 | Сите ТППЕ се целосно екипирани и опремени. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 12 од 65 општини (18%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека нивните ТППЕ се целосно материјално опремени. Од друга страна 35 од 54 општини известиле дека нивните општини ги има пополнето сите места на просторни сили за заштита и спасување. | ЕЛС, ТППЕ | Активноста е во тек |

**Приоритет 4.5: Подобрени локални услуги од областа на здравствената заштита**

**Мерка 4.5.1: Понатамошна децентрализација со цел да се зајакне локалниот одговор на здравствени кризи, подобро да се остварува здравствената заштита особено на најранливите групи од населението и да**

| Бр. | Назив на акти | Период | Индикатор н | Краток наративен опис на резултатите | Одговорни | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.5.1.1. | Подготовка на функционална анализа на понатамошната децентрализација на надлежностите за здравствена заштита со цел да се зајакне превенцијата, подготвеноста, одговорот и опоравокот од здравствените кризи на локално ниво. | 2024-2026 | Подготвена е функционална анализа како основ за унапредување на законската рамка. | | МЗ | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.5.1.2. | Унапредување на нормативната рамка за здравствена заштита и поврзани услуги со фокус на воспоставување систем за одржливо финансирање на пренесените надлежности на општините и зајакнат локален одговор на здравствени кризи и пандемии(овозможување ЕЛС да спроведуваат превентивни, оперативни, рестриктивни и други мерки во согласност со локалниот контекст и здравствената состојба на населението). | 2024 -2026 | Зајакнати надлежности на ЕЛС поврзано со управувањето со здравствени кризи и воспоставени фискални инструменти и трансфери кои овозможуваат одржливо финансирање на пренесените надлежности. | | МЗ | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.5.1.3. | Мапирање на најранливите категории на граѓани во здравствени кризи со цел планирање на ефикасна поддршка и помош на тие групи или категории(жени, деца и млади лица, лица со попреченост и корисници на социјална помош). | 2024 - 2026 | Мапирани се најранливите категории на население на здравствени кризи во три пилот ЕЛС. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 14 од 65 општини (22%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека вршат мапирање на најранливите категории на граѓани во здравствени кризи со цел планирање на ефикасна поддршка и помош на тие групи или категории(жени, деца и млади лица, лица со попреченост и корисници на социјална помош) | ЕЛС | Активноста е во тек |

| **Мерка 4.5.2: Овозможување општините да спроведуваат превентивни, оперативни, рестриктивни и други мерки во согласност со локалниот контекст и здравствената состојба на населението** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив на актив** | **Период** | **Индикатор н** | **Краток наративен опис на резултатите** | **Одговорни** | **Статус** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.5.2.1. | Континуирано јакнење на знаењето и јавната свест за здравствената заштита и здравствените кризи на локално ниво, со посебен осврт на потребите и способностите на ранливите категории на граѓани. | 2024 - 2026 | Обуки и кампањи се реализирани во минимум 10 дополнителни ЕЛС. | Во периодот од 2024 до денеска (септември 2025), 22 од 65 општини (34%) кои доставиле одговор за известување за реализација на АП 2024-2026 известиле дека спроведуваат обуки и кампањи за јакнење на знаењето и јавната свест за здравствената заштита и здравствените кризи на локално ниво, со посебен осврт на потребите и способностите на ранливите категории на граѓани | ЕЛС | Активноста е во тек |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.5.2.2. | Засилено учество на општините во следење и идентификување на здравствените потреби на мажите и жените со цел планирање на активности за подобрување на женското здравје (на пример: редовни гинеколошки прегледи и спречување на рак на дојка и др.) и машкото здравје (редовни урολошки прегледи за рано детектирање на рак на простата и др.). | 2024 - 2026 | Превентивен скрининг е реализиран во минимум 10 дополнителни ЕЛС. | На Центрите за јавно здравје, во овој случај Скопје, им се одземени ингеренциите за спроведување на вакви активности со решение на Владата. | МЗ, ЦЈЗ | Активноста не е започната |